Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје

Филозофски факултет

Институт за историја на уметноста и археологија

Насока: Средновековна археологија

# НАКИТОТ ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ПРИЛЕП И НЕГОВИТЕ ЛИКОВНИ ПАРАЛЕЛИ ВО МАКЕДОНСКИОТ СРЕДНОВЕКОВЕН ЖИВОПИС

магистерски труд

Ментор: проф. д-р Елизабета Димитрова

Кандидат: Катерина Росикопулос

Скопје 2024

# Содржина


**1. Вовед** ..... 5

**2. Осврт врз историските прилики (социјални, политички и културни) во средновековна Македонија** ..... 9

**2.1. Осврт врз историските, социјалните и политичките прилики во средновековна Македонија** ..... 9

**2.2. Осврт врз културните прилики во средновековна Македонија** ..... 18

**3. Осврт врз археолошките локалитети во околината на Прилеп** ..... 21

**3.1. Локалитет Задна Река – Грмајте, с. Витолиште, Мариово** ..... 24

**3.2. Локалитет Трпчева Црква, с. Дуње, Мариово** ..... 26

**3.3. Црква Св. Никола, с. Манастир** ..... 30

**3.4. Локалитет Страгата, с. Крушевица, Мариово** ..... 32

**3.5. Локалитет Маркови Кули, Варош** ..... 35

**3.6. Локалитет Гробишта, Варош** ..... 38

**3.7. Локалитет Поткули, Варош** ..... 39

**3.8. Црква Св. Атанас, Варош** ..... 41

**3.9. Црква Св. Димитрија, Варош** ..... 43

**3.10. Црква Св. Јован, Варош** ..... 45

**3.11. Црква Св. Никола, Варош** ..... 47

**3.12. Локалитет Илино – Шаторов Камен** ..... 49

**3.13. Црква Св. Ѓорѓи, с. Пресил** ..... 50

**3.14. Локалитет Градиште, с. Дебреште** ..... 50

**4. Накитот од колекцијата на НУ Завод за заштита на споменициите на културата и музеј Прилеп** ..... 54

**4.1. Накит за глава (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)** ..... 57

**4.1.1. Наушници (кат. бр. 1 -136)** ..... 57

**Тип 1. Наушници – алки (кат. бр. 1 – 82)** ..... 58

**Тип 2. Наушница со завиени краеви (кат. бр. 84)** ..... 62

**Тип 3. „ S “ наушница (кат. бр. 85)** ..... 62

**Тип 4. Наушница - алка со венче од гранули (кат. бр. 86)** ..... 63

**Тип 5. Наушница - алка со гужва (кат. бр. 87, 88)** ..... 64

**Тип 6. Наушница со една јагода (кат. бр. 89 – 104)** ..... 65

**Тип 7. Гроздолики наушници (кат. бр. 105 – 110)** ..... 67

**Тип 8. Наушници со 4 јагоди (кат. бр. 111 – 117)** ..... 70

**Тип 9. Лунулести (мешести) наушници (кат. бр. 118, 119)** ..... 71

**Тип 10. Кружни наушници (кат. бр. 120, 121)** ..... 72

**Тип 11. Наушници со стожер (кат. бр. 122, 123, 124, 125, 126)** ..... 74

**Тип 12. Наушници од типот Курбиново (кат. бр. 127)** ..... 75

**Тип 13. Наушници со висечки додадок (кат. бр. 128, 129, 130)** ..... 76

**Тип 14. Наушници со трепетушки (кат. бр. 131, 132, 133, 134, 135, 136)**77

**4.2. Накит за врат (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)** ..... 83

**4.2.1. Ѓердани (кат. бр. 137 – 143)** ..... 84

**4.2.2. Крстови-приврзоци (кат. бр. 144, 145,1 46, 147, 148)** ..... 85

**4.2.3. Крстови - енколпиони (кат. бр. 149, 150, 151)** ..... 87

**4.3. Накит за раце (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)** ..... 89

**4.3.1. Гривни (кат. бр. 152 – 247)** ..... 89

**Тип 1. Метални гривни (кат. бр. 152 – 213)** ..... 91

**Тип 1.1. Гривни со еден шарнир (кат. бр. 152, 153, 154, 155)** ..... 91

**Тип 1.2. Лентести гривни со отворени краеви (кат. бр. 156 – 164)** ..... 91

**Тип 1.3. Гривни со полн пресек (кат. бр. 165 - 195)** ..... 93

**Тип 1.4. Тордирани гривни (кат. бр. 196 – 213)** ..... 94

**Тип 2. Стаклени гривни (кат. бр. 214 – 247)** ..... 95

**4.3.2. Прстени (кат. бр. 248 – 443)** ..... 97

**Тип 1 Прстени – алки (кат. бр. 248 – 257)** ..... 98

**Тип 2. Лентести прстени (кат. бр. 258 – 275)** ..... 99

**Тип 3. Полнолиени прстени (кат. бр. 276 – 286)** ..... 100

**Тип 4. Полнолиени прстени со издигната глава (кат. бр. 287 – 336)** ..... 100

**Тип 5. Прстени со нагласена глава (кат. бр. 337 – 360)** ..... 102

Тип 6. Прстени со издигната глава и нагласени рамења (кат. бр. 361 – 379)....102

Тип 7. Прстени со тричлена разделба на главата (кат. бр. 380 – 386)..103

Тип 8. Прстени со издигнат врат (кат. бр. 387 – 393)....104

Тип 9. Прстени со вметнат украс (кат. бр. 394 – 416) ....104

Тип 10. Прстени со испакната калотеста глава (кат. бр. 417 – 443) ....105

4.4. Торакален накит (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)....107

4.4.1. Токи ( кат. бр. 444 – 454)....107

4.5. Накит како дел од облеката (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)....110

4.5.1 Копчиња (кат. бр. 455-491)....110

4.5.2. Аграфи (кат. бр. 492 – 500)....112

4.5.3. Појасни пафти (кат. бр. 501, 502)....114

4.5. Резултати од квантитативни спектографски анализи на одбрани примероци на накит....115

5. Заклучни согледувања ....119

Библиографија: ....127

Каталог на накит....136

Список на илустрации ....193

# 1. Вовед

Предмет на овој магистерски труд е средновековниот накит од територијата на Прилеп и Прилепско, депониран во Збирката на Завод и музеј Прилеп. Овој накит потекнува од четиринаесет археолошки локалитети, прибран во еден долг период од почетокот на педесеттите години на минатиот век, сè до денес. Заради целовитоста на материјалот од вклучените локалитети и негова подобра прегледност, кон Збирката на наоди ќе бидат додадени и предметите коишто привремено се депонирани во Институтот за старословенска култура – Прилеп, институција којашто долги години ги раководеше археолошките истражувања на просторот на средновековен Прилеп, односно Варош.

Средновековниот накит како категорија на наоди од средновековното археолошко богатство, е еден од почесто експлоатираните наоди и доста познат сегмент од материјалната култура. Предметите за украсување на средновековниот човек спаѓале во интерес на повеќе истражувачи, коишто со својата сеопфатност дале значаен придонес кон расветлувањето на оваа историско-археолошка оставина. Овде мора да се споменат најзначајните истражувачи врз чиишто резултати може да се надоврземе. Интересот за истражување на средновековното археолошко наследство во Македонија, несомнено, започнува со истражувањата на Б. Алексова презентирани во нејзината докторска дисертација „Демир Капија-Просек“, каде е претставена најобемната средновековна збирка на накит со хронолошки распон од X до XVII век [1]. Таа со овие истражувања за првпат го започнува интересирањето за археолошките наоди од т.н. турско средновековие. За географскиот простор од нашиот интерес особено се значајни каталозите од изложбите организирани од Б. Бабиќ, насловени како „Средновековното богатство на Прилеп“ и „Средновековното богатство на Македонија“, каде за првпат се претставени бројните наоди на средновековен накит од долгогодишните истражувања на Варош и Маркови Кули [2]. Сепак, најзначајно претставува делото на Е. Манева „Средновековниот накит од Македонија“ [3]. Во овој монографски труд опфатени се сите дотогаш познати примероци на средновековен

---

[1] B. Aleksova, *Demir Kapija – Prosek*, Beograd, 1966, 52.

[2] Б. Бабиќ, *Културно богатство на Прилеп од V-XIX век*, Прилеп, 1976, 29-113; *Средновековно културно богатство на СР Македонија*, Прилеп, 1974, 25-66.

[3] Е. Манева*, Средновекове накит од Македонија*, Скопје, 1992, 113-240.

накит од територијата на Македонија, соодветно типолошки и хронолошки анализирани и презентирани преку богат илустративен материјал. Овде треба да се забележат и значајните дела на авторите од поширокиот ареал на Балканот како што се Б. Радојковиќ [4] и В. Бикиќ [5] коишто го обработуваат средновековниот накит од Србија, како и делата на Г. Гатев [6] и В. Глигоров [7] за просторот на Бугарија. Значајни се запазувањата и на В. Јовановиќ [8] којшто средновековниот накит го обработува во еден поширок балкански контекст, обидувајќи се да ги утврди дотогаш воспоставените хронолошки рамки. Од поглед на ликовните аналогии на средновековниот накит врз фрескоансамблот мора да се споменат истражувањата на Е. Димитрова [9], како и на Ј. Ковачевиќ [10].

Оваа тема е веќе соодветно обработена во споменатото дело на Е. Манева, која го презентира целокупниот дотогаш достапен средновековен накит од просторот на Прилеп и Прилепско, кој изнесува вкупно 326 наоди на средновековен накит, вклучително и накитот кој се наоѓа во збирки надвор од земјава. Сепак, бројните археолошки истражувања коишто продолжија во триесетгодишниот период по објавувањето на ова капиталното дело, во јавноста презентираа нови бројни откритија.

Достапниот материјал за анализа сега е скоро двојно поброен и изнесува 522 парчиња на накит и делови од облека така што на оваа Збирка од Прилеп и Прилепско повторно ѝ се наметнува нејзино систематизирање, разгледување и анализа, надополнета со бројните нови откритија. Наодите од некрополите во прилепскиот дел на Мариово сега даваат целосно ново светло на овој проблем, прикажувајќи го накитот од периодот на X – XII век, кој до скорашни денови беше познат само спорадично преку малубројните наоди од Дебреште. Во овој магистерски труд се опфатените наодите од четиринаесет археолошки локалитети кои се географски ограничени на северниот дел на Пелагонија и прилепскиот дел на Мариово. Иако тоа претставува административна граница со која се одредени територијалните надлежности врз археолошкото, односно културното наследство под ингеренции на Завод и музеј

[4] Б. Радојковић, *Накит код срба од XII до краја XVIII века, Београд, 1969,* 347-357.
[5] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 39-130.
[6] П. Гатев, П, „*Накит от погребения од XI-XII в.*“, Археология кн. 1,1977, 30-46.
[7] В. Глигоров, *Метални накити от Средновековна България VII-XI в.* София, НАИМ на БАН, 2007, 1-254.
[8] С. Јовановић С., Војислав, „*Запажања о средњовековној некрополи у Демир Капији*“, ЗФФ XI-1 1970, 119-147.
[9] E. Dimitrova, *Beautiful Creatures: Macedonia as The garden of Earthly Delights*, Niš and Byzantium 15, Niš, 2017, 87-99; *Beauty and no beast, Social and cultural Perspectives of Beauty in Byzantine Painting*, Патримониум 20, 2022, 233-246.
[10] J. Ковачевић, *Средновековна ношња Балканских словена,* Београд, 1953, 143-180.

Прилеп, сепак, тоа претставува и две многу јасно дефинирани географски целини со засебни културни одлики. Вклучениот материјал во трудов доаѓа од обемните ископувања вршени од страна на Б. Бабиќ [11] и М. Мандиќ [12] на повеќе локации во Варош, Макови Кули, Поткули и Дебреште, како и на истражувањата во прилепскиот дел на Мариово водени од Б. Китановски на Манастир [13], на Л. Кепеска на значајните локалитети Задна Река – Грмајте [14] и Трпчева Црква [15] и на А. Митковски на локалитетот Страгата [16]. Фундусот на средновековен накит во споменатите збирки, како и придружната документација за неговото откривање во археолошките слоеви ни дозволува по продлабочена анализа на овие наоди во поглед на неговите морфолошки, типолошки и хронолошки карактеристики, како и негова понатамошна ликовна аналогија со фрескоживописот на територијата на Македонија.

При типологизацијата на материјалот, како и неговото хронолошко детерминирање ќе се водиме според востановената поделба на Е. Манева. Презентираниот накит во овој труд е претставен според позицијата од телото на која бил носен, па така е опфатен накитот за глава, накитот за врат, накитот за раце, а поради украсната функција на торакалниот и накитот како дел од облеката тој е соодветно вклучен во оваа збирка.

Единствено поради недостапноста во збирката во која се депонирани, во овој каталог ќе се изостават најлуксузните примероци на накит што се откриени на археолошките локалитети во Прилеп, а кои денес се чуваат во музеите во Белград.

На крај, збирот на накит претставен во овој труд не ја прикажува конечната бројка на примероци на накит. Овде е направен пресек на достапните материјали до 2021 година. Системските археолошки истражувања кои сè уште се одвиваат на одредени археолошки локалитети, како што се Манастир во Мариово, Павла Чука - Бонче и Трескавец не се презентирани. За некои од овие локалитети, резултатите се во фаза на публикација. Токму поради ова, музејската збирка на накит сè уште се надополнува и збогатува со нови примероци на накит.

---

[11] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986.

[12] M. Mandič, *Potkuli-средновековна населба и некропола*, Arheološki pregled, Ljubljana, 1985, 180-181.

[13] Б. Китаноски, *Средновековна некропола во селото Манастир*, Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп, 1986, 115-118.

[14] Л. Кепеска, *Задна Река Грмајте-средновековна некропола,* Прилеп, 1995, 11-46.

[15] Л. Кепеска, *Трпчева црква –средновековна некропола*, Прилеп, 1995, 13-68.

[16] А. Митковски, *Примарниот тумул од локалитетот Страгата кај село Крушевица, Мариово,* Macedoniae acta archeologica 23, 2021, 175-204.

Би сакала да споменам дека достапноста до документацијата и материјалите за накитот, коишто ми беа потребни за целите на овој труд, ми беше овозможена од директорот и вработените на Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп, за кои им сум неизмерно благодарна. Исто така би сакала да изразам благодарност на директорот и моите колеги во Институтот за старословенска култура - Прилеп за пристапот до документацијата од Институтот.

## 2. Осврт врз историските прилики (социјални, политички и културни) во средновековна Македонија

### 2.1. Осврт врз историските, социјалните и политичките прилики во средновековна Македонија

Како историски рамки на оваа тема ќе бидат земени две историски значајни точки од средновековната историја на Македонија. Ваквата рамка е одредена со сета свесност дека историјата на средновековна Македонија започнува пред, и продолжува да трае и по вака зададените историски временски граници коишто ќе бидат обработени во овој магистерски труд. Сепак, според остатоците на археолошките наоди, а особено на накит, ваквите граници се сосема логични и изгледаат основани, иако заради објаснување на некои процеси на генезата на накитот, ќе бидат обработени и парчиња коишто и со неколку века преминуваат преку зададените хронолошки рамки.

Како долна граница ќе биде земено формирањето на средновековната држава на Цар Самуил, како значајна историска точка со која започнуваат бројни процеси на Балканскиот Полуостров, што ги забрзуваат процесите на византинизација на локалното население [17]. Ова е периодот на интензивна интеракција помеѓу локалното словенско население со, пред сѐ, византиската војска, преку која се шират новините од развиените византиски центри на Егејот. Во овој период со сигурност започнуваме интензивно да ја следиме средновековната материјална култура, со исклучок на сакралната архитектура чии остатоци започнуваме да ги бележиме нешто порано односно од времето на св. Климент и Наум. Со сигурност можеме да зборуваме за материјалната култура на средновековното население чиишто остатоци ги следиме преку бројните некрополи од Горното и Средно Повардарие, како што се Скупи [18] и Орешани [19]кај Скопје, Трнче-Стреа кај Пепелиште [20], Крстеви кај Корешница [21],

---

[17] С.Антољак, *Самуиловата држава,* Скопје, 1969, 192.

[18] И. Кузманоски, *Средновековна некропола на просторот на античкиот театар во Скупи, Римски театар Скупи,* Скопје, 2017, 367-418.

[19] К. Ристов, К. Михаилова, *Средновековна некропола Крст, с. Орешени,* Скопје, Macedoniae acta archaeologica 19, 2010, 391-404.

[20] Е. Манева, *Средновековна некропола: Пепелиште,* Скопје, 2000, 31-120.

[21] Е. Манева, *Крстеви: средновековна некропола*, Скопје, 2000, 27-128.

Црквиште кај Демир Капија [22], како и регионот на Прилеп, како што се некрополите на Трпчева Црква кај село Дуње [23] и Задна Река – Грмајте кај селото Витолиште [24]. Од овој период можеме да го следиме средновековниот накит, да го типологизираме и прецизно датираме него, а преку морфолошките промени да го следиме неговиот развој во доцносредновековната продукција и подоцна неговото обнародување во народните фолклорни варијанти [25].

Како горна граница на темата ќе се земат османлиските освојувања на Балканскиот Полуостров и Македонија. Овие историски случувања често се земаат како граница со која завршува историјата на средновековна Македонија и започнува т.н. турско средновековие [26]. Иако ваквата остра граница не може да се манифестира во материјалната култура, сепак, сведоци сме дека средновековните некрополи продолжуваат да егзистираат и во наредните векови, на нив сè уште се погребува христијанското население. Ова е јасно видливо низ материјалната култура, а особено накитот кој ни е добро познат преку неколкуте добро истражени некрополи. Накитот уште одредено време продолжува да ги следи трендовите, а мајсторите во него да го внесуваат својот уметнички израз под влијание на западноевропските, но и источните производни центри [27]. Веќе во XVI век, економското слабеење на населението е јасно видливо преку бројните примери на накитот од овој период. Иако без целосна и нагла промена, накитот сепак постепено се трансформира и прилагодува согласно новонастанатата економска состојба на населението [28]. Мајсторите сè помалку се во можност да ги следат трендовите, а нивното производство сè повеќе се сведува на бледо копирање на постарите форми во евтини техники и материјали [29]. Ваквиот континуитет и генеза на средновековниот накит, може да се види на неколку значајни некрополи како што се Црквиште кај Демир Капија [30], Свети Леонтиј кај селото

---

[22] B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija,* Beograd – Skopje, 1966, 15-62.

[23] Л. Кепеска, *Задна Река – Грмајте: средновековна некропола*, Прилеп, 1995, 14-56.

[24] Л. Кепеска, *Трпчева Црква: средновековна некропола*, Прилеп, 2007, 29-198.

[25] Е. Манева, *Гробот 942 од некрополата Водоча – пример за обнародување на средновековниот накит,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет 64, 2011, 277–294.

[26] А.Стојановски,*Македонија во турското средновековие,* Скопје, 1989, 18-40.

[27] Б. Иванић, *Сусретсрпског и турскогнакита, Алманах накита: циклус предавања о накиту одржан у музеј примењене уметности*, Београд, 2005; Бојана Радојковић, *Накит код Срба: од XII до краја XVIII века,* Београд, 1969, 158-239; Е. Зечевић, Накит Новог Брда, Београд 2006, 143-155.

[28] Б. Радојковић, *Накит код Срба: од XII до краја XVIII* века, Београд, 1969, 249-259.

[29] Б. Радојковић, *Накит код Срба*: *од XII до краја XVIII века*, Београд, 1969, 249-259.

[30] B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija*,Beograd – Skopje, 1966, 52.

Водоча[31], а пред сè, на некрополите лоцирани околу сакралните објекти на Варош, во подножјето на средновековен Прилеп [32].

Средновековието на територијата на Македонија претставува бурен период низ кои се случиле многубројни настани кои директно влијаеле врз општествените, економските, политичките и културните прилики. Процесите кои се случувале во текот на средновековната епоха го смениле општествениот тек и се рефлектирале врз материјалната култура.

Доселувањето на Словените завршува во почетокот на VII век, со нивното стабилизирање и формирање на први македонски склалвинии [33]. Склавиниите се полудржавни формации на словенските племиња на овие простори кои постоеле сè до средината на IX век [34]. Во почетокот функционирале како организирани родовско-племенски заедници, а подоцна војнички уредени единици, кои номинално ја признавале власта на Византија [35].

Во втората половина на IX век Словените станале припадници на православната вера, односно преку континуирани процеси го прифатиле христијанскиот свет [36]. На тој начин настанале големи промени во сите сфери, но и во материјалната култура на овие простори.

Меѓутоа, Византиското Царство се соочило со нова опасност. Бугарите навлегле во просторот на Тракија и ја формирале новата бугарска држава која Византија била принудена да ја признае со што се променила констелацијата на Балканот. За време на бугарскиот владетел Симеон (893 - 927), Бугарското Царство се проширило низ целата македонската територија [37].

Во 969 година, синовите на кнезот Никола: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил кренале востание против бугарската власт и успеале да создадат посебна средновековна држава [38]. По отфрлањето на бугарската власт на поголем простор во Македонија, синовите на кнезот воспоставиле организирана военополитичка црковна

[31] Е. Манева, *Некрополата Водоча,* Inventaria archaeologica personarum, Скопје, 2012, 9.

[32] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп, 1986, 106-184.

[33] *Византијски извори за историју народа на Југославије*, том II, Београд, 1959, 2-3.

[34] *Историја на македонскиот народ*, книга 1,Скопје,1969,79-89.

[35] С. Антолјак, *Македонија во IX век*, Климент Охридски-студии, Скопје, 1986, 163.

[36] *Византиски извори за историју народа Југославије*, том I, Београд, 1955, 268.

[37] Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје, 1992, 319.

[38] *Историја на македонскиот народ*, Скопје, 2008, 101.

власт што претставувало услов за поставувањето на темелите на новата држава. Престолнината на оваа држава се наоѓала во Преспа, на островот Ахил/Аил, кадешто се наоѓало и седиштето на независната црква, пред да биде преместен црковниот и административниот центар на Самуиловата држава во Охрид [39]. Создавајќи развиен воено административен апарат, постепено била етаблирана новавладеачка елита која заедно со политичкиот и црковниот врв во Преспа го сочинувале костурот на Самуиловата држава. Во 985 година Самуил успеал да навлезе на Тесалија и да го освои градот Лариса, кадешто почивале моштите на св. Ахил Лариски, кои ги пренесол во неговата престолнина во Преспа. Со тоа ја навестил намерата за легитимирање на независна црква заснована на ранохристијанските и светиклиментовите традиции со што би се промовирал Преспанско-охридскиот Регион како едно од најзначајните политички, културни и религиски средишта на Балканот [40]. Поради непризнавањето на легитимитетот на неговата држава од страна на Византија, Самуил бил ставен во позиција да бара поддршка од Запад. Црковната организација на Самуиловата држава била призната од страна на Западната црквашто резултирало со нејзино издигнување во патријаршија. Истиот период, во присуство на римските папи, политичката и црковната елита, било спроведено крунисувањето на Самуил за цар во црквата Св. Ахил на Преспа [41]. Подемот и стекнатиот легитимитет на македонската држава кон крајот на X век ја предизвикале првата сериозна противофанзива на Византија. Поради тоа Василиј II првично се фокусирал кон обнова на византиската власт на територијата на Македонија. Во јули 1014 година, во подножјето на планината Беласица, се одиграла значајна битка помеѓу војските на византискиот цар Василиј II и цар Самуил [42]. Жестоката битка завршила со трагични последици за Самуиловата војска. Византиската војска извојувала победа, додека Самуиловата војска била ослепена и испратена кај Самуил кој успеал да се засолни во градот Прилеп [43]. Неподнесувајќи ја трагичната глетка на својата војска, цар Самуил по кратко време починал од срцев удар. Цар Самуил бил погребан во царската гробница во Преспа, во близина на црквата Св. Ахил [44].

---

[39] Г. Острогорски, *Историја на Византија,* Скопје, 1992, 361.

[40] М.Б. Панов, *Средновековен период во Македонија, во Македонија*: Милениумски-културно историски факти, уредник П. Кузман, Е. Димитрова, Ј. Донев, Скопје, 2013, 1182-1183.

[41] М.Б. Панов, *Средновековен период во Македонија, во Македонија*: Милениумски-културно историски факти, уредник П. Кузман, Е. Димитрова, Ј. Донев, Скопје, 2013, 1187-1189.

[42] С. Пириватрић, *Самуилова држава-обим и карактер*, Београд, 1997,139.

[43] С. Пириватрић, *Самуилова држава-обим и карактер,* Београд, 1997, 139,156.

[44] *Историја на македонскиот народ*, Скопје, 2008, 106-107.

Династичките борби околу наследството на царскиот трон на Самуил му оделе во прилог на византискиот цар Василиј II, кој успеал да ги освои областите кои биле во рамките на Самуиловата држава и да воспостави византиска власт врз целата територија. Смртта на Василиј II, во историографијата се смета за пресвртна точка во просперитетот на Ромејското Царство, по којшто следувал период на опаѓање во воена, политичка и економска смисла. Ваквите услови биле предуслов за кревање на востание против византиската власт во 1040 година, чиешто жариште се наоѓало на македонската територија, а било предводено од страна на Петар Делјан кој и самиот тврдел дека го има тоа легитимно право поради сродството со Самуил [45]. Сепак, ова востание било со краток век и по неговата ликвидација била воспоставена уште построга управна политика над овие територии од страна на византиската власт. Тоа било причина за повторно мобилизирање на македонските Словени. Меѓу нив се истакнал Ѓорѓи Војтех, водач на новото востание во 1072 година, коешто ја споделило истата судбина со претходното востание на Делјан [46].

Од 1081 година, византискиот престол го зазеле припадниците на династијата на Комнините, а прв од оваа лоза бил царот Алексиј I Комнин (1081-1118) [47]. Нажалост, новиот автократор ја затекнал државата со уништена војска,празна државна каса, бројни непријатели и изгубени територии [48]. Византија, до 1085 година била принудена да се справува со инвазијата на Норманите на Балканот.

Во 1185 година, со Византиската Империја почнала да владее династијата Ангели на чело со Исак II Ангел (1185-1195) [49]. Истата година, феудалниот господар Добромир Хрс, чиишто имоти зафаќале големи пространства во средишните делови на Македонија, се осамостоил во градот Струмица, а како точка на неговата одбрана ја избрал тврдината Просек која се извишувала над Демиркаписката Клисура. Користејќи ги византиските несогласувања, тој успеал својата власт да ја прошири во териториите на Пелагонија и Прилеп, меѓутоа во 1202 година Византија успеала да го ликвидира Добромир Хрс и да воспостави власт над териториите коишто биле под негова управа [50].

---

45 С. Пириватриќ, *Самуилова држава-обим и карактер,*Београд, 1997, 135, 137.
46 *Историја на македонскиот народ*, Скопје, 2008, 117-118.
47 Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје, 1992, 421.
48 Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје,1992, 428.
49 Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје, 1992, 482.
50 М.Б. Панов, *Средновековен период во Македонија, во Македонија*: Милениумски-културно историски факти, уредник П. Кузман, Е. Димитрова, Ј. Донев, Скопје, 2013, 1219-1220.

Во 1204 година, Константинопол кој со векови бил непобеден, бил освоен од крстоносците и венецијанците. Градот бил ограбен и уништен, а византиските територии поделени меѓу освојувачите. Македонија заедно со Тесалија и околните области им припаднале на Солунското Кралство со кој владеел Бонифације Монфератски [51]. Владеењето на Латините на местото на Византија, било одбележано со бројни воени судири од новите регионални држави коишто биле концентрирани на Балканот. Во 1207 година дел од Солунското кралство, поточно Македонија била освоена од Бугарското Царство, додека Охридската архиепископија била приклучена кон Трновската архиепископија. Меѓутоа во 1208 година Добромир Стрез успеал да ја отфрли бугарската власт и да се осамостои на териториите на Македонија, со свое седиште во градот Просек [52]. Во 1214 година, Стрез бил убиен, а на неговите територии биле инкорпорирани во епирската држава, која до 1215 година, успеала да преземе голем дел од Македонија [53].

Никејскиот император Михаил VIII Палеолог (1259 – 1282 ) во 1261 г., го освоил Константинопол ги обновил византиските традиции и Македонија повторно ја вклучил во рамките на Византиската Империја.

Во 1282 година, српскиот владетел Милутин (1282—1321) се фокусирал кон територијата на Македонија.Во 1284 г. српскиот владетел Милутин успеал да освои од византиската власт делови од денешна северна и средна Македонија [54]. Тој успеал да ја помести границата со Византија по долината на појасот Охрид, Штип и Струмица. Во 1330 г., во битката кај Велбужд, Србија извојувала победа над Бугарија. Решавајќи ја борбата околу Македонија во полза на Србија оваа битка ги поставила темелите на српската доминација на Балканот [55]. Битката кај Велбужд претставува пресвртница во судбината на балканските земји.

Во времето на српскиот крал Стефан Душан (1331- 1355), кон крајот на XIV век, целокупната територија на Македонија станала составен дел од Српското Кралство. Со освојувањето на Прилеп, Струмица и Охрид, во 1334 г., тој ја вклучил целата денешна

---

[51] Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје, 1992, 501-510.

[52] М.Б. Панов, *Средновековен период во Македонија, во Македонија:* Милениумски-културно историски факти, уредник П. Кузман, Е. Димитрова, Ј. Донев, Скопје, 2013, 1221.

[53] *Историја на македонскиот народ*, Скопје, 2008, 121.

[54] Б. Благојевиħ, *Србија у доба Немањиħа*, Београд, 1989, 108-9.

[55] К. Јиричек, *Историја срба*, Београд, 1952, 262.

македонска територија во рамките на своето кралство којашто претставувала значајно подрачје за неговите политички интереси [56].

Српскиот крал Стефан Душан, во 1346 г., на христијанскиот празник Велигден, на најсвечен начин, по сите црковни обреди, во Скопје се крунисал за цар [57]. По неговата смрт на чело на царството застанал неговиот син Стефан Урош кој не успеал да ја задржи стабилната власт, па така освоените територии се поделиле меѓу видните феудалци. Сопругата на Душан, Елена, до 1365 година, управувала со Сер, а потоа на чело на територијата на Сер застанал Волкашиновиот брат деспот Углеша [58].

Со Воден и Бер управувал Радослав Хлапен, со средниот тек на Брегалница, Злетово, Мородвис и Пијанец владеел деспот Јован Оливер, со горниот тек на Крива Река и Славиште, а со Желиговските Области, Беласица, Мелник и Тиквеш управувале Дејановиќите. Волкашин управувал со областите Прилеп, Скопје и Призрен [59].

Кралот Волкашин (1365 – 1371) се обидел да ги спречи Османлиите во нивните планови за освојување на македонската територија. Но тоа било безуспешно бидејќи го изгубил својот живот во Маричката битка, во 1371 г.[60]. Со тоа се отворил патот на Османлиите за остварување на нивните територијални цели. Синот на крал Волкашин, крал Марко (1371 – 1395), бил вазал на Турците, владетел на Прилепското кралство. Кралот Марко е и последниот христијански владетел на оваа територија кој до крајот на IV век успеал да ја сочува христијанската власт, која подоцна ќе биде под османлиската власт. Во 1395 година, борејќи се против влашката армија како турски вазал го губи својот живот [61]. Кон крајот на XIV век, поради загубата на владетелот, целата територија на Македонија паднала под власт на Османлиската Империја која ќе остани како нејзина територија пет векови. Во долговековното османлиско владеење, се одвивал процесот на исламизација низ сите градови во Македонија кој сериозно ја загрозувал постојната верска и етничка структура на градското население. Османлиското владеење на териториите на Македонија, предизвикало масовна колонизација на турското и друго население од Мала Азија, со што балканското

[56] Г. Острогорски, *Историја на Византија,* Скопје, 1992, 612.
[57] М. Благојевић, *Србија у доба Немањића*, Београд, 1989, 162.
[58] А. Стојановски, *Македонија во турското средновековие*, Скопје, 1989, 11.
[59] М. Благојевић, *Србија у доба Немањића*, Београд, 1989, 218.
[60] А. Стојановски, *Маакедонија во турското средновековие,* Скопје, 1989, 15, 16.
[61] А. Стојановски, *Градовите на Македонија од крајот на XIV доXVII век*, Скопје, 1981,18.

подрачје станало мозаик од припадниците на македонските Словени, останатите словенски и несловенски народи и етнички групи [62].

Со овој настан, формално завршува едно поглавје од средновековната историја на македонската територија [63]. Меѓутоа, Византиската Империја пропаднала во 1453 година и станала дел од Османската Империја [64]. Падот на Цариград значел завршен удар на една и доминација на друга цивилизација. Сепак, византиските традиции сè уште дејствувале на старата византиска територија и надвор од границите на бившата Византиска Империја.

## Средновековен Прилеп

Територијата на средновековен Прилеп (Прилапион) била на местото насегашната населба Варош (Марков Град). Прилеп бил сместен на стратешко место во подножјето на карпестото возвишение Маркови Кули, над околниот терен чии врвови постоеле ѕидини и кули на добро утврдената средновековна тврдина, додека денес е останат само мал дел од тоашто претставува сведок на средновековното време. Со својата местоположба, околу 40 километри оддалечен од староримскиот пат Виа Егнација, Прилеп секогаш го привлекувал вниманието на луѓето од разни краишта. Градот со неговата околина претставувал едно од најважните стратешко-политички и воени подрачја на овој дел од Балканскиот Полуостров.

Градот Прилеп за првпат се споменува во хрониката на Јован Скилица, во византиски извор кој најверојатно потекнува од крајот на XI век. Називот на градот не бил постар од времето на населувањето на Словените во овој предел [65]. Историјата на средновековен Прилеп започнува со населувањето на словенското племе Берзити (Брсјаци) од VII век до IX век. Тие се населиле на територијата на Пелагонија и денешната населба Варош. Овој процес се случил за време на владеењето на византискиот цар Маврикиј (582 – 602) [66].

[62] А. Стојановски, *Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век*, Скопје, 1981,89.
[63] *Историја на македонскиот народ,* книга I, Скопје, 1969, 195-196.
[64] Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје, 1992, 689.
[65] *Прилеп и Прилепското низ историјата* ,книга прва, Прилеп, 1971, 75.
[66] О. Ианоски, *Македонските Словени од VI до IX век*, Скопје,1962, 17-29.

За време на целото византиско владеење, Прилеп претставувал една од најважните воени и политички точки во Западна Македонија. Во X век, Прилеп станал феудален град и воен пункт запоширок дел од Пелагонија. За време на владеењето на Самуил, Прилеп му служел како засолниште од борбите против византиската власт. Прилеп во неговото време претставувал важен пункт во одбраната на земјата, па затоа византискиот цар Василиј II ја искористил смртта на Самуил и навлегол во Пелагонија и го освоил Прилеп и нејзината околина. Во XII век политичката положба во Византија била значително подобрена, па така се трговската мрежа се развила низ македонските предели. Напоредно со трговскиот процес се развила и експлоатацијата на зависното населениево градовите и селата.

Во 1334 година, Прилеп и неговата околина бил заземен од српската власт. Српскиот владетел Душан, изградил царски двор и го испратил својот син Урош на поклонение во манастирот Богородица, Трескавец [67]. За средновековието на градот Прилеп најмногу податоци има од времето на владеењето на српскиот цар Душан. Најзначајни извори за тој период се трите Душанови повелби дадени на манастирот Успение на Богородица, Трескавец. Преку тие повелби дознаваме дека Прилеп бил значаен град со голем пазар на денот на св. Димитријаи голем број на работилници за топење на метали и метални орудија [68]. Околу 1350 година, со Прилеп завладеал Волкашин кој во 1365г., од страна на душановиот наследник, царот Урош ја добил кралската титула. Во рамките на неговата власт влегувале териториите од Призрен до Костур [69]. После неговата смрт со Прилеп владее неговиот син Марко кој се прогласил за крал. Кралот Марко во 1371 година, станал совладетел на српскиот цар Стефан УрошV (1355—1371), до 2/4 декември, односно до неговата смрт [70]. По смртта на царот, кралот Марко станал законски наследник на српскиот владетелски трон [71]. По низа битки, територијата со која владеел кралот Марко се простирала само западно од реката Вардар со седиште во Прилеп.

Во 1395 година кај Ровине борејќи се на страната на турскиот Султан Бајазит I против влашкиот војвода Мирче, кралот Марко го загубил својот живот. По неговата

---

[67] *Прилеп и прилепско низ историјата,* книга прва, Прилеп, 1971, 82.

[68] Б. Бабиќ, *Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и прилепскиот крај*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том IV, Скопје. 1981, 32.

[69] А Стојановски, *Македонија во турското средновековие*, Скопје, 1989, 10.

[70] Б. Петровски*, Кралството на Марко: Домет и карактер,* Balcanoslavica, 47, 2018, 232.

[71] Б. Петровски*, Кралството на Марко: Домет и карактер,* Balcanoslavica, 47, 2018, 232.

смрт градот по мирен пат се предал на османлиската власт [72]. Во долговековното владеење на Османлиите градот, Прилеп како и другите области под нивна власт добиваат ориентален вид. Населението се поделило на муслиманско и христијанско, се граделе џамии, амами, христијански објекти како цркви, се граделе со помали димензии во однос на муслиманските објекти. Исто така, се среќаваат нови занаетчии како самарџии, бојаџии, ковачи свеќари и други. Во османлиското владеење исто така и даноците од населението спрема империјата биле зголемени.

### 2.2. Осврт врз културните прилики во средновековна Македонија

Кога Словените почнале да се населуваат на териториите на Балканскиот Полуостров, византиската култура била на повисоко ниво во однос на словенската. Нивниот контакт со помалубројното домашно население ги довел кон прифаќање на христијанската религија, византиската култура и уметност.

Со доаѓањето на св. Климент, родоначалник на средновековната книжевност, во IX век во Македонија, започнува словенско – византиската култура. Неговата просветителска дејност претставувала пресврт во духовно и книжевно уметничкиот живот на Словените. Во 893 година, врз постара ранохристијанска базилика, св. Климент ја подигнал црквата Св. Пантелејмон на Плаошник која имала епохално значење и претставувала пресврт во обликувањето на дотогашната естетика поради својот триконхален тип на градба [73]. Св. Климент ја основал Охридската книжевна школа која претставувала прв словенски универзитет на Балканот [74]. Поради книжевната школа градот Охрид, го добил местото на најважен центар за словенска култура во Југозападниот дел.

Во XI и XII век, сè до почетокот на XIII век, на територијата на Македонија биле создадени архитектонски споменици, фрескоансамбли од непроценлива вредност и репрезентативни форми на книжевната продукција. Во следењето на развитокот на градителската култура кај македонските Словени, треба да се има предвид дека

[72] В. Ѓорѓиев, *Потпаѓање на македоснката територија под османлиска власт*, Македонија: Милениумски-културно историски факти, Скопје, 2013, 1874.

[73] Д. Коцо, *Нови податоци за историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид,* Климент Охридски, студии, 1986, 213-224.

[74] Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија*, Македонија:милениумски културно- историски факти, Скопје, 2013, 1530.

подигањето на христијанските храмови се одвивало во рамките на активностите од византиските претставници на државата и црквата. Уметноста во средновековна Македонија била под влијание на традициите на христијанската уметност. Доминантна компонента во уметноста кај македонските Словени претставувала византиската концепција во ликовното креирање.

Во втората половина на XIII век после динамичниот и хаотичен период одбележан од бурните историските настани, кога повторно се вратила византиската власт, Цариград повторно станал главен центар кој ќе ги создава новите уметнички текови на териториите на византискиот културен свет, во архитектурата и во ликовното изразување. На територијата на Македонија се изградиле голем број на цркви и манастири од голема вредност, ктиторирани од претставници на владеачката елита. Исто така во книжевноста се создале книжевни ракописи.

Околу средината на XIV век, за време на владеењето на цар Душан забележани се високи дострели во доменот на културно - уметничкото поле. Цар Душан како верник на христијанската религија се грижел за црковните објекти на македонската територија, за што ни покажуваат четирите Трескавечки грамоти издадени во 1334 до 1345 година, со кои се потврдуваат подарените имотни единици на манастирот Трескавец во средновековен Прилеп [75].

Книжевноста го продолжила својот континуитет од IX век во контекст на историско-политичките услови. Манастирите и црквите биле средишта и скрипториуми во кои се создавале и препишувале литературните дела. Во овој период се негувала и архитектонската и уметничка традиција, за што зборуваат големиот број на подигнати цркви од страна на претставниците на српската власт. Охридската архиепископија станала дел од српската црква и ја негувала традиционалната уметност, но била верна на сопствените ликовни сфаќања и потреби. Со ктиторските заложби на благородниците, на македонската територија биле создадени дела кои дале свој придонес во формирањето на иконографските богатства и стилската разнородност во уметничкото творештво од средината на XIV век [76].

Но, по продорот на османлиските освојувачи во Македонија се случиле промени на политичката и економска моќ што значело слабеење на културниот развој и во

[75] А. Василески, *Средновековните цркви во Прилеп низ пишаните и материјални извори,* Balcanoslavica 47, 2018, 192-195.
[76] Е. Димитрова, *Манастир Матејче,* Скопје, 2002, 33-37.

архитектурата и во уметничкото ликовно изразување. Во новосоздадените услови бил спречен нормалниот развиток на литературата, просветата и уметноста. Сепак манастирите останале како културни средишта кои продолжиле да ја негуваат препишувачката дејност. Бројот на архитектонските и црковните градби бил значително намален, додека новоизградените градби биле со доста намалени димензии. Со намалена креативност и слобода, во овој период продолжува сè уште да се негува фрескосликарството во црквите, но на територијата останувале сè помал и помал број на зографи поради ограниченоста во дејноста.

Низ целиот средновековен период на територијата на Македонија, покрај динамичните историски настани, покрај економските и политички прилики и неприлики, културата секогашго наоѓала својот пат да се развива и издигнува во сите нејзини правци. За тоа сведочат, ракописите преку книжевноста, архитектонската продукција преку бројните и монументални цркви, уметничкото творештво преку фрескоансамблите и иконописот преку иконите и занаетчиското творештво преку предметите за украсување.

Сите тие културни правци, преку своите високи уметнички дострели ја претставуваат средновековната уметничка ризница на нашиот историски, духовен и културен идентитет. Монументалните храмови, раскошните и креативни фрескоансамбли, поучните текстови, иконописните творби и специфичните изработки на накитот го воздигнуваат македонскиот средновековен уметнички трезор на највисоко ниво и претставуваат наше непроценливо културно наследство.

## 3. Осврт врз археолошките локалитети во околината на Прилеп

Средновековниот накит депониран во Завод и музеј - Прилеп и привремено во Институтот за старословенска култура – Прилеп во најголема мера потекнува од систематските и заштитни археолошки ископувања кои се одвивале на просторот на Маркови Кули, Варош, Дебреште и на повеќе локации во регионот на Мариово. Презентираниот накит е собиран од долгогодишните археолошки истражувања врз некрополите, односно накитот еископуван во гробните конструкции како дел од погребните обреди. Но, има и примероци на накит коишто се пронајдени надвор од гробните конструкции, најверојатно поради таложењето на земјата ги довело надвор од гробните камари, но има и таков накит кој е откупуван од поединци на кои не им е позната конкретната локација, односно не е откриено на кој локалитет припаѓаат и не е познато нивното потекло.

Археолошките истражувања во Прилеп и неговата околина започнуваат во раните педесетти години на минатиот век и траат до денес. Овие истражувања биле водени од повеќе институции, пред сè, од Институтот за старословенска култура во Прилеп, Заводот за заштита на спомениците и музеј на град Прилеп и Музејот во Лублин, Полска, како и Полскиот конзерваторски центар од Варшава [77].

Во овој труд се претставени движни археолошки наоди од четиринаесет локалитети. Најголем дел од наодите потекнуваат од затворени археолошки контексти, пред сè погребувања, и како случајни наоди, наоди од населбински простор, а мал дел од наодите се откупени за потребата на музејските збирки.

Во овој труд се презентиранинаоди од следните археолошки локалитети:

- Задна Река – Грмајте, с. Витолиште, Мариово со 64 примероци;
- Трпчева Црква, с. Дуње, Мариово со 151 примерок;
- Црква Св. Никола, с. Манастир со 3 примероци,
- Страгата, с. Крушевица со 13 примероци,
- Маркови Кули, Варош со 97 примероци,
- Гробишта, Варош со 20 примероци,

[77] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 17-19.

- Поткули, Варош со 39 примероци,
- Црква Св. Атанас, Варош со 23 примероци,
- Црква Св. Димитрија, Варош со 34 примероци,
- Црква Св. Јован, Варош со 4 примероци,
- Црква Св. Никола Варош со 13 примероци,
- Илино – Шаторов Камен со 9 примероци,
- Црква Св. Ѓорѓи, с. Пресил со 4 примероци и
- Локалитет Градиште, с. Дебреште со 9 примероци.

Првите археолошки наоди од средновековниот период на Прилеп се пронајдени со археолошките истражувања на црквата Св. Никола – Варош, во 1958 година. Во понатамошните истражувања низ наредните години сѐ повеќе и повеќе се засилуваат археолошките ископувања на Прилеп инеговата околина. Во шеесеттите години започнува да се истражува црквата Св. Архангел Михаил и нејзината околина, потоа се организираат големи истражувања кај црквата Св. Никола, црквата Св. Димитрија - Варош, Маркови Кули, Поткули и др. Потоа истражувањата продолжуваат во неколку археолошки кампањи, како во 1990 и 2000 година на Трпчева Црква и Задна Река – Грмајте. Повеќедецениските систематски археолошки истражувања изведени на Маркови Кули, Варош и околината на Прилеп ги поставија темелите на средновековната археологија на Македонија. Во рамките на овие истражувања биле откриени значајни сегменти од урбаното јадро, бедемите, населбинските комплекси, подградијата, инфраструктурните објекти, производните целини, работилници, панаѓуришта, бројни цркви и манастири со нивните околни некрополи [78]. Меѓутоа, покрај овие недвижни објекти, бил откриен и многуброен гробен инвентар [79]. Овде накратко ќе бидат прикажани археолошките наоѓалишта од X до доцниот XVII век.

Голем проблем за истражување на зададената тема е тоа што резултатите од споменатите археолошки истражувања се само фрагментарно публикувани, а нивната документација не е целосно достапна, што ја отежнува понатамошната поопсежна анализа на накитот и неговото значење како археолошки наод.

[78] Б. Ристески, *Краток приказ на досегашните археолошки истражувања во рамките на просторната целина „Маркови Кули“,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 357-360.

[79] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските словени во светлината на археолошките истржувања во Прилеп,* Прилеп, 1986, 17-19.







Карта 1 - Карта на населени места на територија на Општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, со назначени археолошки локалитетити

1. Задна Река - Грмајте, Витолиште
2. Трпчева Црква, Дуње
3. Св. Никола, Манастир
4. Страгата, Крушевица
5. Маркови Кули, Варош
6. Гробишта, Варош
7.Поткули, Варош
8. Св. Атанас, Варош
9. Св. Димитрија, Варош
10. Св. Јован, Варош
11. Св. Никола, Варош
12. Илино, Шаторов Камен
13. Св. Ѓорѓи, Пресил
14. Градиште, Дебреште

### 3.1. Локалитет Задна Река – Грмајте, с. Витолиште, Мариово

Археолошкиот локалитет Задна Река – Грмајте се наоѓа во обласа Мариово, на околу 1,2 километри оддалеченост северно од селото Витолиште. Самата локација претставува зарамнето плато кое се простира од двете страни на коритото на Задна Река, но голем дел од некрополата е уништен со нејзиното поместување. Сочувани се деловите од некрополата што биле формирани на левиот брег.

Во периодот од 1983 година до 1990 година локалитетот е систематски истражуван од страна на Завод и музеј – Прилеп, под раководство на Лилјана Кепеска. Со ископувањата откриен е дел од доцноантичка населбасо некропола врз која во средниот век се формирала некропола на редови.

Како дел од некрополата истражен е 51 погребување, од кое 4 се дел од доцноантичката некропола со гробен инвентар кој датира од периодот на I до V век, додека останатите 47 се средновековни. Некрополата е од типот на рамни некрополи. Погребувањата во некрополата се организирани во редови со одредени отстапувања од организацијата. Покојниците биле положени во правец запад – исток, според востановените христијански практики, со главата поставена на запад, додека нозете на исток. Покојниците се инхумирани во испружена положба, главата е поставена право, со одредени свртувања кон лево или десно, за кои не може да се одреди закономерност. Рацете на покојниците биле положени во различни позиции и тоа на градите, стомакот или карлицата. Покојниците биле директно положувани на земја.

Погребувањата се извршени во јами делумно или целосно оградени со камени плочи, кај некои од нив плоча е поставена само кај главата или кај главата и нозете. Дел од гробовите се покриени со помали и поголеми камени плочи. Истражувачот Л. Кепеска, упатува на можноста дека некои гробни јами по надолжните страни биле оградени со штици коишто биле прикрепени со по некој камен или камена плочка.

Густината на гробовите е диктирана од слободниот простор помеѓу едно и друго закопување, како и од архитектонските остатоци на постариот објект. Постои веројатност гробовите да биле означени со дрвени маркери. На ова упатува тоа што освен кај две пограбувања, кај останатите нема забележано пореметување, односно подоцнежни упади и реупотреба на истите гробови.

На жалост, не е извршена антрополошка анализа на скелетните наоди така што не може да се одреди половата и возрасната структура на населението. Сепак, може да се каже дека една третина од скелетите припаѓаат на деца или вкупно 16, додека останатиот 31 скелет припаѓа на возрасни индивидуи. Ваквата бројност на детски погребувања наспроти погребувањата на возрасни индивидуи упатува на населбинска некропола.

Како гробен инвентар во истражените гробови се јавува единствено накит со исклучок на едно погребување каде е откриен и керамички сад. На оваа некропола застапен е накитот за глава, накитот за раце и накитот за врат со вкупно 64 примероци.




Накитот за глава е застапен со вкупно 30 примероци изработени од бронза, позлата и емајлирање, типолошки се поделени во неколку групи и тоа наушници алки со и без нанижан додаток, наушници со една биконична јагода и лунулести наушници. Накитот за раце е застапен со 33 примероци од кои 17 припаѓаат на гривни, додека 16 на прстени. Гривните се изработени од бронза и стакло. Од металните гривни застапени се лентести гривни, полнолиени гривни со кружен пресек и проширени краеви како и тордирани гривни. Помеѓу стаклените гривни се застапени гривните со

правоаголен пресек од темна стаклена паста, како и стаклени гривни со кружен пресек и вметната нишка. Прстените се застапени со 4 типа и тоа прстени алки изработени од тељ, полнолиени прстени со проширена рамна глава, прстени со тричлена разделба и прстени со вметнат украс. Накитот за врат е застапен само со еден примерок на оловен крст.

Според гробните наоди оваа некропола може да се датира во периодот на XI и XII век со акцент на втората полова на XI и првата половина на XII век.

***Библиографија*****:** Л. Кепеска, *Задна Река-Грмајте, Средновековна некропола*, Прилеп, 1995, 11-14; Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 208 -209; Л. Кепеска, К. Кепески*, Доцноантичка градба од Задна Река – Прилепско,* Macedoniae acta archeologica 14, 1995, 181-191; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 289; Л. Кепеска, К. Кепески, *Витолиште во светлината на археолошките истражувања,* Културно наследство XIV – XV,1987-88, Скопје, 1990, 57-59; Л. Кепеска, К. Кепеска, Б. Китаноски, *Мариово Рекогносцирање*, Arheoloshki pregled 25, Ljubljana, 1986, 115 – 123; Л. Кепеска, К. Кепески, *Задна Река – Грмајте / Античка и словенска некропола*, Arheoloshki pregled 26, Ljubljana, 1986, 129 – 130; Л. Кепеска, К. Кепески, *Средновековна некропола од Задна Река – Прилепско,* Macedoniae acta acrhaeologica 14, 1995, 193 – 198; Л. Кепска, К. Кепески, *Двојна некропола – Задна Река*, Macedoniae acta archaeologica 10, 1989, 215 – 223; Л. Кепеска, К. Кепески, *Задна Река – Грмајте-Zadna Reka Grmajte*, Arheološki pregled, 1985, Ljubljana, 1985, 129-130.

### 3.2. Локалитет Трпчева Црква, с. Дуње, Мариово

Локалитетот Трпчева Црква се наоѓа во регионот на Мариово на 2 км југозападно од селото Дуње и 2 км југоисточно од селото Кален. Локалитетот е сместен на зарамнета тераса која се надвиснува над десниот брег од Лисичка Река. Поволната локација на која е сместен му овозможува природна заштита.

Овој археолошки локалитет е евидентиран во текот на 1982 година, при археолошките рекогносцирања на Мариово извршени за потребите на проектот „Археолошка карта на Македонија“. Потоа, локалитетот е истражуван систематски во шест сезони во периодот помеѓу 1991 и 2000 година, од страна на НУ Завод и музеј - Прилеп, под раководство на Лилјана Кепеска. Со овие ископувања на централниот простор на локалитетот откриена е и истражена ранохристијанска црква со трикорабна диспозиција и средновековна некропола. Некрополата се простира во рамки на архитектонските остатоци од црквата и околу нив, зафаќајќи простор од 1000 м$^2$.

На оваа некропола се истражени 142 гробни целини, од кои потекнува скелетен материјал од вкупно 162 индивидуи. Некрополата е од типот на рамни некрополи организирана на редови. Сепак во западните делови на некрополата се забележливи благи отстапувања на редовите што е условено од одредено фамилијарно групирање на гробовите.

Покојниците биле положени во правец запад – исток, според востановените христијански практики. Сепак, забележани се минимални отстапувања, што веројатно биле условени од сончевата еклиптика и периодот кога погребувањето е извршено, но овде треба да се има предвид дека одредено влијание кон овие отстапувања имале и постарите архитектонски остатоци. Покојниците се инхумирани испружени со главата на исток и нозете на запад. Главата е поставена право, сепак, во одредени случаи таа е наклонета кон десно или лево. Во два случаи таа е положена врз камена плочка, а во еден случај таа е оградена со три камења, веројатно за да се држи насочена право кон исток. Рацете на покојниците најчесто се свиени во лактите и поставени високо на градите, на стомакот или ниско на карлицата, но има и случаи кога едната рака е испружена а другата поставена на карлица или гради.

Телата на покојниците биле директно положувани на земја, освен во два случаи, кога еден од покојниците е поставен врз под од камени плочи, а во друг случај врз под од фрагментирани тегули.

Гробните јами се изведени со вкопување во слој од земја над здравицата, делумно вкопување во земја, а дел со всекување во здравицата и јами целосно всечени во карпестата здравица. Најбројни се гробовите всечени во карпеста подлога додека пак гробовите во непосредна близина на црквата, се вкопани во слој од земја, но и во градежниот шут од објектот.

Се следат гробови изработени како слободни укопи, јами делумно оградени со помали и покрупни камења, како и гробови од типот на циста целосно оградени. При формирањето на гробната конструкција често е користен градежен шут. Дел од гробовите се покриени со камени плочи. Малиот број на погребувања коишто меѓусебно се пресекуваат, вкупно во два случаи, но и двојната и тројна реупотреба на истите гробови во 18 случаи упатува дека тие биле обележани над земјата. Постои веројатност дека тие биле обележани со маркери од органски материјал, но, истражувачот приметува и венец од камења поставени над гробната јама.

Антрополошката анализа на скелетните остатоци укажува дека на оваа некропола од вкупниот број на 162 индивидуи 53 припаѓаат на мажи, 60 на жени, 46 на деца и 3 се на неодредени индивидуи. Ова укажува дека станува збор за природна популација, односно за населбинска некропола.

Од вкупно 142 истражени гроба, во 62 се пронајдени гробни дарови. Станува збор, пред сè, за лични предмети на покојниците, односно за накит и делови од облека. Откриени се вкупно 180 наоди од затворени гробни целини и 7 вонгробни наоди. На некрополата Трпчева црква застапен е накит изработен од сребро, бронзаи стакло. Наодите припаѓаат на накитот за глава, накит за врат, накит за раце и торакален накит.

Накитот за глава е застапен со вкупно 36 наушници, изработен е од бронза и сребро во техника на калибрирање, филигран и гранулација. Наодите на наушници типолошки се поделени во пет типа и нивни варијанти, застапени се наушници алки, гроздолики наушници, наушници со една јагода, наушници со четири јагоди и наушници со висечки конусовиден додаток. Накитот за врат е застапен со 7 ѓердани изработени од стаклени и бакарни мониста, 3 бронзени крста и 2 бронзени енколпиони. Накитот за раце е застапен со 22 гривни и 87 прстени. Гривните според материјалот се групирани во стаклени и метални гривни. Стаклени гривни се вкупно 7 на број, застапени се стаклени гривни со правоаголен, кружен и полукружен пресек, а еден од примероците е изработен со усукување – тордирање. Металните гривни се вкупно 15 на број, застапени се лентести гривни со шарнир, лентести гривни со проширени краеви, полнолиени гривни со правоаголен, кружен и полукружен пресек, како и гривни од усукан односно тордиран тел. Прстените се изработени од бронза, сребро и стаклена паста. Тие се групирани во шест типа и нивни варијанти. Кај прстените од Трпчева Црква застапени се прстени алки, лентести прстени, полнолиени прстени со нагласена

глава, полнолиени прстени со нагласена глава и рамења, прстени со калотеста глава и прстени со вметнат стаклен украс. На крај торакалниот накит како дел од облеката е застапен со 1 примерок на железна тока.

Според гробните наоди оваа некропола може да се датира во периодот на X до XII век, со акцент на XI век и почеток на XII век.




***Библиографија:*** *Археолошка карта на Република Македонија*, Том II, Скопје, 1996, 298-299; Л. Кепеска, *Трпчева Црква-средновековна некропола*, Прилеп, 2008, 13-28; Л. Кепеска, *Трпчева Црква –истражувања 1997*, Macedoniae acta archaeologica 15, 1996-1997, Скопје, 1999, 213 – 223; Л. Кепеска, *Нови наоди од Трпчева црква*, Macedoniae acta archaeologica 14, 1993-1995, Скопје, 1996, 213 – 223; Л. Кепеска, *Словенска некропола кај с. Дуње, Мариово,* Macedoniae acta archaeologica 13, 1992, Скопје, 1993, 245 – 252; К. Кепески, *Ранохристијанска базилика кај Дуње – Мариово*, Macedonia eacta acrhaeologica 16, 2005, 247 – 258; Л. Кепеска, *Неколку крстови-приврзоци од прилепско*, Macedoniae acta archaeologica 16, 2005, 283 – 290; Л. Кепеска, *Трпчева Црква-истражувања 1997,* Macedoniae acta archaeologica 15, 1999, 309-323; Ф. Вељановска, *Палеодемографски карактеристики на населението на Македонија од бронзено време до среден век,* Macedoniae acta archaeologica 16, 2005, 333-348.

### 3.3. Црква Св. Никола, с. Манастир

Локалитетот Св Никола манастир се наоѓа во истоименото село Манастир во регионот на Мариово. Лоциран е високо над десниот брег на Црна Река, оддалечен 24 километри од градот Прилеп. Истражениот дел од некрополата се наоѓа во дворот од средновековна црква посветена на св. Никола.

Манастирот е подигнат на периферијата јужно до селото, покрај поголем извор на вода. Неговиот комплекс е ограден, а во средината на просторот е лоцирана трикорабна базилика изградена во 1095 година, која во 1266 година монахот Акакиј ја обновил. Според натписот, внатрешноста на црквата била живописана во 1271 година. Пред влезот, како и во црквата има мермерни сполии од римско време.

Во 1970 година, Заводот за заштита на спомениците и музеј на Прилеп под раководство на Благоја Китаноскиги започнале првите археолошки истражувањаво дворот на манастирската црква, додека истовремено била извршена и конзервацијата на живописот на црквата под раководство на Петар Миљковиќ Пепек.

Во периодот од 1989 до 2014 година, од страна на Бранислав Ристески, се реализирани сеопфатни археолошки истражувања на манастирскиот комплекс Св. Никола во селото Манастир – Мариово, при што скоро во целост е истражен просторот во рамките на рецентниот манастир.

Како резултат на овие археолошки истражувања се издвоени четири основни етапи во егзистенцијата на манастирот, хронолошки детерминирани во времето од последната деценија на XI до средината на XX век. За секоја од овие етапи се изјаснети структуралните содржини на манастирскиот комплекс, при што се откриени делумно или целосно сочувани повеќе од 130 гробови. Покрај тоа, во рамките на споменатите археолошки истражувања се откриени сразмерно голем број целосно или фрагментарно сочувани наоди од накит и предмети за украсување со хронолошка припадност од последната деценија на XI до средината на XX век. Откриените археолошки наоди сè уште не се целосно објавени пред научната и стручна јавност. Затоа овде се претставени само наодите коишто се откриени при ископувањата во седумдесеттите години на минатиот век.

Од публикуваните 12 гроба може да се изведат следните заклучоци за локалитетот. Некрополата откриена на овој локалитет е од типот на редови, организирана е околу манастирската црква. Покојниците се инхумирани, положени во правец запад – исток, со главата поставена на запад, додека нозете на исток. Главата е поставена права со мали свртувања кон лево или десно. Покојниците се поставени на грб, нозете им се испружени, додека положбата на рацете кај сите покојници била различна, поставени на стомакот една врз друга, прекрстени на стомакот и прекрстени под гушата.

Гробните конструкции се градени од камења и камени плочи. Гробните јами се целосно или делумно оградени со камења од северната и јужната страна. Дел од гробовите се покриени со камени плочи.

Од истражените гробови еден гроб припаѓа на дете, додека другите гробови се на возрасни покојници. Од движните наоди како гробни прилози од првите археолошки истражувања се откриени две наушници во гробот 11 и еден прстен во гроб 1 изведени од бакар кои се датираат од доцниот среден век, односно раното турско средновековие.

Од накитот како гробен инвентар застапени се 1 кружна наушница, една лунулеста наушница изработена од бакар односно од бронза и еден полнолиен бронзен прстен.

Според пронајдениот гробен инвентар оваа некропола се датира во периодот на XIV – XVвек.

Наодите од систематски археолошки истражувања изведени во минатата деценија се обработени и чекаат публикување од страна на истражувачот, па затоа тие не се вклучени во овој труд.

***Библиографија*:** Б. Китаноски, *Средновековна Некропола во селото Манастир,* Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп, 1986, 115-118; Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 212; Б. Бабиќ, *Краток преглед на спомениците на културата на Прилеп и Прилепскиот кра*ј, Прилеп [б. Г.], 18-20; И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје, 1996, 261- 264; *Археолошка карта на Република Македонија,* том II, Скопје, 1996, 287; Д. Коцо, П. М. Пепек, *Манастир*, Скопје, 1958; П. Костовска, *Св. Никола Манастир*, Скопје, 2020, 33, 34, 36; Раководителот на археолошките истражувања, д-р Бранислав Ристески во текот на оваа

година ќе ја финализира монографијата „ Манастирскиот комплекс Св. Никола во селото Манастир – Мариово, резултати од археолошките истражувања”; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија,* Скопје, 2006, 86, 140-141; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија-култура-уметност,* Македонија: милениумско-културно-историски факти, Скопје, 2013, 1618-1619, 1666-1667.

### 3.4. Локалитет Страгата, с. Крушевица, Мариово

Овој локалитет се наоѓа во атарот на мариовското село Крушевица, на една карпеста падина во близина на коритото на Крушевичка Река. Локалитетот претставува тумул од железното време, а во непосредна близина има археолошки остатоци кои покажуваат постоење на населба.

Во 2001 година, биле извршени археолошки истражувања на тумулот одстрана на Завод за заштита на спомениците и музеј Прилеп, под раководство на А. Миткоски.

Археолошките истражувања на овој праисториски тумул укажуваат дека тој се користел во еден долг временски период, па истражувачите забележале остатоци и од римското време, доцната антика па сè до средниот век.

Со ископувањата на тумулот се откриени 77 гробни конструкции повторно употребени во средниот век кои го исполнуваат просторот на железновременскиот тумул, ограничени со оградниот прстенест ѕид. Гробовите се поставени во редови, а се забележуваат и одредени групации.

Покојниците се положени со ориентација запад-исток, постојат отстапувања согласно постоечкиот простор и ориентацијата на постарите гробови. Забележани се погребувања со ориентација север – југ за кои истражувачите констатирале дека припаѓаат на друг временски период, односно на железното време. Покојниците се инхумирани во испружена положба, со погледот свртен кон север или југ, без некоја закономерност. Поставени се на грб со испружени нозе, додека рацете се прекрстени на стомак или гради.

Покојниците биле положени во јами кои се формирани од помали камења или камени плочи со издолжена правоаголна или трапезоидна форма, но има и гробови издлабени во карпеста подлога. Забележано е делумно оградување на гробната јама со неколку поситни камења или пак директно вкопување без оградување. Дел од гробовите се од типот на циста целосно оградени и покриени со камени плочи.

Погребувањата во најголемиот број случаи се поединечни, но констатирани се и повторни погребувања во иста гробна камара кои меѓу себе имаат временска дистанца. Скелетните остатоци од постарите покојници се откриени најчесто во пределот на нозете од помладото погребување. Дел од гробовите биле одбележани со маркери, на што упатува откриената плочка со врежан крст.

Според антролошките анализи од вкупниот број на истражени гробови, 32 гробови припаѓаат на деца додека останатите гробови припаѓале на возрасни лица. Бројноста на детски гробови покажува на лошите економски услови во периодот кога некрополата била користена.

Со археолошките ископувања од вкупно 77 гробови, гробен инвентар е откриен само во 7 гроба. Од гробните наоди се застапени само предмети за лично украсување како што е накитот.

Од оваа некропола потекнува инвентар што содржи 10 наушници и 3 прстени. Изработени се од сребро, бронза, железо и стаклена паста.




***Библиографија:*** А. Миткоски, *Три средновековни некрополи од Прилепско,* Македонско наследство, 19, 2002, 3-52; А. Миткоски, *Примарниот тумул од локалитетот Страгата кај село Крушевица, Мариово*, Macedoniae acta archaeologica 23, 2021, 175-204; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 302


НЕКРОПОЛИ
МАРКОВИ КУЛИ
МАРКОВИ КУЛИ
СВ. АРХАНГЕЛ
СВ. АТАНАС
СВ. ДИМИТРИЈА
СВ. НИКОЛА
СВ. ЈОВАН
ПОТКУЛИ
ГРОБИШТА

### 3.5. Локалитет Маркови Кули, Варош

Локалитетот Маркови Кули е сместен во гранитно-планинскиот комплекс, северно од Прилеп, оддалечен 5 километри од центарот на градот. Марковите Кули претставуваат рид кој е одвоен од планините и ја надвишува рамницата со речиси 120 до 180 метри. Неговата местоположба овозможува голема прегледност над североисточниот дел на Пелагониската Рамница, додека во подножјето се вкрстуваат повеќе значајни патишта. Релјефот на ридот е стрмен и прекриен со огромни гранитни карпи, додека на средината на врвот има широко рамно седло врз кое се формирала населба. Во подножјето се наоѓа селото Варош, коешто претставувало подградието на оваа тврдина.

Марковите Кули, заедно со бројните сондажни, заштитени и систематски ископувања околу и на просторот на денешното село Варош, претставуваат едни од најдобро истражените средновековни тврдини на просторот на Балканот. Првите ископувања започнуваат во педесеттите години на минатиот векво организација на Заводот за заштитана спомениците и музеј – Прилеп, Институтот за старословенска култура – Прилеп, Музејот и Универзитетот „ Марија Кири Склодовска " од Лублин, Институтот за материјална култура при Полската академија на науките, како и Полскиот конзерваторски центар од Варшава, а под раководство на Бошко Бабиќ. Овие ископувања со помали паузи ќе се одвиваат сѐ до почетокот на втората деценија на овој милениум.

Со систематските археолошки истражувања во XX век, се откриени големи делови од градот, бедемите, населбинските комплекси, подградијата, инфраструктурните објекти, производните целини, работилниците, бројни цркви и манастири опкружени со некрополи. Еден од позначајните пунктови истражени при овие обемни ископувања е некрополата на Маркови Кули. Оваа некропола се наоѓа на источните падини на масивот, надвор од бранетиот простор на тврдината.

Некрополата е поделена на четири сегменти означени како А. B, Cи D. Ова е најголемата досега откриена и истражена некропола на средновековен Прилеп, со документирани 218 гробови од кои потекнуваат различни парчиња на накит и украси за облека.

Локалитетот Маркови Кули припаѓа на групата на рамни некрополи, гробовите се организирани во редови. Покојниците се погребувани со ориентација запад-исток со главата поставена на запад, а нозете на исток. Помали отстапувања се појавуваат на сите сектори, а единствени на секторот D се појавуваат 11 погребувања со положени покојници во правец север – југ. Покојницте се положени на грб, во испружена положба, рацете им се прекрстени на карлицата, стомакот или градите.

Погребувањата се изведени во гробни јами, вкопани во земјата или издлабени во мекото карпесто тло. Дел од гробовите се без ограда, а останатите се оградени се аморфни камења формирајќи трапезоидна основа. Кај некои од погребувањата има и покрив од делкани гранитни плочи.

При истражувањето на некрополата пронајден е гробен инвентар составен претежно од накит, меѓу кој е откриен накитот за глава, врат, раце, како и украсите за облека.




Помеѓу накитот за глава застапени се 25 бронзени наушниции тоа наушници – алки, наушници со украс од жица, наушници со една јагода, наушници со гужва, висечки наушници и наушници со трепетушка. Накитот за раце е застапен со 30 примероци на гривни од кои 9 од стаклена паста и 21 бронза и 13 бронзени прстени.

Помеѓу металните гривни доминираат полнолиените со отворени и расковани краеви, полнолиените со квадратен пресек, како и полнолиените со триаголен пресек, а застапени се и тордираните гривни. Кај прстените доминираат лентестите прстени и полнолиените прстени со проширена глава. Помеѓу останатите наоди откриени се и 1 бронзен крст, 4 бронзени токи и 13 бронзени копчиња.

Според гробниот инвентар, како и монетите откриени во овие погребувања некрополата може да се датира во периодот на XII-XIVвек.

***Библиографија:*** Архе*олошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 283-286; И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, книга 5, Скопје, 1996, 249-254; Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 187; Б. Бабиќ, *Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и прилепскиот крај,* Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија том IV, 1981, 31-32; Б. Бабиќ. *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 26, 31, 45, 185, 233-235; М. Ч. Љубинковиќ, *Средновековен накит од Прилеп и Маркова Варош во народниот музеј во Белград*, Зборник-1959-1960, Скопје, 1981, 77-88; Б. Ристески, *Маркови Кули-Варош, Прилеп, сектор сред кули и рамниште*, Македонски археолошки преглед, Скопје, 2008, 259-263; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 164-165; Б. Ристески, *Доцната антика и средниот век во рамките на просторната целина „Маркови Кули“-Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 71-73; Б. Ристески, *Краток приказ на досегашните археолошки истражувања во рамките на просторната целина „Маркови Кули“*, Balcanoslavica, 2018, 357-360; Прилеп и прилепско низ историјата, Прилеп, 1971, 87-89; Б. Бабиќ, *Краток преглед на спомениците на културата на Прилеп и Прилепскиот крај*, Прилеп, (б.г.), 10-11; Б. Бабиќ, *Културно наследство на Прилеп од V-XIX век,* Прилеп, 1976, 7; Тврдината Маркови Кули-извештаи од работите на мисијата 1977-1983, Warszawa 1985; В. Лилчиќ-Адамс, *Маркови Кули Варош – во контекстот на рановизантискиот сигнален систем во VI век п.е.,*Balcanoslavica 47, Prilep, 2018, 91-105.

### 3.6. Локалитет Гробишта, Варош

Локалитетот Гробишта претставува средновековна некропола сместена во крајната западна периферија на Варош, северно од магистралниот пат Прилеп, Варош и Кичево.Во шеесеттите години на минатиот век, во организација на Заводот за заштита на спомениците и музеј – Прилеп, во соработка со музејот во Лублин - Полска, а под раководство на Б. Бабиќ биле започнати првите систематски археолошки истражувања на овој локалитет.

Како резултат на овие археолошки истражувања откриени се 57 гробови од кои во 11 не се откриени скелетни остатоци од покојниците. Во два од гробовите е констатирано двојно погребување.

Покојниците биле инхумирани, во испружена положба со главата на запад, а нозете на исток. Положени на грб, со испружени нозе, додека рацете се прекрстени на стомак.

Гробовите се во два хоризонта, постариот хоризонт на гробови е вкопан во карпестото тло, додека помладите се градени од помали камени плочи. Гробовите од двата хоризонта имаат покриви од камени плочи.

Кај гробовите вкопани во карпа, се разликуваат два основни типа, првиот кој има изразена антропоморфна форма со алвеола кај главата, додека вториот тип е во форма на трапез.

Во погорните слоеви на некрополата е пронајден дел од масивен камен ѕид, кој според истражувачите, веројатно упатува на постоење на средновековна црква на овој простор.

Гробен инвентар е откриен во 23 од гробовите. Главно е застапен накит и украси за облека, но куриозитет претставуваат два гроба во кои се откриени катанци. Од накит застапен е накитот за глава со 3 наушници, накитот за раце со 11 прстени, украсите за облека со 2 копчиња и торакалниот накит со 4 токи. Накитот од овој локалитет е изработен од сребро, бронза и бакар.

Откриените наоди може да се датираат во периодот од XI до XV век.




***Библиографија:*** Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп*, Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 165-166; B. Babić, *Grobišta –srednovekovna nekropola*, Arheološki pregled, 7, Beograd, 1965, 174-175; Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 192-194.

### 3.7. Локалитет Поткули, Варош

Локалитетот Поткули се простира по потегот на југоисточните падини на комплексот Маркови Кули, а североисточно од денешната населба Варош. Започнува од запад од комплексот феудален дворец, од југ е затворен со потегот Гнилиште, на исток се протега до Крклари, а североисток се затвора со локацијата Село. Овој локалитет претставува споменичен комплекс со долг континуитет, од праисторијата па сѐ до турското средновековие.

Археолошки истражувања на овој локалитет се изведувани во повеќе наврати започнувајќи од шеесеттите години па сѐ до средина на осумдесеттите години на минатиот век. Тие се изведувани во организација на Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, Институтот за старословенска култура – Прилеп,

Музејот во Лублин - Полска, а под раководство на Бошко Бабиќ и подоцна на Милоје Мандиќ.

При археолошките ископувања на овој локалитет се откриени 119 погребувања. Покојниците на оваа некропола се инхумирани, положени се во правец запад – исток, со главата поставена на запад, а нозете на исток. Единствено во еден случај (гроб 40), покојникот е положен во правец север – југ. Покојниците биле положени на грб, со испружени нозе, рацете поставени на стомакот или градите.

Гробовите може да се поделат во две групи, во првата спаѓаат слободните закопи во јама без конструкција, додека во втората спаѓаат гробовите оградени со венец од помали или поголеми камења. Дел од гробовите се покриени со плочи.

Од гробниот инвентар застапени се следните наоди: накитот за глава со 17 бронзени наушници, накитот за раце со 6 бронзени гривни, 5 стаклени гривни и 9 бронзени прстени, потоа торакалниот накит со 1 тока и украсите за облека застапени со 4 копчиња.

Според движните наоди оваа некропола припаѓа на периодот на XII – XIII век.



***Библиографија:*** Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 197; M. Mandič*, Поткули-средновековна населба и некропола,* Archeološki pregled, Ljubljana, 1985, 180-181; Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 26, 190-192; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 287; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018,166.

### 3.8. Црква Св. Атанас, Варош

Локалитетот Св. Атанас - Варош се наоѓа на западниот крај на денешен Варош, на просторот околу остатоците на средновековната црква Свети Атанас. Оваа црква која денес е сочувана без кров припаѓа на типот на цркви со основа на впишан крст. При нејзиното градење во темелите на црквата се вметнати голем број на антички сполии од мермер од римско време, меѓу кои архитравни греди, столбови и друго. Според истражувачите, изградбата на црквата започнала непосредно пред османлиското освојување на Прилеп и таа никогаш не била завршена.

На просторот на Св. Атанас, во периодот од 1959 до 1966 година, извршени се систематски археолошки истражувања во повеќе наврати. Истражувањата се изведени во организација на Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, во соработка со музејот во Лублин, Полска, а под раководство на Бошко Бабиќ.

Истражувањата се изведени на страничниот засек на терасата, југозападно од црквата Св. Атанас, каде се откриени богати средновековни културни слоеви. Сондажните ископувања продолжиле североисточно, северно и југозападно од црквата. Како резултат на археолошките истражувања околу црквата, се откриени неколку слоеви на живеење, односно има траги од населба од XII до XIV век. Во долниот слој има траги од дрвени куќи со четириаголна основа. Во средниот слој се пронајден остатоци од куќи, ѕидани од кршен камен и кал, јами за складирање на жито, станбени јами, топилници за железо, работилници за изработка на предмети од железо, грнчарска печка, остатоци од куќа. Археолошките наоди и хемиски анализи на пронајдените работилници ни укажуваат на одредена металуршка активност на обоени

метали и стаклени пасти. Откриена е и печка за топење руда, односно кади за печење и грнчарска работилница.

Покрај бројните објекти од повеќе средновековни хоризонти, на овој простор, покрај надворешната страна на северниот ѕид од црквата Свети Атанас е откриен дел од некропола со истражени 10 погребувања. Покојниците се инхумирани, во ориентација запад – исток, со главата поставена на запад, а нозете на исток. Положени се на грб, со испружени нозе и прекрстени раце на стомакот и градите.

Гробовите имаат конструкција од камени плочи, а некои од нив и покрив. Гробен инвентар е откриен само во две погребувања, и претставува дел од накит, како и монети.

Накитот на овој локалитет покрај како гробен инвентар е откриен и во останатите археолошки слоеви, застапен е со вкупно 18 примероци меѓу кои: накит за глава со 1 бронзена наушница-алка, накит за раце со 3 фрагментирани гривни од стаклена паста и 9 бронзени лентести прстени со декорација, како и украси за облека застапени со 5 луксузни примероци на аграфи.



***Библиографија:*** Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 200; Б.Бабиќ, *Материјалната култура на македонските словени во светлината на археолошките истржувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 134-182; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 287; Б. Бабиќ*, Краток преглед на спомениците на културата на Прилепи Прилепскиот крај, Прилеп* [б. г], 12- 3; B. Babič, Prilep – Varoš crkva, Sv. Atanas-srednovekovno naselje, Arheološki pregled 7, Beograd, 1965, 172; Б. Бабиќ, *Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и прилепскиот кра*ј, *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, том IV, 1981, 33; О. Петров, *Прилог за економијата на доцносредновековен Прилеп преку сознанијата дипломската-документарната граѓа и археолошките наоди,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018,252-253; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 166; Прилеп и прилепско низ историјата, Прилеп, 1971, 89-90.

### 3.9. Црква Св. Димитрија, Варош

Локалитетот Свети Димитрија се наоѓа во централниот дел на Варош, во дворот на црквата Свети Димитрија. Оваа црква првично е изградена и живописана во втората половина на XII век, подоцна доградувана во XIII век и кон крајот на XIV век. Сочуваниот живопис датира од 1290 година. Ктитор на подоцнежните доградувања и живоспис е византискиот благородник Димитриј Мосинополит. Црквата припаѓа на најстарите и најзначајни објекти од средновековната архитектура која е зачувана во Прилеп. Од грамотите за манастирот Трескавец на Цар Стефан Душан, кои се издадени во периодот од 1334-1345 година дознаваме дека во дворот на црквата Св. Димитрија постоел панаѓур во втората половина на XIII век. Во склоп на панаѓурот постоеле бројни работилници за изработка на метални орудија, накит, текстил, керамички садови и др.

На овој простор изведени се археолошки истражувања во периодот од 1963 до 1969 година. Носител на истражувањата бил Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, во соработка со Универзитетот „Марија Кири-Склодовска“ од во Лублин - Полска, а под раководство на Бошко Бабиќ. При првите

истражувачки зафати на црквата е откриен постар фрескослој од XII век. Со археолошките истражувања во црквата и просторот околу неа се пронајдени остатоци од куќи, глеѓосани керамички фрагменти, јами и објекти од втората половина на XI век. Откриени се и остатоци од словенски куќи од XI – XII век. Пронајдени се монети кои датираат од Јован I Комнин (1118-1143) и Мануил I Комнин (1143-1180).

На просторот северно, западно и јужно од црквата, како и во рамки на нејзините странични бродови и нартексот откриени се 55 погребувања во повеќе хоризонти. Најстарите погребувања се вкопани во здравица. Ориентацијата на погребувањата е запад – исток, со главата поставена на запад, а нозете на исток. Покојниците се инхумирани, поставени на грб.

При археолошките ископувања како гробен инвентар, но и наоди од слоевите откриени се повеќе типови на накит. Од накитот за глава застапени се 5 типови на наушници: 1 бронзена наушница алка, 1 сребрена наушница со „S“ завршеток, 1 бронзена наушница од тип „Курбиново“, 1 бронзена наушница со трепетушка и 1 бронзен приврзок со неправилна кружна форма. Од накитот за раце, застапени се 1 сребрен прстен со монограм, 1 полнолиен сребрен прстен и 13 полнолиени бронзени прстени. Од накитот за облека застапени се 9 бакарни копчиња и 2 бронзени пафти.



Некрополата која се простирала околу црквата Свети Димитрија има долг континуитет, кој може да се следи од XIII-XIV век за што сведочи гробот 37, па сè до XX век.

***Библиографија***: Б. Бабиќ. *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 17-19, 118-131; Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија,* Скопје, 1992, 202; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 287; В. Ристић, *Црква Светог Димитрија у Прилепу,* Крушевац, 1979, 171-157; Б. Бабиќ, *Археолошки ископувања во и околу црквата Св. Димитрија во селото Варош кај Прилеп*, Macedoniae acta archaeologica 1, 1975, 213-241; B. Babič,*Crkva Sv. Dimitrija-crkva, nekropola i srednovekovno naselje,*Arheološki pregled, 7, Beograd, 1965, 173-174; B. Babič, *Crkva Svetog Dimitrija, Varoš- Prilep-srednovekovno naselje, crkva I nekropola*, Arheološki pregled 14, Beograd, 1972, 125-127; Б. Бабиќ, *Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и прилепскиот крај*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонијатом IV, 1981, 32-33; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 167; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Граднаковска, *Средновековна Македонија-култура и уметност,*Македонија: милениумски културно-историски факти, Скопје 2013, 1626-1629, 1675-1678; Прилеп и прилепско низ историјата, Прилеп, 1971, 94; Б. Бабиќ, *Краток преглед на спомениците на културата на Прилеп и Прилепскиот крај*, Прилеп, (б.г.); Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија,* Скопје, 2006, 96-97, 146-150; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 167.

### 3.10. Црква Св. Јован, Варош

Локалитетот Свети Јован, се наоѓаво Варош, на неколку метри северозападно од оградата на дворот на училиштето.

На овој локалитет се вршени археолошки истражувања во 1960 година од страна на Завод за заштита на спомениците на култура – Прилеп, под раководство на Бошко Бабиќ. Непосредно под површината откриен е ѕид од црквата, изграден од тула, кршен камен и

варовен малтер. Целосно бил откриен северниот ѕид од припратата. Источната страна на ѕидот е прилепена до западната фасада на постара црква. Северниот ѕид на црквата е сочуван во должина од околу 8 метри. Источната страна на црквата се претпоставува дека настрадала при градењето на оградата на училишниот двор. Јужната страна е оштетена. Откриени се и мермерни фрагменти од античка декоративна пластика. При ископувањето откриени се неколку фрагменти на живопис кои ѝ припаѓале на црквата. Откриените фрагменти на живопис, според стилските сликарски карактеристики припаѓаат на XIV век.

Во близина на црквата истражени се 15 гробови со ориентација запад-исток, со незначителни отстапувања. Покојниците биле инхумирани, положени на грб, во испружена положба.

Регистрирани се два типа на гробови, првите претставуваат слободни закопи во јами, додека вториот тип претставуваат конструкции во вид на циста, изработени од камени плочи. Овие гробни конструкции имаат трапезоидна форма, а  имале и покривни камени плочи.

Како гробен инвентар на оваа некропола откриени се 4 предмети, односно парчиња на накит. Од накитот за глава застапена е 1 посребрена наушница во форма на прашалникдодека од накитот за раце застапени се 3 бронзени полнолиени прстени кои имаат плочеста декорирана глава.



***Библиографија:*** Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп, 1986, 133-134; Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 204-205; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 287; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 161-177.

### 3.11. Црква Св. Никола, Варош

Локалитетот Св. Никола, претставува средновековна црква и некропола околу неа. Локалитетот се наоѓа во средишниот дел на денешната населба Варош, во и околу црквата посветена на св. Никола. Оваа црква била подигната на старо култно место во XIII век, односно во 1298 година од ктиторот благородникот Вего Капза и неговата сопруга Марија. Црквата претставува еднокорабен објект со тристрана апсида.

Археолошките истражувања овде се извршиле во 1958 и 1960 година, во црквата и јужно од неа. Истражувањата ги извел Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, под раководство на Бошко Бабиќ. Истражен е целиот двор на црквата како и нејзината внатрешност.

На просторот околу црквата е констатирана некропола. Оваа некропола има долг континуитет на егзистирања. Севкупно се истражени 167 погребувања од кои, веројатно само 11 се од средновековниот период и биле наменети за членовите на ктиторските фамилии. Останатите гробови се рецентни и веројатно датираат во периодот од XVIII до XX век.

Постарите погребувања се вкопани во здравицата, имаат антропоморфен облик, или, пак, трапезоидна форма со заоблени краеви и алвеола околу главата.

Средновековните гробови се датираат од XII – XIV век, биле со алвеола. Додека останатите се датираат од XVIII, XIX па и почетоците на XX век.

Според Б. Бабиќ, во поновите гробови се наоѓаат постари предмети кои се секундарно употребени. Во гроб од девојче, од XIX век, е откриена стаклена гривна и во гробот на жена од истиот век се откриени две лентести, две тордиранигрвини од

сино, виолетово и бело стакло. Откриени се и наоди на монети, византиски од XII– XIII век, српски од доцниот среден век и венецијански и турски од XVII-XVIII век.

Од гробниот инвентар откриени се предмети за украсување, односно накит.

Од накитот за раце застапени се 1 стаклена тордирана гривна и 15 полнолиени бронзени прстени со плочеста декорирана глава.




***Библиографија*:** Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија,* Скопје, 1992, 205-206; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје,1996, 287; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија-култура и уметност,* Македонија: Милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 1630-1631, 1678-1679; Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп, 1986, 106-110; *Прилеп и прилепско низ историјата,* Прилеп, 1971, 95-96, Б. Бабиќ, *Краток преглед на спомениците на културата на Прилеп и Прилепскиот крај*, Прилеп, (б.г.), 10-11; Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп*, Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018,167; Б. Бабиќ, *Црквата Св. Никола во село*

*Варош,Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија,* том IV,Скопје, 1981, 501-507.

### 3.12. Локалитет Илино – Шаторов Камен

Локалитетот Илино се наоѓа на местото викано Шаторов Камен, оддалечено 6 километри од градот Прилеп. Локацијата е поставена на зарамнето плато на кое се откриени остатоци од средновековна некропола.

На ова зарамнето плато биле забележани, веќе уништени 6 гробни конструкции кои биле откопани од локалните жители.

При увидот на терен од страна на Завод за заштита на спомениците и музеј – Прилеп биле собрани повеќе гробни наоди меѓу кои преовладуваат предметите за украсување како наушници, гривни и прстени. Од накитот за глава застапени се 4 наушници: 2 бронзени алки, 1 бронзена наушница од вертикален тип со делтоидна плочка со врежан монограм и 1 бронзена висечка наушница со трипрстест завршеток. Од накитот за раце застапени се 3 бронзени гривни, едната е со отворени краеви, две се бронзени тордирани гривни и 2 бронзени прстени, едниот лентест, додека другиот е бронзен полнолиен прстен.



***Библиографија:*** *Археолошка карта на Република Македонија,* том II, Скопје, 1996, 308; Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија,* Скопје, 1992, 211-212.

## 3.13. Црква Св. Ѓорѓи, с. Пресил

Селото Пресил се наоѓа на 21 километар од градот Прилеп, врз падините на Плоча. Самиот локалитет се наоѓа во дворот на црквата Св. Ѓорѓи, југозападно над селото. Црквата е изградена и живописана е кон средината на XIII век. Оваа црква се споменува во изворите од 1343 – 1344, од времето на цар Душан.

Во 1961 година, се извршени првите археолошки истражувања од страна на Завод и музеј - Прилеп.

Со археолошките истражувања се откриени остатоци од црква која датира од XIV век, која најверојатно била изградена врз постари темели.

Под подот на црквата е истражени 21 гроб во кој има гробен инвентар накит.

Од накитот застапени се само 1 бронзена гривна со отворени краеви и 3 бронзени копчиња.

**Библиографија:** Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје,1992, 213; B. Babič, *Sv. Djordjija, Presil, Prilep-srednovekovna crkva i grobovi,* Arheološki pregled 3, 1961, 152-153; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 287.

## 3.14. Локалитет Градиште, с. Дебреште

Локалитетот Градиште кај селото Дебреште, на северниот раб на Пелагонија. Покрај самиот локалитет поминува патот преку планинскиот превој Барбарас кој ги поврзува Пелагониската Рамнина со Поречието.

Локалитетот за првпат е регистриран и истражуван од страна на археологот Н.Вулиќ. Во текот на седумдесеттите и осумдесеттите години на минатиот век, од страна на Завод и музеј – Прилеп и подоцна од страна на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, под раководство на Бошко Бабиќ изведени се обемни систематски археолошки истражувања. Овие ископувања се изведени во рамките на Македонско-полски проект во кој како партнер учествува Институтот за материјална култура при Полската академија на науките. Археолошките ископувања на локалитетот со помали или поголеми паузи да траат и до денес.

Станува збор за комплексен локалитет со богата и сложена културна стратиграфија која со одредени хијатуси зафаќа огромен временски распон од длабоката предисторија, па сè до доцниот среден век. Најсилните остатоци на локалитетот се од доцноантичкиот период, кога на оваа локација, која се наоѓа во рамницата бил подигнат кастел со силно бранети одбранбени ѕидови. На источниот дел, веднаш покрај влезот на кастелот, во рановизантискиот период била подигната црква со трикорабна диспозиција, која била изградена преку остатоците од една доцноантичка некропола. Во средниот век, просторот на разрушената црква бил искористен како простор за погребување. При археолошките ископувања овде се откриени и истражени 73 гробови од доцноантичка и средновековна некропола.

Средновековната некропола е од типот на рамни некрополи на редови. Покојниците биле погребани во инхумирана положба со правец запад – исток, со главата на запад и нозете на исток. Положени на грб со испружени нозе, додека рацете свиени во лактите и поставени во разни позиции, положени на градите, стомакот или карлицата.

Гробните конструкции варираат од обични јами до гробни цисти изградени од камени плочи и фрагментирана градежна и покривна керамика. При градење на гробните конструкции користен е и градежен шут. Гробовите се вкопани на просторот во рамки на архитектонските остатоци од рановизантиската црква, но и на просторот околу неа.

На некрополата може да се следи хоризонтална но и вертикална стратиграфија на погребувања. Има случаи каде едни гробови се поставени преку други, но и случаи на двојно искористување на гробните конструкции.

Од гробниот инвентар застапени се предметите за украсување, односно накитот. Од накитот за глава застапени се 8 наушници: 1 чифт бронзени наушници во форма на прашалник со намотка, 1 сребрена наушница со четири јагоди, 2 сребрени наушници од гроздолик тип, 2 бронзени алки со додаток и 1 бронзена алка со коленце. Од накитот за раце застапени се две бронзени гривни со расковани отворени краеви и 1 бронзен лентест прстен.Од торакалниот накит откриена е 1 бронзена тока.

Некрополата, од истражувачите е датирана во периодот на X-XI век, со навестување дека истата веројатно се користела и во XII/XIII век.




***Библиографија*:** Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 210; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје, 1996, 204-205; Б.Атанасоски, „*Локалитетот Градиште кај с. Дебреште во раната антика*", Македонско културно наследство 41-42: 123 – 147; Б. Атанасоски, „*Локалитетот Градиште кај с. Дебреште во римскиот период*", Macedoniae Acta Archaeologica , во печат; B. Babić,. „*Gradište, Debrešte, Prilep, Paistorisko, helenističko i srednjovekovno naselje, ranovizantiski kastrum, srednjovekovna crkva sa nekropolom*", Arheološki Pregled 7,1975, 62-64; Б.,Бабиќ, „*Извештај за македонско-полските истражувања на локалитетот Градиште кај селото Дебреште во 1976 год.*", Macedoniae Acta Archaeologica 4, 1978,205 – 215; Б. Бабич, „*Раннесредневековые славянске поселения на территории Социјалистической Республики Македонии*", во Труды Меджународного Конгресса Археологов-Славистов Т. 2. Киев: Институт археологии - Академия наук

СССР, 1988, 195-196, Б. Бабиќ „*Градиште Дебреште*“, Во Археолошка карта на Република Македонија,1996, 294-296; В.Boško, М. Mandić, „Gradište Debrešte“, Arheološki Pregled 26, 1985, 143-144; Б. Бабиќ, Witold Hensel and Jadwiga Rauhutowa. „*Археолошки истражувања на локалитетот Градиште кај село Дебреште*“. Macedoniae Acta Archaeolgica, 2,1976, 251-262; Н. Вулић, „*Откопавање код Дебрешта“*, Споменик СКА LXXxxI, 1931, 150-151; T. Koletyn, „*Gradište Debrešte – antička nekropola“*, Arheološki Pregled 14, 1972, 84-87; W. Hensel,. "*Z badan nad domniemana wczesobizantyjska stolica biskupia w Debrežte (S.R. Macedonia) w latach 1974-1978*", Прилози, IX-2, , Скопје, 1978, МАНУ, 5-23;*W.Hensel, J. Rauhutowa, "Wstepne wyniki badan na stanowisku Gradižte w Debrežte (Macedonia) w swetla prace wykopaliskowych przeprowadronych w 1978 g*.", Slavia Antiqua XXxxVII, 1980, 79-118.

Кај средновековните некрополи од Македонија е констатиран феноменот на нивното лоцирање врз постари антички и ранохристијански гробишта, антички урнатини, како и околу остатоци од ранохристијанска црква. Ваков избор во локацијата е забележан во повеќето некрополи од Прилеп и неговата околина кои влегуваат во трите четвртини досега евидентирани средновековни гробишта. Исто така, забележана е и продолжена употреба на истата местоположба и во наредните векови во турското средновековие, од XV до XVIII век [80].

[80] Е. Манева, *Археологијата на Македонија во Турското средновековие (XV-XVIII век),* Македонија: милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 1980-1981.

# 4. Накитот од колекцијата на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп

Средновековниот накит припаѓа на најбројната категорија меѓу движните археолошки наоди од средновековната епоха, најчесто како дел од фунерарната археологија. Накитот истовремено е доминантен наод кој ја прикажува и модата од своето време.

Накитот како археолошки наод јасно говори за човековата природа, односно во неговата суштина на создавање и користење се содржани свесните желби на носителот да се истакне во средината и да ги изложи своите внатрешни особини. Основната намена на накитот, апстрахирајќи ја неговата магиско - култна улога во примитивните средини, има за цел да го украси телото на сопственикот. Преку украсувањето на телото се покажува положбата на индивидуата во општеството, како и нејзината имотна состојба, додека пак преку уметничките својства на накитот може да се допри и до човековата скриена интима, односно степенот на неговото образование, чувството за естетика како и неговата културна развиеност. Накитот се употребувал заради китење, покажување естетски вкус, за разубавување, од профилактички причини да ги привлече лошите сили и подрекливите очи врз себе заштитувајќи го со тоа носителот и, на некој начин, носејќи му среќа нему. Покрај ова, накитот изразува и индивидуални особини, откривајќи ги возраста, полот, брачниот, професионалниот, религиозниот и некои други статуси во средината. Според Н. Чаусидис, религиско – магиската функција на накитот му служела на човекот како предмет во кој тој ги вградувал своите мисловни и емотивни впечатоци од околниот свет и со кој се стремел да воспостави равнотежа со него [81]. Функциите на накитот се истакнувале преку формата, ликовните мотиви, религиозните, односно духовните теми, избраните материјали на изработка како метали, камчиња, делови од животинско или растително потекло "чудотворни" супстанци и текстил. Накитот имал уште една функционална улога, т .е. служел како зацврстување на одделни делови од облеката [82].

---

[81] Н. Чаусидис, *Трансформацијата на иконографијата и симболиката во праисторискиот и средновековниот накит на Балканот,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет 41-42, 1989, 137.
[82] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 18,19.

За да се проучи развојот на накитот или поединечните видови на накит во одредени друштвени рамки, треба да се земат во предвид елементите кои допринеле за да се оформи накитот на одредена територија, а пред сѐ треба да се поврзат економските и политички прилики со културните и уметничките односи и одлики кои се одразиле на територијата накоја е настанат накитот. Според Б. Рибаков, постојат извесни екстремни хипотези каде што човековото тело се споредува со космосот кој би бил компатибилен со соодветните видови на накит [83]. Горниот дел од главата како темето, челото и тилот го симболизираат високото небо заедно со сонцето и ѕвездите, ушите го претставуваат ниското небо, вратот и градите ја заштитува и ја претставува плодноста кај жените, рацете и прстите се најмобилните и видливите екстремитети на човекот преку кои се прикажуваат безброј информации кои најмногу трпат промени во човековиот живот. Прстите на рацете носат свои пораки како возраста, полот, брачната состојба, религијата и статусот во општеството [84]. Па така, според овие искази накитот дава безброј сигнализации за сопственикот. Во секој случај, накитот претставува медиум кој ги отсликува најдлабоките чувства, потреби, рационални и ирационални состојби на свеста на носителот. Според Е. Манева, средновековниот накит може да се класифицира врз основа на местоположбата на телото кадешто се носи/поставува, во следните категории:

-накит за глава: дијадеми, венци, наушници и обетки,

-накит за врат: торквеси, низанки од медајлони и монети, гушници од мониста и други додатоци, крстови, метални синџирчиња, приврзоци и ѓердани;

-накит за раце: гривни и прстени;

-накит како дел од облеката: аграфи, токи, копчиња, фибули и окови [85].

Накитот од Прилеп и околината, најчесто е изработен од поевтини материјали како што се: бронза, бакар, ретко од сребро и злато, стаклена паста, коски и школки. Изработен е преку едноставни техники на лиење, ковање, калибрирање, врежување, пунктирање, касетирање, филигран и гранулација.

---

[83] Б.А., Рыбаков,*Язычествoдревней Руси*, Москва, 1987, 519, 520, 527.

[84] Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 78, 79; Б. Радојковић, *Накит код Срба,*Београд, 1969, 78.

[85] Е.Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје,1992, 18-19; Е. Ζечевић, *Накит Новог Брда,* Београд, 2006, 27.

Во средновековната збирка на НУ Завод и музеј – Прилеп и наодите кои се депонирани во ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп, ја имаме следната бројност на средновековен накит, раздвоен по групи.

- Од накитот за глава има 156 наушници и обетки,
- Од накитот за врат има 7 ѓердани, 6 крстови – приврзоци и 3 енколпиони,
- Од накитот за раце има 95 гривни и 196 прстени,
- Од торакалниот накит има 11 токи,
- Од накитот како дел од облеката има 37 копчиња, 9 аграфи и 2 појасни пафти.

Во овој магистерски труд ќе бидат каталогизирани, класифицирани, типологизирани и анализирани вкупно 522 примероци на накит. За нив ќе се направи хронолошка определба, согласно контекстот во кој се откриени и паралели со идентични или слични наоди откриени на Македонија и пошироко на Балканот. На крај за секоја група и тип на наоди ќе се побараат паралели на живописот во средновековното монументално ѕидно сликарство од Македонија.




Накитот кој е застапен во овој труд е датиран од крајот X до крајот на XIV век, сепак, одредени примероци поради своите морфолошки карактеристики излегуваат од овие рамки. Во трудот може да се сретнат и примероци коишто временски

соодветствуваат на времето на XV – XVII век, заради нивното значење при следење на генезата од средновековниот накит до негово обнароднување во фолклор накит.

### **4.1. Накит за глава (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)**

Од накитот за глава во овој труд се застапени само наушниците.

#### **4.1.1. Наушници (кат. бр. 1 -136)**

Во накитот на средниот век, наушниците се едни од најраспространетите форми меѓу населението. Иако се сметаат за женски тип на накит, кој ги носеле жените и женските деца од сите старосни категории, истражувачите според археолошките наоди и врз основа на примери од фрескосликарството и иконописот констатирале дека тие биле употребувани и од страна на машката популација [86]. Наушниците се едни од најбројните и најразновидните форми на накит од средновековието во Македонија, а со тоаи во Прилеп и околината. Терминот наушници, се користи за означување на конкретен тип на накит, според одредени истражувачи етимолошки може да се поврзе со деловите од облеката, односно од капата за покривање на ушите од студ [87]. Терминот „наушници“ е општо прифатен во археолошката наука кој го именува накитот кој бил закачен или висел над ушните школки, со ретки исклучоци биле протнати во неа. Меѓутоа во одделни дијалекти и архаични говори од македонскиот јазик наушница претставува синоним за обетка која се носи протната во ушната ресичка [88] . Најчесто наушниците виселе странично околу образите, покрај вратот сѐ до рамената, кружејќи во пределот на ушите украсувајќи ја и штитејќи ја зоната на вратот и главата од лоши сили. Бидејќи многу тешко можеме со сигурност да кажеме дали одредени типови припаѓале на наушници кои се носеле закачени или, пак, на обетки кои биле протнатни во ушната ресичка, а земајќи го и дека во фолклорот

---

[86] Е. Зечевић, *Накит Новог Брда*, Београд, 2006, 29; *Средновековен накит од Тиквеш*, каталог, 2023, 29.
[87] Е. Манева, *Средновековен накит,* Скопје, 1992, 38.
[88] Е. Манева, *UNUM PAR ÇERÇELORUM – НАУШНИЦИ –ЗАУШНИЦИ – УШНИЦИ – ОБРАЗНИЦИ – НАМЕТУШКИ – ОБЕЦИ – ОБЕТКИ...*,Жива Антика, Монографија 10, Скопје, 2012, 161–175;V. Bikič, *Vizantijskinakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 18.

„наушница" се употребува и за првите и за вторите, во овој труд ќе биде користен единствено терминот наушница. Сепак, со сета претпазливост, напоменуваме дека на ова место терминот наушници се користи за накитот кој се носи обесен во пределот на слепоочниците и ушите, како и на тој протнат во ушната ресичка.

Обработените наушници-алки – обетки кои се застапени во овој труд припаѓаат на неколку типови:

**Тип 1. Наушници – алки (кат. бр. 1 – 82)**

Наушниците – алки претставуваат наједноставната и најраспространетата форма на наушници кои ги има во сите временски епохи. Тие се изработени со едноставно кружно или овално свивање на сребрен или бронзен тељ кој има кружен пресек. Нивните краеви може да бидат раздвоени, споени или да се преклопуваат.

Употребата на овој тип наушници е забележана уште во периодот на доцната антика, раниот среден век, сѐ до средновековните културни групи [89]. Според истражувачите, поради едноставниот начин на изработка тие биле доста популарни и се чест наод на археолошките локалитети во текот на повеќе векови, па затоа тие не се хронолошки осетливи и тешко може да се бара нивната генеза [90].

Врз основа на археолошките истражувања, ликовните извори и споредбената етнографска граѓа, може да се заклучи дека наушниците од типот алки, веројатно биле носени и како обетки, протнати во ушната ресичка, но и како наушници закачени на клиски, на врвки на шамијата или сплетени во косата [91]. Според Г. Марјановиќ Вујовиќ, наушниците коишто се со мали димензии и неправилна, деформирана кружна форма, пронајдени во женските и детските гробови, веројатно претставувале стегачи за коса [92].

Според археолошката граѓа од Србија, во дел од истражените машки гробови се пронајдени наушници - алки од десната страна на покојникот, што упатува дека тие

[89] Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 41.
[90] Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 41.
[91] Е. Манева, *Средновековен накит на Македонија*, Скопје, 1992, 41.
[92] Г. Марјановић-Вујовић, *Трњане*. Београд, 1984, 79.

биле носени од мажите како еден вид на амајлија [93]. Ова е забележано и на фрескоживописот од територијата на Македонија. На сцената која е дел од циклусот Акатист на Богородица, од Марков Манастир, датирана во XIV век, Исус Христос е претставен како дете во прегратките на Богородица како носи една наушница [94].

### 1.1. Обични наушници – алки(кат. бр. 1 – 71)

Најбројна група застапена во овој каталог се наушниците-алки на која припаѓа и оваа варијанта на обични алки изработени од мазен, бронзен, бакарен, сребрен, или железен тељ свиен во приближно кружна форма. Освен по материјалот од кој се изработени тие се разликуваат по дебелината на телот од кој се изработени како и по нивните димензии, па така застапени се алки со дијаметар од 1,0 см па сѐ до 4,0 см. Според начинот на кој им завршуваат краевите се разликуваат по тоа дали истите се споени, раздвоени или се преклопуваат.

Вкупниот број на наушници-алки изработени од мазен тељ, откриени на археолошките локалитети во Прилеп и неговата околина изнесува 78 примероци, опишани во 71 каталошка единица.

Наушниците-алки се откриени како случајни наоди или дел од гробен инвентар на повеќе локалитети. Во гробните целини тие најчесто се откривани во пар. На локалитетот Трпчева црква се откриени вкупно 17 наушници од кои 8 се откриени во пар, меѓу кои 5 се изработени од бронза и 3 од сребро, додека пак како поеднинечни наоди се откриени 9 наушници од кои 6 се бронзени и 3 се сребрени наушници. На локалитетот Задна Река-Грмајте откриени се 8 наушници од овој тип од кои 2 наушници во пар, изработени од бронза и 7 единечни наушници исто изработени од бронза. Од некрополата на црквата Св. Димитрија е откриена 1 бронзена наушница-алка. Меѓу инвентарот на наоди од Марковите Кули застапени се 7 единечни примероци на наушници-алки, од кои 4 изработени од бронза и по 1 изработена од сребро, бакар и железо. На некрополата на локалитетот Поткули се откриени 4 единечни наушници изработени од бронза. На локалитетот Страгата откриен е 1 пар

[93] Г. Марјановић-Вујовић, *Трњане*. Београд, 1984, 69.
[94] Каталог, *Средновековен накит од Тиквеш*, Неготино, 2023, 28, 29.

бронзени наушници, додека на некрополата на локалитетот Гробишта - Варош откриени се по 1 бронзена и 1 сребрена наушница со мали димензии.

Според димензиите на наушниците – алки тие се поделени во три групи: наушници-алки со дијаметар до 2,0 см, кои се најбројни и застапени со вупно 50 примероци, наушници-алки со дијаметар до 3,0 см, застапени со вкупно 23 примероци и на најмалата група припаѓаат наушници-алки со дијаметар над 3,0 см, кои се застапени со вкупно 7 примероци. Според Марјановиќ – Вујовиќ, наушниците – алки со поголеми димензии не се појавуват пред појавата на наушниците со биконична јагода, па нив ги смета како подоцни, ваквата законитост ја забележала и Е. Манева, која овие наушници-алки со поголеми димензии ги датира во XII век и подоцна [95].

Овој тип на наушници се чест наод на средновековните некрополи во Македонија, но и на поширокиот балкански ареал. Како паралели на овој тип наушници од територијата на Македонија можат да се издвојат оние откриени на локалитетите: Манастир и Црквиште-Демир Капија [96], Крстеви - Корешница [97], Трнче-Стреа- Пепелиште итн.

Според Б. Алексова, типот наушници-алки потекнува уште од античко време [98] . Едноставните наушници-алки ги има низ целиот византиски период, тие биле најевтиниот и најчестиот тип кој се користел [99]. Во Македонија тие се особено чести на некрополите од X и XI век, а нивната употреба со нешто помал интензитет продолжува и во наредните векови.

### 1.2. Наушници – тордирани алки(кат. бр. 72 – 74, 83)

Во втората варијанта наушници-алки спаѓаат алките изработени од единечен усукан – тордиран тељ со кружен пресек свиен во кружна форма, чии краеви се преклопуваат. На локалитетите од Прилеп и неговата околина откриени се 3 наушници изведени од тордирана алка од единечен тељ чии краеви се преклопуваат. Од оваа

[95] Е. Манева, *Корешница: средновековна некропола*, Скопје, 2000, 53-53; Г. Марјановић-Вујовић, *Трњане,* Београд, 1984, 79.
[96] B. Aleksova, *DemirKapija – Prosek, slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji,* tom 1, Skopje-Beograd, 1966, 52.
[97] Е. Манева, *Крстеви – средновековна некропола*, Скопје, 2000, 52,53.
[98] B. Aleksova, *DemirKapija – Prosek, slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji,* tom 1, Skopje-Beograd, 1966, 52.
[99] G. R. Davidson, *Corinth, Minor objects,* Vol 12, New, Jersey, 1952, 249.

варијанта 2 примероци изработени од сребро се откриени на локалитетот Гробишта - Варош и 1 бронзена тордирана алка на локалитетот Маркови Кули. Кон оваа варијанта можат да се приклучат и тордираните алки изработени од двоен усукан – тордиран тељ, со јамка за закопчување. Оваа варијанта е застапена со 1 примерок на сребрена наушница од локалитетот Гробишта, Варош.

Наушници од овој тип во Македонија се откриени на некрополите на локалитетите Црквиште, Демир Капија [100]. Овие наушници се среќаваат на поширок простор на Балканскиот Полуостров, од Хрватска потекнува најголемиот број на примероци каде се датираат кон средина на X век, но сепак некои примероци допуштаат тие да биле во употреба и во XI и XII век [101]. Од територијата на Косово се откриени идентични примероци на локалитетот Ново Брдо, Србија [102]. Наодите од Демир Капија [103] и Водоча [104] хронолошки соодветствуваат на наодите од Косово и се датираат во периодот на XV – XIV век, оваа датација соодветствува и на наодите од Прилеп.

### 1.3. Наушници – алки со нанижан украс (кат. бр. 75 – 82)

Наушниците – алки кои имаат нанижан украс се изработени од жица со кружен пресек свиена во круг. На алката е нанижан украс во вид на топчесто или цилиндрично монисто од стаклена паста, алка од тенка жица или замотана бронзена лента, како и украс од полжав.

Оваа варијанта во каталогот е застапена со 8 примероци. На локалитотот Маркови Кули се откриени два примероци од оваа варијанта на наушници, едната наушница е бронзена со две нанижани топчести мониста од стаклена паста, додека другата наушница е бронзена алка на која има нанижано украс од замотана бронзена лента во форма на шишарка. На локалитетот Задна Река – Грмајте се откриени 3 бронзени наушници алки, која на едната има нанижано монисто од стаклена паста, другата наушница има нанижан приврзок во вид на полжав и третата наушница–алка

---

[100] О. Петров, *Градот – Тврдина Просек и неговиот ареал во средниот век*, Докторска дисертација, Скопје, 2021,132.
[101] M. Petrinec, *Grobjlja od 8 do 11. Stojljeca na podrucju ranosrednjevekovne hrvatske drzav*e, Split, 2009, 226, 227.
[102] Е. Зечевиђ, *Накит Новог Брда*, Београд, 2006,33, 159.
[103] В., Aleksova, *Demir Kapija – Prosek, slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji,* tom 1, Skopje-Beograd, 1966, T XIII, сл. 66-68.
[104] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија: некропола Водоча,* Скопје, 2007, кат. бр. 3, 4.

има нанижано мониsто со форма на цветна чашка. На локалитетот Поткули откриена е 1 бронзена наушница алка со нанижано монисто од стаклена паста и една школка. Од локалитетот Градиште, Дебреште се пронајдени две наушници – алки од оваа варијанта. На едната наушница-алка има нанижано мало алче од свиткана жица со неправилен облик, додека на другата наушница – алка има нанижано атипично парче од бронза.

Ваков тип на наушници-алки се откриени на некрополата Крстеви - Корешница [105], Црквиште - Демир Капија [106], на средновековната некропола кај Паликурската базилика во Стоби, локалитетот Градиште кај с. Нерези, на некрополите од белобрдската култура во Блед и Лијева Бара, како и на некрополи од Бугарија. Овој тип на наушници се датира во перидот од X – XII век, но нивната употреба продолжува и во XV век [107].

### Тип 2. Наушница со завиени краеви (кат. бр. 84)

Овој тип на наушници во каталогот е застапен со 1 примерок од локалитетот Поткули. Наушницата има неправилен кружен облик, краевите се отворени и завртени нагоре во форма на кука. За овој тип на наушници досега не се познати аналогни примери, контекстот на наоѓање не е јасен, па можно е таа да претставува тегле од друг тип на наушница.

### Тип 3. „ S “ наушница (кат. бр. 85)

Овој тип на наушници претставува алка од тел со кружен пресек чиишто еден крај завршува рамно пресечен додека другиот е раскован, двојно свиен прво кон надвор, а потоа кон внатре формирајќи завршеток во форма на латинската буква „S“ по што и го добиле називот „S“ - наушници.

---

[105] Е. Манева, *Крстеви-средновековна некропола*, Скопје, 2000, 104.
[106] B. Aleksova, *DemirKapija – Prosek, slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji*,tom 1, Skopje-Beograd, 1966, T XIII.
[107] Л. Кепеска, *Задна Река-Грмајте, средновековна некропола,* Прилеп, 1995, 49.

Од ваквиот тип на т.н. „S“ наушница, езастапен само со 1 сребрен примерок, откриен на некрополата од црквата Св. Димитрија, Варош. Наушницата е од типот алка која има „S“ завршеток на едниот крај и кукачка на другиот крај.

Ваквиот тип наушници се ретка појава на територијата на Македонија, откриен е само уште 1 примерок нанекрополата Крстеви - Корешница која се датира во X-XI век [108].

На територијата на Србија тие се почести, откриени се на некрополата Трњане некако и на други Подунавски некрополи [109]. Наодите на овој тип наушници на некрополата Трњане ја потврдува нивната употреба во XII век, тие се пронајдени во затворени контексти со монета на Мануил I Комнин (1143 – 1180)[110]. За разлика од германската школа која смета дека овој тип наушници, се појавиле кај Словените со преземање на германската материјална култура [111], Ј. Ковачевиќ, смета дека овој тип е својствен за јужнословенските народи [112]. Според Б. Алексова, изворот на „S“ - наушниците треба да се бара во Панонската или Карпатската котлина [113].

Според Б. Бабиќ, примерокот од Прилеп е датиран во XII век[114], сепак ваквата датација треба да се земи со резерва, бидејќи за разлика од останатите аналогни примероци, овој примерок има кука за закопчување, што дава можност тој да е нешто подоцен.

### Тип 4. Наушница - алка со венче од гранули (кат. бр. 86)

Наушниците со венче од гранули или уште познати и како наушници со коленце, претставуваат алка од масивен тељ кој добива додатен украс, со венче од крупни гранули.

Наушниците од овој тип се застапени единствено со еден примерок откриен на локалитетот Градиште, Дебреште. Наушницата е изработена од масивен бронзен тељ, во близина на еден од краевите е поставено венче од псевдогранули кое од двете страни е обрабено со навои од тенка жица.

---

[108] Е. Манева, *Крстеви-средновековна некропола,* Скопје, 2000, 56.
[109] Г. Марјановић - Вујовић, *Трнање*, Београд, 1984, 40, 80.
[110] Г. Марјановић - Вујовић, *Трнање,* Београд, 1984, 40.
[111] Ј. Ковачевиќ, *Средњовековна ношња балканских словена*, Београд, 1953, 108
[112] Ј. Ковачевиќ, *Средњовековна ношња балканских словена,* Београд, 1953, 108.
[113] B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija,* Beograd – Skopje, 1966 52.
[114] Каталог, *Културно Богатство на Прилеп од V-XIX век*, Прилеп, 1976, 31.

Наушници од овој тип со едно или две коленца на територијата на Македонија се пронајдени на Цигански Гробишта - Радолишта, Црквиште - Демир Капија, Ограда – Бистренци, Трнче-Стреа - Пепелиште и Керамидарка, с. Мокрино, Струмица [115].

Овој тип наушници се чест наод на средновековните некрополи на поширокатa територија на Балканот, Панонија, сè до Средна Европа. Б. Алексова смета дека овој тип потекнува уште од античкиот период [116]. На средновековните некрополи од Западен Балкан се појавуваат при крајот на егзистирањето на Кетлашката и Белобрдската култура [117]. Ваквиот тип наушници на територијата на Србија се откриени на повеќе локалитети, како Миријево, Брестовиќ, Винча, Трњане, Костолац, Ритопека и Земун, а откриени сеи на територијата на Босна, каде датираат од периодот XI – XIII век [118]. Примероците од Македонија се датираат во истата хронолошка рамка од XI до XIII век.

**Тип 5. Наушница - алка со гужва (кат. бр. 87, 88)**

Основата на овој тип наушници претставува алка со рамно засечени краеви и различни димензии врз која на долниот дел е аплициран украс со намотување или преплетување на тенка жица во вид на гужва.

Наушници од овој тип се откриени во два примероци на локалитетот Маркови Кули, едната наушница е изработена од бронза, додека другата наушница е изработена од бакар. Двата примероци се лошо сочувани, но може да се забележи дека украсот бил изработен во вид на густа намотана жица, од двете страни обрабени со намотка од жица. Кај двата примероци алките се со разделени краеви. Кај наушницата со кат. бр. 87, краевите на алката се допираат, додека кај наушницата со кат. бр. 88 краевите се раздвоени.

Овој тип наушници е познат од некрополите Црквиште – Демир Капија [119], како и од Хераклеа – Битола, датирани се во 12 век [120]. Оваа варијанта на наушници

[115] B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija, Beograd*– Skopje, 1966 53; Л. Блажевска, *Средновековна некропола Ограда во с. Бистренци,* Maced. Acta. Archaeol. 14, 1996, 206-209; Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје, 1992, 45.
[116] B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija,* Beograd – Skopje, 1966 53.
[117] Ј. Ковачевиќ, *Средњовековна ношња Балканских словена*, Београд, 1953, 109.
[118] М. Бајаловић Хаџи -Пешић, *НакитVIII- XVIII века*, Београд, 1984, 22.
[119] B. Aleksova, *Prosek-DemirKapija,* Beograd, 1966, 55.
[120] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје, 1992, 54.

очигледно има византиска провиниенција, но постепено нивната употреба се раширила и надвор од византискиот свет [121]. Се среќаваат на поширокиот балкански ареал, па така ги има до Коринт во Грција[122], како и на бројни локалитети на север во Србија [123].

### Тип 6. Наушница со една јагода (кат. бр. 89 – 104)

Во овој тип спаѓаат наушниците со една јагода, нанижани на алка од кружно обликуван тељ, чии краеви се доближуваат. Јагодата кај овие наушници е изведена од две половини изработени од лим, споени со основите. Во овој каталог се застапени наушници од овој тип кои можат да се раздвојат во три варијанти и тоа: наушници со една биконична јагода, наушници со биконична ажурирана јагода и наушници со една топчеста јагода [124].

### Тип 6.1. Наушница со биконична јагода (кат. бр. 89 - 99)

На оваа варијанта ѝ припаѓаат наушниците со една биконична јагода нанижана на алка. Јагодата е изработена од две шупливи конусовидни половини споени со основата. Јагодите се обрабени со тенка филигранска жица. На примерокот кат. бр. 93, на алката било нанижано уште едно мало алче од филигранска жица. Кај наодите претставени со кат. бр. 94 – 99, јагодите се уништени и сочувани само во фрагменти или заради кревкоста на материјалот целосно отсуствуваат. Сепак, според околностите на наоѓање и карактеристиките на алката, можеме да ги сместиме во оваа група на наоди.

Оваа варијанта на наушници во каталогот е застапена со 11 примероци, 8 примероци изработени од бронза се откриени на локалитетот Задна Река Грмајте, 1 бакарна е откриена на локалитетот Илино - Шаторов Камен, додека 2 бронзени се пронајдени на локалитетот Поткули.

Примероци од овој тип на наушници се откривани на некрополите Црквиште-Демир Капија, Копанец – Корешница и Паликура – Градско. Наушници од овој тип се

---

[121] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji, Beograd*, 2010, 55, 56.
[122] G. R. Davidson, *Corinth – The minor objects,* NewJersey, 1952, 250.
[123] Е. Манева*, Средновековен накит од Македонија,* Скопје, 1992, 54.
[124] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992,47.

пронајдени и на некрополите во Србија, Бугарија, Русија, итн [125]. Според Г. Марјановиќ-Вујовиќ, нивниот извор треба да се бара во турско-татарските народи (Печензи, Кумани), од каде преку расeлената византиска војска се пренесени на Балканскиот Полуостров [126]. На територијата на Македонија оваа варијанта се датира во периодот на XI-XIII век, со посебен акцент на XII век.

**Тип. 6.2. Наушница со биконична ажурирана јагода (кат. бр. 100)**

Во оваа варијанта припаѓаат наушниците со биконична ажурирана јагода, нанижана на алка со разделени краеви. Јагодата е изработена од филигранска жица во техника на ажурирање, двата дела се составени меѓусебе и украсени со гранули. Од страните јагодата е обрабена со навој од филигранска жица.

Оваа варијанта на наушници е застапена со 1 примерок изработен од бронза откриен на локалитетот Маркови Кули.

Наушниците од овој тип се откриени на некрополите од Средното Повардарие, идентични примероци ни се познати од некрополите Трнче-Стреа – Пепелиште [127] и Копанец – Корешница [128]. Наушници со една биконична ажурирана јагода откриени се на повеќето некрополи во Србија: Трњане, Брестовиќ, Прахово и Миријево [129].

Овој тип наушници во Македонија е датиран во XI – XII век, со акцент на втората половина на XI век.

**Тип 6.3. Наушница со топчеста јагода (кат. бр. 101-104)**

На оваа варијанта ѝ припаѓаат наушниците со една крупна топчеста јагода нанижана на алка и изработена од тељ со кружен пресек. Јагодата е шуплива составена од две калоти, од страните јагодата е обрабена со навој од тенка жица.

---

[125] V. Bikič, *Vizantijski Nakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 65,66.
[126] Г. Марјановиќ-Вучковиќ, *Трњане,* Београд, 1984, 82.
[127] Е. Манева, *Пепелиште: Средновековна некропола*, Скопје, 2000, 38, 39.
[128] Е Манева, *Сондажни ископувања на локацијата Копанецс. Корешница, Демиркаписко,* Maced. Acta. Archaeol. 15, 1999, сл. 4.
[129] Г. Марјановић – Вујовић, *Трњане,*Београд, 1984, 81,82.

Оваа варијанта на наушници во каталогот се застапени со 4 примероци, од кои 3 бронзени се откриени на Марковите Кули и 1 сребрена е откриена на локалитетот Трпчева Црква.

На територијата на Македонија наушница од ваков тип е откриена на локалитетот Цигански Гробишта - с. Радолишта – Струга, на локалитетите Св. Јован, с. Косел и на с. Црвеница, Охридско [130] и Голем Град – Преспа [131]. Наушниците со една јагода се среќаваат на поширок ареал, на југ се откриени до Коринт, Грција, каде што е констатирано дека се со јужно потекло и се датираат од IX-X век [132].

Оваа варијанта на наушници со една јагода во Македонија се датираат во XI и XII век.

**Тип 7. Гроздолики наушници (кат. бр. 105 – 110)**

Во овој тип на наушници спаѓаат наушниците составени од мала кружна алка која на долниот дел има аплицирани гранули во вид на пирамида или грозд, според кој го добиваат и називот. Понатамошниот развој на овие наушници во типичните примероци на гроздолики наушници се одвивал под влијание на уметничките занаети од Истокот, Сирија (Палмира) до VI век, а подоцна и Византија го прифаќа овој тип на наушница но со збогатување на украси и нивните зголемени димензии за да го прилагоди на вкусот на новите побарувачи [133]. Најраниот дефиниран тип на гроздолика наушница се појавува во Трилја, Хрватска датиран во IX век [134]. Во литературата уште се нарекуваат и белобрдски затоа што нивната употреба е паралелна со траењето на истоимената културна група [135].

Пронајдените гроздолики наушници на локалитетите на Прилеп и Прилепско може да се групираат во три варијанти.

Застапени се на бројни локалитети на еден поширок ареал. Овој тип наушници е откриван на локалитетите во Панонската Низина, Моравија, Унгарија и на Балканот [136],

[130] Е. Манева. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 47.
[131] В. Битракова Грозданова, *Голем Град-Преспа*, Скопје, 2011,194.
[132] G. R. Davidson, *Corinth – The minor objects,* New Jersey, 1952, 250.
[133] V. Bikič, *Nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 39.
[134] V. Bikič, *Nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 39.
[135] Е. Манева, *Среедновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 52.
[136] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 51.

како и во пределот на медитеранот и Грција[137]. Гроздоликите наушници се датирани во хронолошката рамка, од X до XII век, со акцент на преодот од X во XI век.

### 7.1. Гроздолика наушница (кат. бр. 105)

Оваа варијанта е изведена од мазна кружно обликувана алка на која е нанижан еден гроздолик украс. Алката од едната страна завршува со јамка, а од другата страна со кукичка. Гроздот е составен од спирална намотка од жица со симетрично распоредени две венчиња од гранули, по еден под и над алката, додека украсот на врвот и на дното завршува со по една помала јагода. Оваа варијанта иако припаѓа на типот гроздолики наушници, сепак нејзиниот украс претставува преодна форма помеѓу грозд и украсот типичен за т.н. Волинска варијанта на гроздолики наушници. Во овој каталог застапена е само со еден примерок.

Најблиска паралела наоѓаме во наушницата од Пепелиште [138], иако таа е со многу послаб квалитет и лошо сочувана . Оваа варијанта се датира од крај на X до почеток на XII век, со акцент на XI век.

### 7.2. Гроздолика наушница (кат. бр. 106-108)

На оваа варијанта ѝ припаѓаат гроздоликите наушници со украс во вид на грозд поставен на долниот дел од алката. Гроздот со едниот дел се наоѓа под алката а со другиот над неа. Странично од гроздоликиот украс е поставено по едно венче од гранули. Краевите на алката завршуваат со јамка и кука кои служат за закопчување.

Наушници од оваа варијанта се откриени во 4 примероци, меѓу кои 1 сребрена од Градиште - Дебреште и 1 сребрена единечна, како и 1 пар сребрени од локалитетот Трпчева Црква.

Овој тип наушници се откриени по течението на Вардар локалитетот Скупи кај Скопје [139] и на Трнче-Стреа кај Пепелиште [140]. Гроздоликата варијанта на откриени

---

[137] G. Davidson, *Corinth-The minor objects*, New Jersey,1952, 250.
[138] Е. Манева, *Пепелиште: средновековна некропола,* Скопје, 2000, 39, 67, 68, T.IV.5.
[139] И. Толевски, *Средновековна населба подигната врз урнатините на римскиот театар во Скупи, Римски театар,* Скопје, 2017, 321-365,T.III.3,4.
[140] Е. Манева, *Пепелиште: средновековна некропола*, Скопје, 2000, 39, 82-89, T.IV.6а,б.

наушници на некрополата во Демир Капија според Б. Алексова се идентични со оние од Софиската остава и ги датира од XII век [141]. Истите тие се појавуваат и во поевтина варијанта, лиени во бронза со добро имитирана гранулација од првата половина на IX век, на Градиште, Дреново и на локалитетот Кутлина с. Велмеј кај Охрид како локална варијанта од XI век [142]. Гроздоликите наушници од локалитетот Градиште, Дебреште, се едни од најстарите на територијата на Македонија. Претставуваат луксузни примери, можеби импортирани и најблиски аналогии се наоѓаат во Моравија датирани од крајот на IX и X век [143].

Оваа варијанта на гроздолики наушници се застапени на поширока територија, откривани се во Словенија, Хрватска Босна, Србија, Албанија, Унгарија итн [144].

Најстарите датирани примероци потекнуваат од Трилја, Хрватска. Слични примероци се откриени и на локалитетот Ждријац, Нин во Далмација кои датираат од почетокот на IX век, додека наодите од т.н. Софиска остава датирани се со монети на Мануил I Комнин (1143-1180) [145].

### 7.3. Гроздолика наушница со лунулест додаток во горниот дел (кат. бр. 109, 110)

Последната варијанта припаѓа на гроздоликиот тип наушница со лунулест додаток. Оваа варијанта се разликува од претходната по тоа што наместо гроздолик украс над алката имаат украс во вид на лунула украсена со две крупни гранули.

Наушници од оваа варијанта се откриени во 3 примероци на локалитетот Страгата, Крушевица, и тоа 1 чифт и една единечна, изработени од сребро. Според украсот овие примероци претставуваат единствена варијанта досега откриена, иако се доста слични на гроздоликите наушници со лунулест украс откриени на Трнче-Стреа кај Пепелиште [146] и Крстеви кај Корешница [147].

---

[141] B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija,*Beograd, 1966, 53, 54.
[142] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 52.
[143] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 52.
[144] B., Aleksova, *Prosek – Demr Kapija, Beograd*, 1966. 53, 54.
[145] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 52.
[146] Е. Манева, *Пепелиште: средновековна некропола*, Скопје, 2000, 38,39, 67, 68, T.IV.1а,б, 2а,б
[147] Е. Манева, *Средновековна некропола Крстеви*, Скопје, 2000, 55, IV.2a,b, 3a,b.

Ваква варијанта на гроздоликиот тип наушници се пронајдена на Дунавски Клуч, Босна, Словенија, Бугарија, Чешка, Словачка датирани X-XI век [148]. Пронајдени се и на христијанските некрополи од Каварна, Преслав и село Злати во Бугарија датирани од X – XI век. Сличните наоди од Македонија се датирани на преминот од X во XI век, до средина на XII век.

**Тип 8. Наушници со 4 јагоди (кат. бр. 111 – 117)**

На овој тип припаѓаат наушниците со 4 јагоди изработени од кружна или овална алка на која на долниот дел, централно е поставен украс составен од две јагоди, една над алката и една под алката и две странично поставени јагоди на исто растојание од централните украси, кои ја делат наушницата на горен и долен дел. Овој тип наушници, според начинот на изработка на јагодата, може да се групира во две варијанти: наушници со 4 мазни јагоди и наушници со 4 јагоди од ажуриран филигран. Според одредени истражувачи, наушниците со 4 јагоди се нарекуваат и гроздолики наушници бидејќи според нив тие се развиле од гроздоликите наушници [149].

**8.1. Наушници со 4 јагоди (кат. бр. 111-115)**

На првата варијанта ѝ припаѓаат наушниците со шуливи јагоди изработени од сребрен лим. Ваквиот тип на наушници има византиска провиниенција, но е прифатен и раширен кај словенското население.

Наушници од оваа варијанта на археолошките локалитети од Прилеп и Прилепско се откриени во 2 пара сребрени и 1 единечна сребрена наушница на локалитетот Трпчева Црква, 1 сребрена наушница на локалитетот Градиште, Дебреште и 1 пар сребрени наушници на локалитетот Страгата, Крушевица.

На поширокиот европски простор, чест наоди се во далмантинско – хрватските области [150], потоа Коринт, Грција [151], Бугарија, Србија, Босна, Косово, Босна и Херцеговина, Словенија и Моравија [152].

---

[148] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 52.
[149] V. Bikič, *Nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 44,45.
[150] M. Petrinec, *Grobjla od 8 do 11 stojleca na podrucju ranosrednjovekovne hrvatske drzave*, Split, 2009, 216, 222.

На територијата на Македонија наушници со 4 јагоди се откриени кај Бегов Даб- Делчево, Голем Град – Преспа [153], Охрид, Крстеви- Коршница, датирани од крајот на X век до крајот на XI век [154] , со акцент на првата половина на XI век.

### 8.2. Наушница со 4 јагоди од ажуриран филигран (кат. бр. 116, 117)

Наушниците со 4 јагоди од ажуриран филигран се разликуваат од обичните наушници со 4 јагоди, по тоа што долниот дел и јагодите се изработени од тенка филигранска жица и се украсени со гранули. Ваков тип наушници се откриени на Трпчева црква, 1 пар и 1 единечна наушница сите изработени од сребро.

На територијата на Македонија се откриени во Демиркаписко на некрополите Крњево [155] , на Црквиште, Демир Капија како и на некрополата Крстеви, Корешница, датирани се во X – XI век [156].

### Тип 9. Лунулести (мешести) наушници (кат. бр. 118, 119)

Овој тип наушници се нарекуваат лунулести или мешести наушници. Изработени се од два лунулести дела мешесто испакнати и кои се меѓусебно споени, а се закопчуваат со помош на јамка и кука.

Нивните прототипови може да се следат уште од праисториските времиња, особено од културите на Источниот Медитеран (Египет и Месопотамија). Овој тип може да има разни варијанти кои се богато декорирани и се среќааат помеѓу микенскиот, етрурскиот, хеленистичкиот и римскиот накит [157]. Според начинот на изработка, истражувачите ги издвоиле лунулестите наушници во две групи: наушници со шупливо мешесто тело и лиени во едноделни калапи [158].

Лунулестите наушници во овој каталог се застапени со 3 примероци, поделени во две варијанти, од локалитетот Задна Река – Грмајте, 1 чифт изработен од сребро со

[151] G. Davidson, *Corinth-Minor objects*, New Jersey, 1952, 253.
[152] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 50.
[153] В. Битракова Грозданова, *Голем Град-Преспа,* Скопје, 2011,194,195.
[154] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје, 1992, 50.
[155] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 50.
[156] Е. Манева, *Крстеви-средновековна некропола*, Скопје, 2000, 55.
[157] V., Bikič,*Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 49.
[158] Е. Манева, *Средновековен накит,* Скопје, 1992, 58.

позлата и декорација со емајл и 1 единечна бронзена наушница на локалитетот црква Св. Никола, Манастир.

Наушниците од Задна Река- Грмајте се декорирани со комбинација на емајл и стаклена паста. Има тенки плочки од зеленкаста стаклена паста сместени во едно сино лунулесто поле кое е порабено со тенка лента од црвена паста и формираат геометриски мотиви. Долниот дел е изработен од две половини споени меѓу себе додека горниот дел е изработен од мазна жица која завршува со кука за закопчување (кат. бр. 120).

Наушницата од црквата Св. Никола Мариово е составена од две споени половини. На местото каде што се спојуваат двете половини има нанадвор извлечен раб. Недостига теглето на наушницата. (кат. бр. 119).

Лунулести наушници од првата варијанта идентични со наушниците од Задна Река –Грмајте се откриени и на Коринт, Грција кои датираат во периодот на XII век [159].

Наушниците од втората варијанта на територијата на Македонија се откриени во Мокрино, Струмица, Мородвис, Кочани, Демир Капија, Ресава Кавадарци итн, датирани во периодот на XIV – XVI век [160]. Се среќаваат на поширока територија, па така ги има во Србија, Киевска Русија [161] и Бугарија [162].

**Тип 10. Кружни наушници (кат. бр. 120, 121)**

Кружните наушници претставуваат народна варијанта на лунулестите наушници кои во својот развоен пат низ XIV, XV и XVI добиваат разни декорации, мотиви [163]. Составени се од обрач од раскован лим, кружно свиен, додека горната и долната страна е покриена со исчукан лим. Обрачот, како и горниот и долен дел не се целосно завршени, при тоа кругот е засечен во форма на латинската буква „V„ со што е одземена скоро една осмина. Теглето на наушницата е изработено од полукружно свиена жица, а за телото е занитена преку шарнир. Горната и долната страна се

[159] G. Davidson, *Corinth-Minor-objects*, NewJersey, 1952, 254.
[160] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992,59
[161] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 53, 54.
[162] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 59.
[163] Б. Радојковиќ, *Накит код Срба*, Београд, 1969, 133.

декорирани со исчукување коешто треба да имитира декорација изведена со филигран и гранулација.

Како основен прототип од кои подоцна се развиле останатите лунулесто-кружни и лунулесто-зрачести наушници, е наодот од Ѓуриште кај Свети Никола, за кој се претпоставува дека припаѓал на Марија Палеологина [164]. Својата развиена форма ја имаат веќе во XIV век, што може да се види од наушниците откриени на Скопската тврдина – Кале. Тие биле доста омилени, особено во периодот од XIV до XVI век, што најдобро ни покажуваат ктиторските портрети во современите цркви [165]. Овој тип на наушници припаѓале на богатото население, како и на властелинките. Според Б. Алексова, потеклото на кружните наушници е од Византија, меѓутоа нивниот прототип треба да се бара во античкото златарство, бидејќи се забележани кај скулптурите [166].

Б. Алексова анализирајќи ги прикажаните примери од портретите на фрескоживописот и археолошките наоди, а врз основа на решенијата на кружниот дел каде се јавуваат разликите, кружните наушници ги групира во две основни групи.

На првата група ѝ припаѓаат примероците чиј долен дел е во вид на полн круг, додека на втората примероците чиј долен дел во горните партии е решен со одземање на еден дел според кој се издвојуваат 5 варијанти. Тоа се: рамно оформен горен дел на кругот, лачно засечен горен дел, одземен мал дел и триаголно одземен горен дел.[167]

На локалитетите во Прилеп и неговата околина се откриени 3 кружни наушници.

Кај црквата Св. Никола е откриен 1 пар сребрени кружни наушниицисо кружен корпус и рамно оформен горен дел, кои се датирани од XVI – XVII век. Аналогии на овој тип кружни наушници се наоѓаат на одделението за етнологија при Музејот на Македонија од непознати наоѓалишта. Најрепрезентативен примерок од овој тип на територијата на Македонија се наушниците од Ѓуриште, Св. Николе и чифтот наушници од Кратово [168].

---

[164] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 53.
[165] B. Aleksova, *Prosek-Demir Kapija*, Beograd,1966, 54.
[166] B. Aleksova, *Prosek-DemirKapija*, Beograd,1966, 54
[167] Б. Алексова, *Округли наушници од Демир Капија*, Гласник на Институт за национална историја, год 1, бр, 1, 1957, 52.
[168] Е. Манева, *Археологијата на Македонија во Турското средновековие (XV-XVIII век),* Македонија: Милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 2012, 2013.

Кај црквата Св. Никола – Манастир, е пронајден дел од кружна бакарна наушница која на горниот дел има триаголен исечок со врежани декорации на површината.

Ваквиот облик на кружни наушници со векови биле копирани од локалните мајстори за месното население, при што димензиите биле намалени, а материјалот и изведбата евтини. На ваквиот облик се додадаваат и трепетушки во стилот на ориенталната мода.

Аналогии на овај тип кружна наушница но со фолклорни варијанти се пронајдени на територијата на Македонија во некрополата Водоча, Демир Капија, Орта Џамија [169].

Аналогии на кружните наушници се откриени и на Русија, Унгарија и Сицилија кои датираат од XIV до XVI век [170].

Кружните наушници по својата масивност и раскошен изглед претставуваат пандан на зрачестите примероци. Познати се и од фрескоживописот од XIV век, како симболи за нивната моќ и богатство. Според Б. Алексова, кружните наушници се често претставувани на фрескоживописот, односно кај женските портрети почнувајќи од X – XI век, па и во подоцнежните векови.

### Тип 11. Наушници со стожер (кат. бр. 122, 123, 124, 125, 126)

На наушниците со стожер, алката во горниот дел има кружна форма или полукружно свиена во вид на знакот прашалник, додека долниот дел е вертикален, а на него е поставен украс. Според начинот на кој е изведен украсот, помеѓу наодите застапени во каталогот може да се разликуваат пет варијанти, застапени со вкупно 7 примероци.

На првата варијанта (тип 11.1) припаѓа наушница со стожер која на долниот дел има нанижана ажурирана јагода од бронза. Овој примерок е откриена кај црквата Св. Димитрија, Варош (кат. 122). Најблиски аналогии наоѓаме на локалитетите во Србија, за кои има мислење дека биле зашиени на марама [171]. Слични примероци има и од

[169] Е. Манева, *Некропола Водоча*, Скопје, 2012, 123,124.
[170] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје, 1992, 57.
[171] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 75.

Црквиште, Демир Капија, со таа разлика што овде на стожерот, се нанижани по две јагоди [172].

Кај втората варијанта (тип 11.2) алката има форма на прашалник, а на стожерот има украс во вид на лошо изведена полиедарска глава. Овој примерок е откриен кај црквата Св. Димтрија, Варош (кат. бр. 123).

Третата варијанта (тип 11.3) е слична на претходните, со таа разлика што украсот е во вид на жичена намотка околу стожерот изработена од бакар. Оваа варијанта е откриена во еден примерок на локалитетот Поткули (кат. бр. 124).

Кај четвртата варијанта (тип 11.4) која е застапена со еден чифт на наушници, стожерот им е во вид на вертикална низа на гранули изработени од бронза. Овој пар е откриен на локалитетот Градиште, Дебреште, датиран во VIII – IX век (кат. бр. 125).

Последната, петта варијанта (тип 11.5) е застапена со чифт бронзени наушници со вертикална гужва кои се откриени на локалитетот Поткули - Варош.

На подрачјето на Македонија потекнуваат мал број примероци на овој тип наушници. Тие, главно припаѓаат на постарите форми на средновековен накит. Овој тип на наушници се дел од кругот на подунавскиот накит. Се среќаваат по Дунав, Панонија, Србија [173] и северозападна Бугарија [174].

**Тип 12. Наушници од типот Курбиново (кат. бр. 127)**

Овој тип на наушници го добиле името според епонимниот локалитет, црквата Св. Ѓорѓи, во селото Курбиново каде за првпат биле откриени во затворени гробни целини [175]. Наушниците од овој тип, својот развоен пат го имаат од лунулестите наушници коишто преку лунулесто- кружни и лунулесто зрачни ја формираат оваа форма [176]. По својата конструкција наушниците се составени од два дела, долниот дел е во вид на потковичеста панделка, а горниот дел е од тенко телче кое го формира

[172] B. Aleksova, *Prosek-Demir Kapija,* Beograd,1966, T.VI, sl. 27, T.XIII, sl. 82.
[173] Е. Зечевић, *Накит Новог Брда*, Београд, 2006,40, 41.
[174] Е., Манева, *Средновековен накит*, Скопје, 1992, 44.
[175] Б. Алекова, *Еден нов тип на обетки во археолошките наоди во Македонија*, Зборник на археолошкиот музеј, Скопје, 1956, 91,92.
[176] Е. Манева, *Kurbinovo – Eponymous Site for the Homonymus Late Medieval Earrings* / Курбиново— Епонимски локалитет за истоимениот тип доцносредновековни наушници, В. Б. Грозданова. *Преспа II.* – Скопје: МАНУ, 2015, 123-140.

теглето. Двата дела меѓу себе се поврзани со шарнир што ги определува како наушница.

Од околината на Прилеп и Прилепско познат е само еден примерок којшто одговара на првата варијанта според типологијата на Б. Алексова [177]. Откриениот примерок е фрагментарно сочуван, потекнува од дворот на црквата Св. Димитрија, Прилеп. Од територијата на Македонија, варијанти на овој тип на наушници се откриени во Курбиново кај Ресен, Лабино кај Охрид како и Црквиште, Демир Капија. Според Б. Алексова овој тип биле изработувани од домашни мајстори, а инспирирани од византиски прототипови и датираат од XIV-XVвек [178].

### Тип 13. Наушници со висечки додадок (кат. бр. 128, 129, 130)

На овој тип наушници им припаѓаат примероците коишто на алката имаат прикачен висечки додаток со украс кој може да биде во различни форми. Во зависност од формата на додадените украси, на археолошките локалитети од Прилеп и неговата околина застапени се две варијанти.

#### 13.1. Наушница со висечки додаток со конусовиден приврзок (кат. бр. 129 и 130)

На првата варијанта (тип 13.1) припаѓаат примероците чија основа е составена од алка на која е нанижана уште една помала алка, а на втората е прикачен приврзок во форма на конус, изработен од спирално намотана жица, долниот дел е затворен со калота од бронзен лим. Од оваа варијанта откриен е еден пар наушници и една единечна наушница, пронајдена на локалитетот Трпчева Црква. Паротнаушници е изработен од сребро, додека единечната наушница е изработена од бронза.

[177] Б. Алексова, *Еден нов тип на обетки во археолошките наоди во Македонија*, ЗАМ, Скопје, 3, 1959-1960, 91, 92.
[178] Б. Алескова, *Еден нов тип на обетки во археолошките наоди во Македонија*, ЗАМ, Скопје, 3, 1959-1960, 91, 92.

### 13.2. Наушница со висечки додаток од долги приврзоци врз кои се нанижани мониста (кат бр. 128)

На втората варијанта (тип 13.2.) ѝ припаѓаат наушниците чија основа претставува алка на која се прикачени украси во вид на долги тенки жици, чии краеви завршуваат со нанижани по 2 до 3 мониста.

Од оваа варијанта откриен е еден пар наушници од локалитетот Задна Река – Грмајте.

Слични наушници на овој тип се откриени на Гласија, Ниш, јужна Бугарија, Далмација и Српско Подунавие кои се датираат од X до XI век [179]. Според истражувачите овој тип на наушници потекнува од крајбрежието на Црно Море, каде што постоеле развиени занаетчиски центри со долга традиција на изработување на накит [180].

Двете варијанти немаат аналогии на други наоѓалишта во Македонија. Според контекстот на откривање може да се датираат кон крајот на X и XI век.

## Тип 14. Наушници со трепетушки (кат. бр. 131, 132, 133, 134, 135, 136)

Наушниците со трепетушки се оние кои имаат висечки плочести додатоци изработени од тенок метален лим. Овие додатоци имаат форма на лист и се носат како наушници прикачени со кука. Застапени се во фолклорното китење кај сите балкански народи од периодот XV – XIX век.

Откриените наушници со трепетушки во Прилеп и Прилепско, во зависност од нивната форма може да се групираат во 6 варијанти.

Кај црквата Св. Јован е откриена 1 бронзена наушница со делтоидна плочка со еден отвор (кат. бр. 131).

Кај црквата Св. Димитрија се пронајдени 1 бронзена наушница со делтоидна плочка со три отвори и 1 бронзена наушница фрагмент, само долниот дел, односно кружната плочка со еден отвор (кат. бр. 132, 134).

---

[179] V. Bikić, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 77, 78.
[180] V. Bikić, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 78.

На локалитетот Маркови Кули е откриена 1 бронзена наушница со делтоидна плочка со четири отвори  (кат. бр. 133).

Од локалитетот Илино, Шаторов Камен се откриени: 1 бронзена наушница составена од три дела, масивна овална плочка со трипрстест завршеток, среден дел синџирче и третиот долен дел висулки од тенка ламарина (кат. бр. 135); 1 фрагмент од бронзена наушница која на горниот дел има спирално намотано телче и додаток делтиоидна плочка со монограм  (кат. бр. 136).

На територијата на Македонија наушници со трепетушки се откриени на Водоча, Јака Чешма, Неготино, Демир Капија и Битола кои припаѓаат на XV век [181].

На Балканскиот Полуостров наушници со трепетушки се појавуваат најрано во Војводина уште од XII-XIII век, додека во останатите балкански области после XV век [182].

Идентични наушнци со трепетушкки се откриени во Србија од XV- XVI век [183].

За наушниците со трепетушки потребно е да се нагласи дека се присутни во различни варијанти во накитот на средниот век, но не во голем број како во XVII и XVIII век, кога тие ја добиваат препознатливата украсна форма во кои е присутна турската орнаментика [184].

### Ликовни аналогии на наушници

Како археолошките наоди, пишаните извори така и ликовните претстави од фрескоживописот сведочат за постоењето, формата, квалитетот и функцијата на примероците на накит. Ликовните претстави ни покажуваат јасна слика за скапоцениот накит, кој е неговиот носител, кое е неговото место на човековото тело и модните трендови од тоа време. На територијата на Македонија има повеќе ликовни претстави кадешто ликовите се насликани со наушници. Наушниците претставуваат додадок на женската убавина прикажувајќи широк спектар на типови и варијанти. Во фрескоживописот најчесто се насликани на женските ликовни портрети кои припаѓале на високите кругови но ги има и кај светителките и обичните жени учеснички во

[181] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 62.
[182] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 62.
[183] Е. Зечевић, *Накит Новог Брда*, Београд, 2006, 51.
[184] Е. Зечевић, *Накит Новог Брда,* Београд, 2006, 51.

сцените на Христовиот и Богородичиниот циклус. Во првиот дел за наушниците на овој труд споменавме дека наушниците биле носени и од машката популација, па тука ќе ги прикажиме ликовните примери кои ја потврдуваат оваа констатација и на нашата територија. Наушниците во фрескоживописот се јавуваат во три типа.

Висечки наушницигги има на женските претстави од сцените: Воведение на Богородица и Раѓање на Богородица во Св. Пантелејмон, Нерези од 1164 година ( сл. 1) [185]; Раѓање во Св. Ѓорѓи, Курбиново од 1191 година (сл.2) [186]; севастократорка Владислава во ктиторската композиција во Св. Никола, Псача од 1365 - 1371 (сл. 3) [187] и во сцена од Акатистот во Марковиот манастир од XIV век (сл.5). Меѓутоа, покрај наушниците кај женските ликови, во црквата Св. Никола, Велмеј се наоѓа специфична претстава на малиот Исус Христос којшто е насликан со висечка наушница на една ушна ресичка од XIII век (без илустрација) [188]. Со претставите на живописот се потврдува дека и мажите и машките деца носеле наушница само на едно уво како амулет за заштита против зли сили.

Наушници-алки во фрескоживописот на територијата на Македонија ги среќаваме на женските, машките и детските претстави. Женска претстава со наушници - алки среќаваме кај Св. Елена и кај една машка претстава со наушница - алка од сцената Симнување во пеколот од фрескодекорацијата во црквата Св. Ѓорѓи од 1191 г. (сл. 6 и сл. 7) [189]. Наушница алка во истоимената црква среќаваме на персонификацијата на реката Јордан во сцената Крштевање. На сцената е претставено малечко дете насликано со алка протната на ресичката од десното уво (сл. 8) [190]. Исто така, во црквата Св. Димитрија, Марков Манастир, Скопје, на циклусот посветен на Богородица односно Акатистот се среќава уште една специфична претстава на Исус Христос со една наушница-алка (сл. 9). Наушници - алки среќаваме и во две ангелски претстави (сл. 10) исто така од Богородичиниот циклус кои хронолошки припаѓаат на XIV век [191].

---

185 E. Dimitrova, *The church of Saint Panteleimon, Nerezi,* Skopje, 2015, 9, 10.

186 Е. Димитрова, *Црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново*, Скопје, 2016, 6.

187 Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 200.

188 E. Maneva, *Ancient jewellery from Macedonia, middle ages*, Skopje, 2005, 8, fig.1.

189 Е. Димитрова, *Црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново,* Скопје, 2016, 6, 22; E. Dimitrova, O. Zorova, Beautiful creatures: Macedonia as “The garden of earthly Delights“, Nish and Byzantium, Nish XV, 2017, 96,97; Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006, 74-81.

190 E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute couture of Macedonia Byzantina: “Fashion, jewelery, accessories*, Collection of scientific works from Symposium Niš and Byzantium XVI, 2017, Niš, 2018, 253.

191 Е Димитрова, *Црквата Св. Димитрија, во Маркова Сушица*, Скопје, 2020, 15.16.

Кружните или зракасти наушници ги има на женските претстави изведени на фрескоживопиот во спомениците кои се зачувани во Македонија. Од средновековниот период зачувани се скоро 16 претстави на женски портрети со луксузни кружни наушници.

Во црквата Св. Ѓорѓи, Ст. Нагоричино, во циклусот посветен на Св. Ѓорѓи, во сцената Св. Ѓорѓи ја убива аждајата, принцезата е претставена со луксузни кружни наушници [192] (сл.11). Фрескоживописот датира од 1316 година[193]. Во истата црква, во 1371 година е насликана познатата принцеза Симонида со големи кружни и луксузни наушници [194]. Нажалост, оштетеноста на портретот не дозволува подетален опис.

Во ктиторската композиција, од црквата Воведение на Богородица во Кучевиште, која датира од од 1131 година, Владислава е претставена со кружни наушници (сл.13) [195]. На жалост, живописот е во лоша состојба, што претставува проблем за опширен опис на наушниците.

Во главната манстирска црква на Полошкиот манастир, Св. Ѓорѓи, во фрескоживописот кој потекнува од 1343-1345 [196] година се претставени два женски портрети со кружни наушници [197]. Првата женска претстава е светителската претстава на Св. Недела насликана со зракасти наушници (сл. 14). Втората претстава е историски женски портрет кој е дел од ктиторската композиција. Станува збор за Ана, сопругата на Драгушин која има идентични наушници со Св. Недела од истоимената црква (сл. 15) [198]. Нивните кружни наушници имаат додатоци на рабовите кои

---

[192] Б. Тодић, *Старо Нагоричино,* Београд, 1993, 77, сл. 67.
[193] Б. Тодић*, Старо Нагоричино*, Београд, 1993, 25,26; Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006,161-168; П. М. Пепек, *Делото на Зографите Михаило и Еутихиј,* Скопје, 1967, 57-62.
[194] Б. Тодић, *Старо Нагоричино,*Београд, 1993, 25,26, 118,119, црт. 21; Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006,161-168; E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute couture of Macedonia Byzantina: "Fashion, jewelery, accessories*, Collection of scientific works from Symposium Niš and Byzantium XVI, 2017, Niš, 2018, 252; E. Dimitrova, *Beauty and no beast, Social and cultural Perspectivec of Beauty in Bizantine Painting*, Патримониум 20, 2022, 239, fg. 9; Б. Радојковић, 41, сл. 28; П. М. Пепек, *Делото на Зографите Михаило и Еутихиј,* Скопје, 1967, 57-62.
[195] E. Dimitrova, *Beauty and no beast, Social and cultural Perspectivec of Beauty in Bizantine Painting*, Патримониум 20, 2022, 237-238; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 174-176, таб. 128.
[196] Д. Ќорнаков, *Полошки манастир*, Св. Ѓорѓи, Скопје, 2006, 40.
[197] Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 177-181, сл. 100;E. Dimitrova, O. Zorova, *TRACES DE "FÉMINITÉ" IN MACEDONIAN MIDDLE AGES -ART AND ARCHAEOLOGY,* Nish and Byzantium XVIII, Nish, 2020, 431, fg, 3.
[198] E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute couture of Macedonia Byzantina: "Fashion, jewelery, accessories*, Collection of scientific works from Symposium Niš and Byzantium XVI, 2017, Niš, 2018, 253; Ц. Грозданов, *Живописот на Охридската Архиепископија XI – XVIII век*, Скопје, 2020, 181,182,214, 215.

формираат своевидна фолклорна компилација во основа инспирирана од богатиот велмошки доцносредновековен накит [199]. Меѓутоа, нашниците од историските портрети на Полошко според Е. Манева припаѓаат на наушници од Курбиновскиот тип [200].

На фрескоживописот од црквата Св. Никола Болнички, Охрид, зачувани се две женски претстави претставени со кружни наушници. Првата претстава е портретот на царица Елена, дел од ктиторската композиција од 1345 година (сл.16) [201]. Втората претстава се наоѓа во сцената Свадбата во Кана, каде што невестата е претставена со кружни и луксузни наушнци (сл. 17). Оваа претстава е дел од живописот од XV век [202].

Во црквата посветена на Св. Архангел Михаил во Лесново на живописот од 1346/47 година се наоѓаат два женски историски портрети кои се дел од ктиторската композиција [203]. Станува збор за портретите на царица Елена (сл. 18), сопругата на цар Душан и Ана Ливерина (сл. 19), сопругата на Јован Оливер. Двата женски лика се претставени во луксузна богата облека и накит што ја опишува нивната висока положба во општеството. Нивните наушници се големи кружни и луксузни а со тоа го прикажуваат нивното богатство и високата тогашна мода. Според бојата со која се насликани, најверојатно наушниците се изработени од злато и украсени со драги камења [204].

Во Богородичината црква во Матејче, Св. Недела (сл. 20) е претставена во убава облека со кружни наушници. Живописот датира од 1350 година [205].

Во фрескоживописот од 1365 година во црквата Св. Богородица Перивлепта, Охрид [206], претставата на Св. Константин и Елена, Елена е насликана со кружни наушници (сл. 21).

---

[199] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, 23, сл. 3.
[200] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, кат. 21-28.
[201] E. Dimitrova, *Beauty and no beast, Social and cultural Perspectivec of Beauty in Bizantine Painting*, Патримониум 20, 2022, 242, 243 fg 15; Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство XIV век*, Скопје, 2016, 91, 416, сл.34.
[202] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, 22, сл. 2.
[203] С. Габелић, *Манастир Лесново*, Београд, 1998, 27;E. Dimitrova, *Beauty and no beast, Social and cultural Perspectivec of Beauty in Bizantine Painting*, Патримониум 20, 2022, 235, fg. 2; 243, fg.17.
[204] E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute couture of Macedonia Byzantina: "Fashion, jewelery, accessories*, Collection of scientific works from Symposium Niš and Byzantium XVI, 2017, Niš, 2018, 252.
[205] E. Dimitrova, O. Zorova, *Traces de Feminite in Macedonian Middle Ages- Art and Archeology*, Nish & Byzantium, XVIII, Nish, 2020, 431, fg. 4; Е. Димитрова, *Манастир Матејче,* Скопје, 2002, 224,262,263, LVII.

Исто така, ликот на Св. Елена на живописот од XIV век во црквата мали Св. Врачи е насликана со кружни наушници (сл.22) [207].

Женски претстави со варијанти на кружните наушници се претставени во две цркви кои се територијално оддалечени, а датираат од XV век. Двете претстави се дел од ктиторски композиции, насликани со бели марами на главата и кружни наушници, тоа се ктиторката Милица од Богородичината црква на Матка (сл.23) [208] и ктиторката Вулка од црквата Св. Спас, Лесковец, Охрид (сл. 24) [209]. Кружните научшници на Милица спаѓаат во таканаречената водочка варијанта на наушници [210]. Додека кружните наушници на Вулка имаат специфична форма со кринови [211]. Според Е. Манева наушниците на Вулка соодвествуваат на наушниците со вегетабилен завршеток [212].

Пророчицата Сибила во две цркви е, исто така, претствена со кружни наушници. Првата нејзина претстава е во црквата Св. Спас, во Добри Дол која датира од XV век [213] (сл. 25), додека втората нејзина претстава со кружни наушници е во црката Св. Атанасиј, с, Шишево (сл.26) и датира од 1565 година [214].

---

[206] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство XIV,* Скопје, 2016, сл.108; Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006, 198-199.

[207] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство XIV,* Скопје, 2016,77-88, сл.30.

[208] Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка Културно наследство*, Скопје, 2011, 183-187, 189; Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, 22, сл.5.

[209] Г. Ангелчин-Жура*, Св. Спас,* Охрид, Светско наследство, Скопје, 2009, 142-145; Г. Суботиќ, *Охридска сликарска школа од XV век*, Охрид, 1980, 93-104.

[210] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, 22, сл. 5.

[211] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, 26, сл. 4.

[212] Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча*, Скопје, 2007, кат. 29.

[213] Б. Видоеска, *Црква Св. Спас с. Добри Дол – Скопско*, ЗСУММ 2, 1996, 167-172.

[214] Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка Културно наследство*, Скопје, 2011, 233-244.




### 4.2. Накит за врат (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)

Накитот за вратот го сочинуваат ѓерданите, огрлиците, низанките, гушниците, торквесите, низанките од од мониста, бисерите и приврзоците. Ѓерданот може да биде составен дел и од облеката.

Уште од најстарите времиња, како важен дел од накитот бил и ѓерданот кој бил носен на два начина, тесно припиен за вратот и како ланчиња закачени на вратот со украсни приврзоци. Во првата група припаѓаат торквесите и украсните ленти кои се

noселе припиени за кожата на вратот, додека во втората група биле ѓерданите и низанките од мониста [215].

Од накитот за врат во овој труд се застапени само ѓердани.

### 4.2.1. Ѓердани (кат. бр. 137 – 143)

Носењето на ѓердани има долга традиција, уште од античкиот период, притоа нејзиниот развој доживува разни варијации во изборот на материјали и форми, но и покрај тоа основните карактеристики остануваат и во средниот век [216]. Поради недостапноста на скапи материјали, камења, бисери, разни мониста, во средниот век се појавила и потребата да се имитираат поскапите материјали така што се користеле поефтини материјали кои биле достапни за поширокото население.

Од археолошките локалитети во Прилеп и неговата околина се пронајдени 7 ѓердани и тоа само на локалитетот Трпчева Црква-Мариово, од кои еден е фрагментарно сочуван и се датирани од X –XII век [217].

Според формата на нанижаните мониста и материјалот од кои се изработени, пронајдените ѓердани може да се групираат во две варијанти.

Во првата варијанта припаѓаат 5 ѓердани составени од ситни мониста, во топчеста, цилиндрична и цевчеста форма кои се изработени само од стаклена паста во зелена, бела, сина, жолта и кафеава боја (кат. бр. 137, 138, 139,142, 143).

Во втората варијанта припаѓаат 2 ѓердани кои освен мониста од стаклена паста, содржат оловни мониста во топчеста, елипсовидна, плочеста форма и полудраги камења (кат. бр. 140, 141).

Мониstата опстојувале повеќе векови без поголеми промени во нивната форма поради што претставува проблем во истражувањето за нивната конкретна датација. Од истражувачите е констатирана појавата на низанки од стаклени мониста кај Јужните Словени [218]. Во среднот век стаклените мониста ги имало во разни форми како:

[215] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 78.
[216] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 53.
[217] Л. Кепеска, *Трпчева црква,* Прилеп, 2008, 38.
[218] Е. Манева, *Средновековен накит*, Скопје, 1992, 65.

топчести, прстенести, биконични, полигонални, цевчести, крушковидни кои можеле да бидат двочлени, тричлени и повеќе члени мониста.

На територијата на Македонија идентични ѓердани со првата варијанта се откриени на локалитетите Св. Еразмо, Цигански Гробишта близу до Охридското Езеро, Бегов Даб с. Дулица и Хераклеја кои се датираат од X – XII век [219]. Уште едни мониста од ѓердан кои припаѓаат на оваа варијната се откриени на локалитетот Бресто-Бурлатица, Велес но припаѓаат на раносредновековниот период [220]. Исто така, на локалитетот Крстеви, Корешница се откриени ѓердани кои се датираат во X – XI век [221].

Идентични примероци со втората варијанта на ѓердани се откриени на локалитетот Црквиште - Демир Капија кои според Б. Алексова оваа варијанта се појавува во IX – X век и во XIV век [222].

На Балканскиот Полуостров идентични ѓердани се откриени во Хрватска, Бугарија и Србија, кои исто датираат од X до XI век [223].

### 4.2.2. Крстови-привврзоци (кат. бр. 144, 145,1 46, 147, 148)

Крстовите-привврзоци претставуваат накит кој се носел околу вратот поради мислењата за нивната профилактичка улога. Најчесто тие се со религиозен и амулетски карактер. Крстовите како привврозци се поврзуваат со христијанската религија односно биле носени како симбол на христијанската вера и се верувало дека преку носењето на крстови се овозможува директно поврзување со Бог. Носени од христијаните, тиеверувале во нивната заштитничка моќ.

На археолошките локалитети од Прилеп и околината се откриени 5 крстови – привврзоци.

На локалитетот Трпчева Црква се откриени три крстови привврзоци, на локалитетот Маркови Кули е откриен еден крст привврзок и на локалитетот Задна Река-

[219] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 65.
[220] Е. Манева, *Средновековен накит од Македониј*а, Скопје, 1992, 65.
[221] Е. Манева, *Крстеви-средновековна*, Скопје, 2000, 57.
[222] B., Aleksova, *Prosek-Demir Kapija,* Skopje, 1966, 57.
[223] M,Petrinec, *Groblja od 8. do 11. Stoljeća na području rano srednjovjekovne hrvatske države,* Split,2009, 250.

Грмајте е пронајден еден крст - приврзок. Сите крстови помеѓу себе, типолошки се разликуваат.

Оловниот крст – привrзок од локалитетот Задна Река-Грмајте (кат. бр. 147) типолошки се поврзува со крстовите од сириско- палестински тип и датира од IX век, но употребуван е и во X и XI век [224]. На територијата на Македонија идентичен крст е откриен на локалитетот Црквиште, Демир Капија [225] и надвор од македонската територија во Србија и Бугарија [226].

Трите крстови-привrзоци од локалитетот Трпчева Црква се изработени од бронза, типолошки се разликуваат меѓусебе но датацијата им е заедничка, се датираат од X до XI век [227].

Крстот – привrзок (кат. бр. 144) чии краеви завршуваат кружно, се украсени со двојна кружна профилација и има најблиски аналогии со крстот во Демир Капија, кој се датира од X – XI век [228]. Надвор од границите на Македонија, вакви идентични крстови привrзоци се откриени во Србија [229].

Крстот – привrзок (кат. бр. 148) од Трпчева Црква, изработен од бронза, има едноставен облик и свои аналогии има во Србија, Романија и Русија [230].

Крстот – привrзок (кат. бр. 145) исто така од Трпчева црква, изработен од бронза, кој на аверсот и реверсот има декорација од плиток релјеф, односно на аверсот е претставата на Распетието. Идентични крстови се откриени во Србија и датираат од X-XI век [231].

Крстот – привrзок (кат. бр. 146) е откриен на Марковите Кули и датира од X – XIII век [232]. Поради својата непрецизна изработка, типолошки не може да се смести во одредена група. Идентични крстови се откриени во Србија [233].

---

[224] Л. Кепеска, *Неколку крстови-привrзоци од Прилепско,* Macedoniae acta archaeologica бр. 16, 2005, 286.
[225] О. Петров, *Градот –тврдина Просек и неговиот ареал во средниот век*, Докторска дисертација, Скопје, 2015, 171.
[226] Л. Кепеска, *Неколку крстови-привrзоци од Прилепско,* Macedoniae acta archaeologica бр. 16, 2005, 286.
[227] Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 60.
[228] Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 60.
[229] Л. Кепеска, *Неколку крстови-привrзоци од Прилепско,* Macedoniae acta archaeologica бр. 16, 2005, 286.
[230] Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 60.
[231] Л. Кепеска, *Трпчева Црква*, Прилеп, 2008, 60.
[232] Л. Кепеска, *Неколку крстови-привrзоци од Прилепско*, Macedoniae eacta archaeologica бр. 16, 2005, 288.
[233] Л. Кепеска, *Неколку крстови-привrзоци од Прилепско*, Macedoniae eacta archaeologica бр. 16, 2005, 288.

Крстови – приврзоци во разни варијанти се откриени и на Коринт, Грција [234].

### 4.2.3. Крстови - енколпиони (кат. бр. 149, 150, 151)

Енколпионите претставуваат крстови реликвијари во форма на латински крст, лиени во бронза, со шарнир на горниот и долниот крак. Декорацијата е релјефна, пластично нагласена, изведена е при лиењето на телото на крстот. На двете страни, односно на аверсот и реверсот има претстави и ликови поврзани со христијанската религија. Крстовите – енколпиони биле носени самостојно, обесени на врвка од кожа или ткаенина. Енкоплионите претставуваат лична побожност, односно нивното носење значело припадник на христијанската вера.

Во музејската збирка има три енколпиони, од кои два се пронајдени на локалитетот Трпчева Црква и еден енколпион од непозната локација.

На аверсот двата крстови од Трпчева Црква, (кат. бр. 150, 151) имаат релјефна претства на Распетието, а на реверсот имаат релјефна претстава на Богородица Оранта и на краците имаат допојасни фигури на евангелистите. Меѓутоа, тие се разликуваат само по иконографската претстава на Христос, кој на едниот крст е претставен во куса перизома (кат. бр. 150), а на другиот крст Христос е претставен облечен во колобиум (кат. бр. 151). Нивната датација е X – XI век.

Енколпионот (кат. бр. 149) е составен од два дела, на едната страна е прикажано Распетието додека на другатастрана е пркажана Богородица во став на Оранта. Според истражувачите овој тип е од групата крстови – енколпиони од палестинско – сириската традиција [235].

На локалитетот Црквиште, Просек е откриен само еден енколпион кој се датира од X- XII век [236].

Најблиски аналогии за крстот-енколпион во чии претстави Христос е прикажан во перисома, се откриени во Србија од X- XI век и XI – XII век[237]. Енколпиони со

[234] G. Davidson, *Corinth, Minor objects*, Vol 12, 1952,
[235] *Културно Богатство на Прилеп од V– XIX век*, Прилеп 1976, 51.
[236] B.Aleksova, *Prosek- Demkir Kapija*, Beograd, 1966, 60.
[237] Л. Кепеска, *Трпчева Црква*, Прилеп, 2008, 62.

претстава каде што Христос е прикажан во химатион се пронајдени во Србија и поширокиот Балкански Полустров од X – XII век, Бугарија од X – XI век [238].

Енколпиони со претстави на Христос и Богородица се откриени и во Коринт, Грција [239].

**Ликовни аналогии на ѓердани, крстови-приврзоци и енколпиони**

Ликовните претстави на ѓерданите на фрескоживописот на територијата на Македонија, не соодветствуваат со откриените археолошки наоди. Меѓутоа, ѓерданите во живописот се специфични и затоа вредат да се споменат.

Во црквата посветена на Св. Никита, Бањани, се наоѓаат 2 претстави на свети маченици кои се насликани со една варијанта на ѓердани (сл 27, сл. 28). Живописот датира по 1321 година [240]. Иконографски, најчесто светите маченици се сликаат со торквеси, меѓутоа, на претставите во Св. Никита, Св. Сергија и Св. Вакха се претставени со долги ѓердани кои висат на вратот нанижани од бисери и скапоцени камења [241].

Ктиторката Ана, сопругата на Драгушин во ктиторската композиција од манастирската црква на Св. Ѓорѓи, Полошко (сл. 29) е насликана со ѓердан које богато украсен со бели бисери и е припиен за вратот. Живописот датира од 1343-1345 [242].

Крстовите – приврзоци на фрескоживописот на територијата на Македонија, се насликани без посебни украсни мотиви и варијанти. Тие се сосем обични крстови кои висат на врвка закачени на вратот на носителот.

Претстави на крстови како приврзоци се среќаваат во две цркви. Првата претстава на е

---

238 Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 62, 63.
239 G. Davidson, *Corinth, Minor objects*,Vol 12, 1952,256.
240 Е .Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 1699-1706; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 168-172; В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске у Југославији,* Београд, 1974, 50; П. М. Пепек, Делото на Зографите Михаило и Еутихиј, Скопје, 1967, 51-56.
241 М, Марковић, *Свети Никита код Скопља*, Београд, 2015, 193.
242 Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006, 177; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 200-202; Е.Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 1712-1717; E. Dimitrova, O. Zorova, *HAUTE COUTURE OF MACEDONIA BYZANTINA: FASHION, JEWELRY, ACCESSORIES*, Nis and Byzantium, 2018, 255.

Св. Антониј во црквата Св. Богородица Перивлепта (сл. 30) на живописот од 1365 година [243].

Втората претстава е во Марковиот манастир, Сушица, во претставата на човек кој е насликан во сцена како дел од Богородичиниот акатист од XIV век (сл 31) [244].




## 4.3. Накит за раце (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)

Во групата накит за раце припаѓаат гривните и прстените. Во овој труд застапени се и двете групи на накит со по неколку варијанти.

### 4.3.1. Гривни (кат. бр. 152 – 247)

---

[243] Ц. Грозданов, *Богородица Перивлепта (Свети Климент во Охрид)*, Скопје, 2018, 159.
[244] Е. Димитрова, *Црквата Св. Димитрија во Маркова Сушица*, Скопје, 2020, 36.

Местоположбата на гривните е на рацете и се едни од омилените предмети за украсување во средновековието. Називот гривна е архаичен збор и го означува овој вид на накит без оглед на кој дел од раката бил носен, подлактница или надлактица. Исто така се употребува и називот „белезица“, „белегзија“, „белезунка“, што доаѓа од турскиот збор „bilezik“ што го означува зглобот помеѓу подлактницата и шаката.

Во средновековието, гривните како накит биле носени претежно над шаката, за разлика од старите источни цивилизации и античкиот свет каде што обичај било тие да се носат на подлактницата и надлактицата [245]. Според истражувањата, откриените гривни со остатоци од текстил покажуваат дека гривната во средновековниот период се носела и над облеката со цел да го држи ракавот врз раката. Покрај практичната функција, средновековните гривни, имале симболична функција, т.е. го покажувале статусот, општествениот ранг, штителе од зли сили, се носеле за здравје и се верувало дека одредени метални гривни лекуваат болести [246].

Како и наушниците така и гривните биле носени и од жените и од мажите [247].

Низ историјата на накитот, обликот на гривната значително не се менувал, уште од праисторијата е сочувана основната форма на отворена или затворена алка со различно решени краеви или начини на закопчување. Единствената промена во развојот на гривните е забележана единствено во нивната декорација. Средновековната типологија на гривните почива врз варијантите кои настанале во римското занаетчиство од II до III век по примери на египетската и месопотамската култура. Прототиповите се изработени од метални траки со декорации од скапоцени камења, геми и шарнири. Особено бројна група претставуваат отворените гривни со полн пресек, со краеви во форма на змиски глави кои, исто така, имаат влијанија од античката култура.

Основна поделба на овој накит е според материјалот од кои се изработени, и тоа на метални и стаклени гривни.

Во овој труд се обработени вкупно 96 гривни откриени на археолошките локалитети во Прилеп и неговата околина, дел депонирани во Завод и музеј – Прилеп, додека останатиот дел во Институтот за старословенска култура – Прилеп.

---

[245] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 82.
[246] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 69.
[247] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 82.

**Тип 1. Метални гривни (кат. бр. 152 – 213)**

Групата на металните гривни, кои се обработуваат во овој труд, се изработени претежно од бронза, застапени во 62 примероци. Тие се групираат во четири типа.

**Тип 1.1. Гривни со еден шарнир (кат. бр. 152, 153, 154, 155)**

Посебен тип претставуваат гривните со еден шарнир. Тие се лентести гривни, со еден механизам за закопчување – шарнир, изработени се од тенок лим декориран по целата должина.

Гривни од оваа варијанта на просторот на Прилеп и Прилепско се откриени во вкупно 4 примероци (кат. бр. 152 - 155), сите на локалитетот Трпчева Црква. Овие примероци се декорирани со геомериски и линеарни мотиви, изведени со пунктирани точки, датирани во X – XI век.

Потеклото на овие гривни може да се бара во византискиот накит каде се изработувале од сребро декорирани со разни животински, растителни, спирални мотиви и други мотиви [248]. Овој тип е застапен исклучиво на источно-балканските простори, како Македонија, Бугарија, Србија во периодот помеѓу X и XI век [249]. Бронзените гривни од Македонија, Бугарија, Србија и Грција припаѓаат на раната занаетчиска продукција, изработувани по угледот на луксузните примери.

На територијата на Македонија, гривни од овој тип се откриени уште на локалитетот Крстеви – Корешница [250] и Црквиште – Демир Капија [251].

Надвор од територијата на Македонија, се откриени во Србија и на Косово датирани во X –XII век [252], како и во Бугарија датирани во X – XII век [253].

**Тип 1.2. Лентести гривни со отворени краеви (кат. бр. 156 – 164)**

---

248 V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 85.
249 V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 85.
250 Е. Манева, *Крстеви-средновековна некропола*, Скопје, 2000, 106, 107.
251 B. Aleksova, *Demir Kapija -Prosek*, Beograd, 1966, 57.
252 V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 85.
253 О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период,* Докторска дисертација, Скопје, 2021, 179.

Лентестите гривни со отворени краеви се изработени од тенок бронзен поретко бакарен лим со лиење во едноделни калапи, со ковање или со исчукување на краевите. Оформената лента се свиткува кружно по потреба правејќи поголемо или помало растојание меѓу краевите [254].

Според начинот на завршување на краевите, се разликуваат повеќе вариетети како: гривни со заоблени краеви, со рамно засечени краеви, со зашилени краеви и краеви во форма на змиска глава. Гривните се украсени со геометриска декорација изведена со убоди, јами или точки, кругови кои образуваат вертикални, хоризонтални или цик-цак линеарни мотиви или полиња кои најчесто се повторуваат по целата лента [255]. Марјановиќ-Вујовиќ на некрополата Трњане констатира дека ниту една декорација на гривните не се повторува со друг примерок на гривна, што упатува на тоа дека секоја гривна е правена со посебен калап [256]. Според В. Бикиќ, кај гривните со проширени краеви, на проширената површина е изведена различна декорација од онаа на останатиот дел од ленатата [257].

Гривни од овој тип се застапени во повеќе варијанти, а потекнуваат од следните локалитети: 2 гривни со отворени краеви од Задна Река – Грмајте датирани во XI-XII век [258], 2 од Трпчева Црква датирани во X-XII век, 3 гривни од Маркови Кули датирани во XII-XIII век [259],1 гривна од Илино – Шаторов Камен и 1 гривна кај Св. Ѓорѓи во Пресил датирани околу X – XI век [260].

Овој тип на гривни се карактеристични за Источниот Балкан за периодот од X-XIII век, особено се чести во XII век.

Гривни со отворени краеви во разни варијанти од територијата на Македонија се откриени на Црквиште - Демир Капија [261], Крстеви – Корешница [262], Пепелиште [263], Косел, Охрид, Градиште, Средно Нерези, Мокрино, Струмица [264].

---

[254] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане*,Београд, 1984, 93.
[255] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 72.
[256] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане*, Београд, 1984, 93-97.
[257] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 83.
[258] Л. Кепеска, *Задна Река – Грмајте,* Прилеп, 1995, 53.
[259] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*,Прилеп, 1986, 282.
[260] Л. Кепеска, *Трпчева Црква*, Прилеп, 2008, 44.
[261] B. Aleksova, *Demir Kapija- Prosek,* Beograd, 1966, 57.
[262] Е. Манева, *Крстеви – средновековна некропола,* Скопје, 2000, 126.
[263] Е. Манева, *Пепелиште-средновековна некропола*, Скопје, 2000, 37.

На поширокиот Балкански простор гривни од овој тип се откриени на локалитетите во Трњане, Србија [265], Коринт, Грција [266], Бугарија [267] ставени во хронолошка рамка од X до XII век.

**Тип 1.3. Гривни со полн пресек (кат. бр. 165 - 195)**

На оваа група припаѓаат гривните кои имаат полн пресек на телото, најчесто кружен, но застапени се исто гривни со полукружен, правоаголен, квадратен како гривни со неправилни пресеци. Краевите на гривните со полн пресек може да бидат зашилени, рамно засечени, проширени со расковување или териморфно обликувани, најчесто во форма на змија.Површината на гривните е декорирана со линии, точки, вдлабнатини кои најчесто се добиени при лиењето, врежувањето или пунктирањето. Овој тип на гривни се честа појава на територијата на Македонија, а поретко се појавуваат на останатите балкански подрачја [268]. Според Г. Марјановиќ – Вујовиќ, украсувањето на гривните со линии и точки, има тенденција да претстави змијолик мотив [269]. Според В. Бикиќ, начинот на украсување на завршоците претставува непрекината традиција на изработка на овој вид на накит на поширокиот балкански простор [270].

Гривни со полн пресек во Прилеп и околината се откриени со 8 примероци на локалитетот Трпчева Црква, 6 примероци на Поткули, Варош, 14 примероци на Маркови Кули, 3 примероци на Задна Река – Грмајте и 2 примероци на Градиште, Дебреште.

Аналогни примероци од територијата на Македонија се откриени на Црквиште, Демир Капија [271], Крстеви-Корешница [272], Ограда – Бистренци, Пепелиште [273], Крњево – Кавадарци, Гропче – Кочани, Љубаништа и Опеница-Охрид, Керамидарка – Мокрино, Паликурска Базилика итн. На Балканскиот Полуостров овој тип на гривни е

[264] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 20121, 178.
[265] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане,* Београд, 1984, 93 – 97.
[266] G. Davidson, *Corinth, Minor objects,*Vol 12, 1952, 262.
[267] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 73.
[268] Е., Манева*, Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 73.
[269] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане,* Београд, 1984, 97, 98.
[270] V.Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 86.
[271] B.Aleksova, *Demir Kapija – Prosek,* Beograd, 1966, 57.
[272] Е. Манева, *Крстеви-средновековна некропола*, Скопје, 2000, 66,67.
[273] Е. Манева, *Пепелиште – средновековна некропола*, Скопје, 200, 37.

застапен на истите локалитети како предходниот тип на гривни, нивната хронолошка рамка е од X до XII век [274].

### Тип 1.4. Тордирани гривни (кат. бр. 196 – 213)

Тордираните гривни се изработени од преден четирикатен тељ од удвоени свиени жици со отворени краеви во вид на јамки во чија средина се истакнуваат по двата краја од жиците. Овој тип на гривни бил омилен кај словенското население во Источниот Балкан [275]. Тордиранте гривни ги има уште во доцноримскиот период, но со јамка и кука за што сведочат откриените примероци во Скупи и Хераклеја кои датираат од IV век [276].

Тордирани гривни во Прилеп и околината се откриени со 4 примероци на Трпчева Црква, 5 примероци на Задна Река-Грмајте, 7 примероци на Маркови Кули и 2 примероци на Илино - Шаторов Камен.

На територијата на Македонија тордирани гривни се пронајдени уште на локалитетите Црквиште - Демир Капија [277], Крстеви – Корешница [278], Пепелиште [279], Охрид, Цигански Рид, Кочани, Св. Николе, Керамидарка Мокрино [280]. Според Б. Бабиќ, хронолошката рамка на тордираните гривни од Прилеп и Прилепско ја става во периодот од X до XIII век [281].

На поширокиот ареал тордирани гривни се откриени во Прахово, Ѓердап и Миријево во Србија [282], Бугарија [283], Солун и Коринт, Грција [284], Русија и Финска вклучувајќи ги и западните балкански простори кои припаѓаат на XIV век [285].

---

[274] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, 179.
[275] Ј. Ковачевиќ, *Средновековна ношња балканских словена*, Београд, 1953, 217.
[276] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 74.
[277] B.Aleksova, *Demir Kapija – Prosek,* Beograd, 1966, 57.
[278] Е. Манева, *Крстеви – средновековна некропола*, Скопје, 2000, 68.
[279] Е. Манева, *Пепечиште-средновековна некропола*, Скопје, 82.
[280] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, 181.
[281] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македнските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп, 1986, 281.
[282] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане,* Београд, 1984, 98.
[283] Л. Кепска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 46.
[284] G. Davidson, *Corinth, Minor objects*,Vol 12, 1952, 263.
[285] Ј.Ковачевиќ, *Средновековна ношња балканских словена,*Београд, 1953, 116.

**Тип 2. Стаклени гривни (кат. бр. 214 – 247)**

Посебна група претставуваат гривните изработени од стаклена паста во разни бои. Според нивниот пресек можат да се поделат на неколку варијанти: гривни со кружен пресек, гривни со полукружен пресек, гривни со правоаголен пресек и гривни со триаголен пресек.

Стаклените гривни претставувале еден од омилените видови на накит во средновековниот период. Според Ј. Ковачевиќ, стаклените гривни претставувале вообичен накит кај јужните Словени, меѓутоа, нивните почетоци се поврзуваат со доцната антика кога и се појавуваат [286]. Според Е. Манева, Византија ја продолжила античката продукција на стаклени гривни, па преку неа тие се шират во употреба кај словенското население и остануваат да сè користат се до XVII век [287]. Г. Дејвидсон, забележал дека стаклените гривни од Коринт, Грција, веројатно биле преземени како моден реквизит од римскиот период и продолжиле да се користат во византискиот, со тоа што во XI се појавиле и нови варијанти [288].

Според димензиите констатирано е дека стаклените гривни биле носени од жени, девојчиња и од мажите, а се поставувале на надлактицата. Такви стаклени гривни се пронајдени на локалитетите Керамидарка, Струмица, локалитетите во Прилеп, Охрид, Пепелиште, Неготино и越 Мородвис кај Кочани [289]. Г. Марјановиќ-Вујовиќ констатирала дека скоро кај сите локалитети во Србија, каде што се откриени стаклени гривни биле поставувани само на една, односно само на левата рака [290]. Во врска со стаклените гривни и нивната положба, при истражувањата во Србија, Бугарија и Македонија, Е, Талеска, констатирала дека биле носени по една или повеќе на левата рака или на двете раце [291].

Во Прилеп и неговата околина застапени се вкупно 34 стаклени гривни од кои, 22 се целосно сочувани и 12 фрагментарно сочувани.

---

[286] Ј. Ковачевиќ, *Средновековна ношња балканских словена*, Београд, 1953, 117.
[287] Е., Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 75.
[288] G. Davidson, *Corinth, Minor objects*, Vol 12, 1952, 262 – 265.
[289] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 76.
[290] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане,* Београд, 1984, 98.
[291] Е. Талеска, *Прилог кон проучување на средновековни белезици од стакловина на територијата на СР Србија, СР Македонија и НР Бугарија*, Зборник посветен на Б.Бабиќ, Прилеп, 1986, 219.

На локалитетот Трпчева Црква се откриени 7 стаклени гривни, на Маркови Кули 11 примероци, Задна Река - Грмајте 7 примероци, кај црквата Св. Атанас 3 фрагменти од гривни, Поткули - Варош 5 примероци, и кај Св. Никола 1 фрагмент на гривна.

Во Македонија најраните средновековни примероци се датирани во X – XI век откриени на Црквиште - Демир Капија. Овој тип на гривни освен од Македонија застапени се на поширок простор, и тоа во Косово, Србија, Бугарија Албанија, Грција, Романија, Русија, Киев до Новгородит [292].

Според Б. Бабиќ, стаклените гривни од Маркови Кули и Варош се датираат од XII до XIV век [293].

Стаклените гривни од Задна Река – Грмајте имаат правоаголен пресек, една тордирана и имаат темни бои, а се датирани во X – XII век [294].

Гривните од Трпчева Црква имаат кружен пресек, една е од нив е тордирана и сите се изработени претежно во темни бои и се датираат од X - XI век [295].

**Ликовни аналогии на гривни**

Ликовните претстави на гривни во живописот во Македонија се застапени во мал број. Насликани во темни бои без декорации и варијанти, со што е оневозможена типологизација и аналогија со откриените археолошки наоди. Но, сепак, ликовните претстави на гривни се блиски, скоро идентични со стаклените гривни.

Гривните во фрескоживописот се среќаваат во три цркви во границите на Македонија, Св. Пантелејмон во Нерези, Св. Никита, Бањани и во црквата Св. Архангел Михаил во Лесново.

Во црквата посветена на Св. Пантелејмон, Нерези, гривни се среќаваат кај неколку жени учеснички во две сцени. Првата сцена е Воведение на Богородица во храмот каде

---

[292] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 75.
[293] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македнските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп, 1986, 283.
[294] Л. Кепеска, *Задна Река – Грмајте*, Прилеп, 1995, 54.
[295] Л. Кепеска, *Трпчева Црква*, Прилеп, 2008, 41.

што една жена е насликана со гривна (сл. 32). Втората сцена е Раѓање на Богородица, каде што повеќе жени се претставени со гривни поставени на надлактицата или подлактницата (сл. 33). Живописот датира од 1164 година [296]. На живописот од Св. Пантелејмон, се потврдува местоположбата на гривната врз раката, нивната употреба и претставува сигурен хронолошки сведок за нивното присуство во овој период [297].

Во црквата Св. Никита во Бањани, во сцената Христос и Самарјанката, Самарјанката е претставена со гривна на раката. Живописот датира од 1321 година (сл 34) [298].

Во истоимената сцена, Христос и Самарјанката од црквата Св. Архангел Михаил во Лесново, Самарјанката е претставена со гривни на двете раце (сл.35). Живописот датира од 1346 година [299].

### 4.3.2. Прстени (кат. бр. 248 – 443)

Прстените се едни од најзастапените видови на накит на територијата на Македонија. Во средниот, век прстените како и останатиот накит биле користени за украсување на телото, односно рацете. Тие биле носени на прстите од рацете почнувајќи од еден, па сè до десетина на една или двете раце. Биле носени од мажите, жените и децата од сите социјални слоеви. Најчесто претставуваат симбол за поврзување на човечките единки. Прстените имале повеќе функции како: прстен печатник, прстен за запнување на стрели, прстени секала, прстени за ознака на брачниот статус и прстени со претстави кои имаат апотропејска функција, односно нивната замислена магична содржина служела за одбрана од разни незгоди, болести, чувала од подрек и ги привлекувала добрите сили. Прстените од средновековниот

[296] E. Dimitrova, *The church of Saint Panteleimon at Nerezi*, Skopje, 2015, 9, 17; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 1591-1597; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано,2006, 64-74; В. Ј. Ђурић, Византијске фреске у Југославији, Београд, 1974, 13; E. Maneva, *Ancient Jewellery from Macedonia*, Skopje, 2005, 9, fig.3.

[297] Е. Манева, *Стаклени белезици од антиката до новото доба*, Патримониум, Скопје, 2014, 85.

[298] Е .Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти,Скопје, 2013, 1699-1706; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 168-172; М, Марковић, *Свети Никита код Скопља*, Београд, 2015, 182,175,103, сл.51;П. М. Пепек, *Делото на Зографите Михаило и Еутихиј*, Скопје, 1967, 51-56.

[299] С. Габелић, *Манастир Манастир Лесново,*Београд, 1998, 27. XVIII.E. Dimitrova, O. Zorova, "*TRACES DE "FÉMINITÉ" IN MACEDONIAN MIDDLE AGES – ART AND ARCHAEOLOGY,* Nish and Byzantium, XVIII, 2020, 437.

период, односно главите на прстените се декорирани со пунцирање, гравирање, исчукување преку кои се претставени разни орнаменти со геометриски, флорални, религиозни, митски и други претстави. Прстените често носат и хералдички мотиви коишто ја означуваат припадноста кон одреден сопственик.

Симболите на прстените од средновековието најчесто се поврзани со христијанската религија. Во религијата ништо не е случајно претставено, секој симбол, секој мотив се употребува за да нагласува одредено прикриено значење. Средновековните прстени се прекриени со христијански обележја кои во себе зачувале многу од архаичните и магиските својства, изразени преку облиците, материјалите и орнаментите. Во голема мера се зачувала прастарата амулетска улога, да штити од зло, а да привлече добро. Прстенот како предмет е поврзан со својот носител и оттаму произлегува интимноста на неговата симболичност.

Во ареалот на археолошките локалитети во Прилеп и неговата околина се откриени 196 прстени изработени од сребро, бронза, бакар, железо и стаклена паста, од кои 12 примероци на локалитетот Варош, 83 примероци на Трпчева Црква, 18 примероци на локалитетот Задна Река – Грмајте, 13 примероци на Маркови Кули, 9 примероци на Поткули, 3 примероци на Страгата, 2 примероци на Илино, Шаторов Камен, 18 примероци кај црквата Св. Димитрија, 19 примероци кај црквата Св. Никола, 9 примероци кај црквата Св. Атанас, 3 примероци кај црквата Св. Јован, 1 кај црквата Св. Никола, Манастир, 1 примерок на Градиште, Дебреште, 1 примерок кај црквата Св. Петар и Павле и 4 примероци од непознат локалитет.

Прстените според своите морфолошки особини можат да се поделат на неколку типови.

**Тип 1 Прстени – алки (кат. бр. 248 – 257)**

Во оваа група припаѓаат прстените - алки направени од бронзена или сребрена жица. Алките претставуваат наједноставниот тип на прстени кои се слични на наушниците – алки, но според местото на наодот за време на откривањето, односно на кој дел од скелетот е пронајден може да се одреди неговиот тип. Прстени од овој тип биле употребувани и во антиката [300].

[300] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992, 83.

Прстените од овој тип може да се групираат во две варијанти. Првата варијанта (кат. бр. 248 – 251) се прстени - алки со затворен обрач изработени од бронза и бакар. Втората варијанта (кат. 252 – 257) претставуваат прстени - алки изработени од бронзена жица со отворени краеви кои се допираат или преклопуваат.

Прстени - алки се откриени по 1 примерок на Маркови Кули, 1 примерок на Гробишта, Варош, 5 примероци на Трпчева Црква и 3 примероци на Задна Река – Грмајте.

На територијата на Македонија прстени од овој тип се откриени на локалитетите Црквиште - Демир Капија [301], Крстеви – Корешница [302] и Павла Чука – Бонче од XII век [303].

**Тип 2. Лентести прстени (кат. бр. 258 – 275)**

Типот 2 претставуваат прстени изработени од лента со отворени краеви коишто се допирааат или преклопуваат. Лентата е изработена со лиење или исчукување, често носат геометриска или флорална декорација изведена при лиењето или подоцна со врежување.

Според ширината и формата на алката можат да се издвојат две варијанти кои ги среќаваме на археолошките локалитети од Прилеп.

Првата варијанта (кат. бр. 258 – 261) претставуваат лентестите прстени кои се изработени од лента со еднаква ширина. Овој тип прстени се откриени по 1 примерок на Градиште, Дебреште, 1 примерок на Гробишта, Варош, 1 примерок Трпчева Црква и 1 примерок на Поткули. Сите се изработени од бронза.

Втората варијанта (кат. бр. 262 – 275) прстени кај кои лентестиот обрач се проширува во рамна плочеста глава со кавадратна, кружна или елипсеста форма.

Прстени што припаѓаат на оваа варијанта се откриени со по 2 примероци на Трпчева Црква, 6 примероци на Маркови Кули, 1 примерок на Илино - Шаторов Камен, 2 примероци на Поткули, 2 примероци на Гробишта, Варош и 1 примерок на

---

301 B. Aleksova, *Demir Kapija-Prosek*, Beograd, 1966, 59.
302 Е. Манева, *Крстеви-Средновековна некропола*, Скопје, 2000, 79.
303 А. Јакимовски, *Археолошки локалитет Павла Чука*, Археолошки информатор Vol. 4, Prilep, 2020, стр.25, таб. 1.

Страгата. Сите се изработени од бронза. Овие прстени носат декорација на која се претствени геометриски, флорални или зооморфни мотиви, а прстенот со кат. бр. 266 има христијански симболи, односно претстава на Св. Константин и Елена.

На територијата на Македонија, лентести прстени се откриени на мноштво локалитети меѓу кои на Крстеви, Корешница [304] Црквиште, Демир Капија [305] и Кале Стрезов Град [306] и Голем Град, Преспа [307].

**Тип 3. Полнолиени прстени (кат. бр. 276 – 286)**

Полнолиените прстени се карактеризираат со рамна плочаста глава, со поголема или помала површина. Алката е лентеста или има форма на латинската буква „D". Овој тип на прстени се разликува по обликот на главата и по украсите на рамењата.

Првата варијанта (кат. бр. 276 – 285) која е застапена на археолошките локалитети од Прилеп и неговата околина се полнолиени прстени изработени од бронза, бакар и сребро со плочесто кружна глава на која е изведена декорација со врежување. Прстени од овој тип се откриени на локалитетите Трпчева Црква 1 примерок, Св. Никола 4 примероци, 2 примероци на Св. Димитрија, 2 примероци на Поткули и 1 примерок на Маркови Кули. Прстените се декорирани со геометриски мотиви но и со христијански симболи како двоглав орел (кат. бр. 283 и 284) и ангел (кат.бр. 279). Прстени со слична декорација се откриени на Демир Капија[308].

Втората варијанта ја претставуваат полнолиените прстени со плочеста квадратна глава (кат. бр. 286). Откриен е само еден примерок од оваа варијанта кој потекнува од црквата Св. Димитрија. На овој примерок кој е фрагментарно сочуван претставена е стилизирана човечка фигура.

**Тип 4. Полнолиени прстени со издигната глава (кат. бр. 287 – 336)**

---

[304] Е. Манева, *Крстеви-средновековна некропола*, Скопје, 2000, 75.
[305] B. Aleksova, *Demir Kapija- Prosek,* Beograd, 1966,59.
[306] О. Петров, *Средновековна некропола на локалитетот Кале Стрезов Град кај селото Челевец - Демир Капија,* Macedoniae Acta Archaeologica 24, 2021, 275–297. https://doi.org/10.55973/MAA2124275p
[307] В. Битракова-Грозданова, *Голем Град-Преспа*, Скопје, 2011, 199.
[308] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, 189.

Во оваа група припаѓаат полнолиените прстени со издигната глава која го надвишува обрачот. Алката може да биде лентеста или во облик на латинската буква „D“. Според морфологијата овој тип на прстени се делат на четири варијанти.

На првата варијанта (кат. бр. 287 и 288) на прстени со издигната глава ѝ припаѓаат примероците со издигната глава во вид на конус. На страните од главата имаат декорација изведена со врежани линии. Овој тип прстени се среќава на некрополата Трпчева Црква со 2 примероци, датирани во X-XI век. Аналогни примероци среќаваме на некрополата Крстеви – Корешница [309].

На втората варијанта (кат. бр. 289 – 291) припаѓаат полнолиените прстени со издигната коцкеста глава. Овие прстени имаат тенка алка со правоаголен пресек и рамења украсени со ниски пластични ребра. На главата од прстенот може да има врежана декорација. Оваа варијанта е застапена со 3 примероци откриена е на локалитетот Трпчева Црква, а примероците се датирани во периодот од крај на X до XII век, со акцент на XI век. Овие прстени се среќаваат на просторот на Средно Повардарие, односно на локалитетите Трнче Стреа – Пепелиште [310], Крстеви – Корешница [311] и Црквиште кај Демир Капија [312], а се среќаваат и во Пелагонија на локалитетот Хераклеја кај Битола [313].

На третата варијанта (кат. бр. 292 – 296) на полнолиени прстени припаѓаат примероците со издигната глава, оформена во вид на рамнокрак крст. Оваа варијанта е застапена со 5 примероци откриени на локалитетот Трпчева Црква. Овие наоди се датирани во периодот од крајот на X до XII век. Аналогни примери на оваа варијанта досега не се познати, можеби претставува производ на локална работилница.

На последната варијанта од овој тип (кат. бр. 297 – 336) припаѓаат прстените со издигната рамна глава со елипсеста, кружна, бадемаста или шестоаголна форма. Плочестата глава кај овие прстени значително го надвишува обрачот. Кај подобро сочуваните примероци може да се забележи дека главата е искористена како украсно поле на кое е изведена декорација со пунктирање, како и врежување на зооморфни, вегетабилни и геометриски мотиви. Од оваа варијанта на прстени откриени се 40

[309] Е. Манева, *Крстеви – средновековна некропола*, Скопје, 2000, 73
[310] Е.Манева, *Пепелиште – средновековна некропола,* Скопје, 2000, 67,68.
[311] Е. Манева, *Крстеви – средновековна некропола*, Скопје, 2000, .92-93, Т.Т.XVIII.9.
[312] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, кат. бр. 518 и 519.
[313] Е. Манева, *Среновековен накит од Македонија*, Скопје 1992, Т.79.2/13.

примероци од следните локалитети: 7 примероци од Задна Река, 8 примероци од Свети Димитрија, 2 примероци Поткули, 6 примероци од Свети Никола, 2 примероци од Маркови Кули, 3 примероци од Варош, 3 примероци од Трпчева Црква, 3 примероци од Свети Атанас и по 1 примерок од локалитетите Свети Јован, Илино – Шаторов Камен, Свети Никола – Манастир и Страгата. Овие прстени се изработувани во еден подолг временски период, започнувајќи од XI-XII век, кога и се појавуваат најраните примероци па сè до XVI век [314].

**Тип 5. Прстени со нагласена глава (кат. бр. 337 – 360)**

Прстените кои припаѓаат на овој тип се изработени од тесен лентест обрач на кој има залемено плочеста глава со кружна, кавдратна и ромбоидна форма. Овој тип на прстени е застапен во 24 примероци. Откриени се во црквата Св. Никола 6 примероци, на локалитетот Гробишта, Варош 4 примероци, на црквата Св. Атанас 5 примероци, на локалитетот Маркови Кули, 3 примероци, во црквата Св. Димитрија 3 примероци, во црквата Св. Јован 2 примероци и на локалитетот Поткули 1 примерок. Сите прстени се украсени со геомтриски мотиви и мотив на птичјо око. Прстени со ваков мотив на птичјо око се откриени во Охрид датирани во XIV век. Надвор од границите на Македонија се среќаваат во Бугарија [315].

**Тип 6. Прстени со издигната глава и нагласени рамења (кат. бр. 361 – 379)**

Прстените со издигната глава и нагласени рамења претставуваат посебна група на прстени поради својот карактеристичен облик. На алката од прстенот има релјефно моделирани украси во висина на рамењата, додека главата е издигната и лиена заедно со алката. Според обликот на главата, нејзината висина и начинот на украсување може да се поделат на неколку варијанти. Формата на главата може да биде пирамида, конусовидна или овална. Постојат и примероци каде што рамењата се високо поставени, и примероци каде што рамењата се пониски. Повисоко нагласените глави се хронолошки постари, додека плочестите глави се хоронолошки помлади варијанти и се

[314] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, 192.
[315] Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп, 1986, 282.

блиски до лентестите прстени. Морфолошките карактеристики покажуваат дека овој тип на прстени се инспирирани од примерите на античките прстени. Како пример послужиле прстените кои биле изработени од скапи материјали и разни декоративни техники. Се забележува странично од главата на прстенот каде што има издатоци во вид на клинови кои се остаток од копираните прототипови, кадешто ваквите клинови се остаток од фасетирање на скапоцените камења со кои биле украсувани [316].

На археолошките локалитети во Прилеп и околината овој тип во неколку варијанти ги среќаваме на Трпчева Црква со 13 примероци, 1 примерок во црквата Св. Никола и 3 примероци од непознат локалитет. Сите прстени се изработени од бронза освен еден примерок е изработен од сребро (кат. бр. 336). Кај сите прстени главата е различно третирана, ниска конусна, конусна засечена или имитација на украсен камен.

На територијата на Македонија прстени со нагласена глава и рамења се среќаваат на Демир Капија, Црвени Брегови, Крњево, Оризари Кочанско, Кавакалија и Св. Ѓорѓи, Штип, Цигански гробишта, Струга, Охрид, Паликурска базилика, Стоби, Крстеви, Пепелиште. Датирани се од крајот на X до почетокот на XII век. Надвор од територијата на Македонија се среќаваат во Србија, Грција, Коринт, Косово и Метохија, Бугарија [317].

**Тип 7. Прстени со тричлена разделба на главата (кат. бр. 380 – 386)**

Кај оваа група на прстени главата е оформена во вид на ромбоидна плочка која е лиена заедно со алката којашто има кружен пресек. На местата каде што алката преминува во ромобидна глава има три пластични задебелувања кои се меѓусебе засечени така што имитираат декорација изведена со гранули. Главата е украсена со втиснати орнаменти со мотивот на птичјо око кои се крстовидно распоредени. Прстените со тричлена разделба имаат античко потекло коишто во средновековниот период не биле во голема употреба за што ни покажуваат малиот број на откриени примероци на археолошките локалитети.

Прстени од овој тип среќаваме, на локалитетот Задна Река – Грмајте, 5 примероци, во Трпчева Црква, 1 примерок и во црквата Св. Димитрија1 примерок кој

[316] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010, 102, 103.
[317] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,*Beograd, 2010, 104.

има вметната декорација од стаклена паста (кат. бр. 380).  Сите прстени се изработени во техниката лиење во бронза.  Ваквиот тип на прстени се става во хронолошка рамка од X до XII век.

Во Македонија ваквиот тип на прстени се среќава на Цигански Гробишта Струга, Охрид, Цигански Рид, Кочани, Стар Караорман  и Кавакалија во Штип, додека надвор од границите на Македонија се среќаваат во Србија и Бугарија [318].

**Тип 8. Прстени со издигнат врат (кат. бр. 387 – 393)**

Во оваа група на прстени припаѓаат оние примероци каде што вратот на главата е значително издигнат и лиен истовремено со алката. Според обликот на главата можат да се поделат на неколку варијанти:  кружни, квадратни или овални.

На археолошките локалитети во Прилеп и околината се среќаваат на црквата Св. Никола 2 примероци, во црквата Св. Димитрија 3 примероци, во Гробишта, Варош 1 примерок и 1 примерок од непознат локалитет. Сите прстени се лиени во бронза, само прстенот  со кат. бр. 389 е изработен од железо.

Идентични прстени се откриени на локалитетот Црквиште, Демир Капија кои се датираат од XV до XVI век [319].

Надвор од границите на Македонија, сличен прстен со издигнат врат се среќава во Србија од XV до XVI век [320].

**Тип 9. Прстени со вметнат украс (кат. бр. 394 – 416)**

Во оваа група на прстени припаѓаат оние кои место врежана декорација на главата, имаат вметнат украс од стаклена паста во разни бои. Главата каде што е вметнат украсот може да биде квадратна, овална, цилиндрична или кружна. Прстените со вметнат украс потекнуваат уште од античкиот период, но повторно се употребуваат и произведуваат во византиските работилници каде што се развива во солидни

[318] Л.Кепеска, *Задна Река-Грмајте*, Прилеп, 1995, 52.
[319] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, 192.
[320] Е.Зечевић, *Накит Новог Брда*, Београд, 2006, 107.

изработки. Наједноставната варијанта на овој тип прстени, односно варијантата на цилиндрична круна и украсен камен се среќава во рановизантискиот накит од VI - VII век [321]. Прстени со вметнат украс се среќаваат и кај словенското население во крајот на IX век, а се поврзуваат со импортот и византиските влијанија на овие простори [322].

На археолошките локалитети од Прилеп и неговата околина се откриени 20 примероци во Трпчева Црква, 1 примерок во Задна Река-Грмајте и по еден примерок на Страгата и Поткули. Прстените се изработени од бронза, но ги има и неколку од сребро, додека украсот од стаклена паста е во темна боја.

Во границите на Македонија прстени од овој тип се среќаваат на локалитетите: Цигански Гробишта, Струга, Демир Капија, Крњево, Бегов Даб, с. Дулица, Крушарски Рид, с. Оризари, Хераклеа, Битола, Крстеви, Пепелиште, датирани од X до XII век [323] и Павла Чука – Бонче [324].

Надвор од границите на нашата територија се откриени во Србија, Бугарија, Босна, Далмација [325].

**Тип 10. Прстени со испакната калотеста глава (кат. бр. 417 – 443)**

Посебна луксузна група претставуваат прстените со испакната калотеста глава со крупна гранула на врвот.

Овој тип прстени се одликува со крупна гранула поставена на врвот на главата, изработени во техника на гранулација, филигран и ажурирање. Најчесто се изработени од бронза и сребро. Според начинот на украсување на калотестата глава може да се издвојат повеќе варијанти на овој тип прстени.

Во Прилеп и неговата околина ваков тип на прстени е откриен само на локалитетот Трпчева Црква, и тоа 27 примероци сите изработени од бронза. Откриените прстени можат да се издвојат во неколку варијанти, каде што калотестата глава е различно украсена со ситни гранули, распоредени во симетрични полиња. Кај

[321] G. Davidson, *Corinth, Minor objects*, Vol 12, 1952, 234.
[322] Г. Марјановиќ-Вујовиќ, *Трњане*, Београд, 1984, 88.
[323] Л. Кепска, *Трпчева Црква*, Прилеп, 2008, 52.
[324] А. Јакимовски, *Археолошки локалитет Павла Чука*, Археолошки информатор Vol. 4, Prilep, 2020, стр.25, таб. 1.
[325] V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji*, Beograd, 2010, 109.

повеќето прстени алката е изведена од повеќе меѓусебно споени филигрански жици, а кај дел филигранскиот тељ е залемен врз алка од тенок мазен лим.

Прстените со испакната калотеста глава од локалитетот Трпчева Црква се пронајдени во гробови на млади девојки од богати семејства. Хронолошката рамка на овој тип на прстени е од X век до XI век.

Ваков тип на прстени во Македонија се откриени на локалитетите: Пепелиште, Црквиште, Демир Капија, Хераклеа, Цигански Гробишта, Струга, Црвени Брегови и Крњево, Крушарски Рид, Оризари, Градиште, Дреново [326], и Павла Чука-Бонче [327].

Надвор од границите на Македонија се среќаваат во Далмација, Србија, Босна, Бугарија, Романија, Словенија, Чешка, Словачка, Русија и се датираат во X – XII век [328].

**Ликовни аналогии на прстени**

Прстените во ликовните претстави се насликани едноставни, без посебни украси со што е оневозможено да се одреди нивната типологизација. Според тоа, невозможна е да се пронајде нивната аналогија со откриените археолошки наоди. Археолошките наоди на луксузни прстени од XIV век, сведочат дека трендот на носење прстени бил активен кај благородништвото. Во Македонија, ликовни претстави на прстени се среќаваат само во една црква. Во црквата посветена на Св. Ѓорѓи во Полошко, се насликани историските портрети на Јован Драгушин и неговата сопруга Ана со накит [329].

На ктиторската композиција во црквата Св. Ѓорѓи, Полошко, Драгушин и неговата сопруга Ана покрај раскошната и декоративна облека, покрај накитот како ѓерданите, наушниците, ременот и дијадемите, исто така се претставени со по еден прстен на едната рака [330].

---

[326] Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 49, 50.
[327] А. Јакимовски, *Археолошки локалитет Павла Чука*, Археолошки информатор Vol. 4, Prilep, 2020, стр.25, таб. 1.
[328] Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 51.
[329] Ц. Грозданов, *Живописот на Охридската Архиепископија XI– XVII век,* Скопје, 2020, 161-183.
[330] Д. Ќорнаков, *Полошки манастир, Св. Ѓорѓи,* Скопје, 2006, 35.

Сепак, според тоа што Драгушин имал висока положба во општеството неговиот прстен сигурно имал некаков хералдички симбол (сл. 36) [331].

Ана, неговата сопруга е претставена со прстен на малиот прст кој симболизира прсестиж и припадник на високиот ранг (сл. 37) [332].

Живописот на оваа средновековна црква датира од 1343-1345 година [333].




### 4.4. Торакален накит (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)

#### 4.4.1. Токи ( кат. бр. 444 – 454)

[331] E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute Couture of Macedonia: Fashion, Jewlery, Accessories*, Nish and Byzantium, 2018, 255, 256.
[332] E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute Couture of Macedonia: Fashion, Jewlery, Accessories*, Nish and Byzantium, 2018, 256, 257.
[333] Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006, 177;Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006,200-202; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти,Скопје, 2013, 1712-1717.

Токите го претставуваат металниот дел од колaните кои имаат практична функција, да ја придржуваат облеката на носителот.

Во Прилеп и неговата околина се откриени 11 токи од археолошките локалитети: Маркови Кули, 4 примероци, Гробишта - Варош, 4 примероци, Поткули 1 примерок и Градиште - Дебреште 1 примерок.

Сите 11 токи се изработени од бронза и железо и застапени се во различни форми, квадратни, правоаголни, делтоидни, правоаголни со два заоблени и проширени краеви, на дел им недостига иглата, дел се фрагментарно сочувани. Наоѓани се во гробовите на машките покојници.

Токите претставуваат едноставна изведба без украсувања, изработени од железо или бронза кои се употребувал и во античкиот период што претставува проблем нивното прецизно датирање. Меѓутоа одредени форми на токи слични на погоре споменатите се откриени Бугарија, Србија, Хрватска од XI до XII век [334]. На Коринт, Грција, се среќаваат неколку варијанти на токи идентични со откриените на локалитетите во Прилеп, неколкуте варијанти кои се датирани од VII до доцниот византиски период [335].

## Ликовни аналогии на токи

Токите во фрескоживописот се чест елемент на машките претстави. Токата е дел од ременот кој има функција да ја придржува облеката на половината на носителот. Во овој труд издвоени се 8 претстави на ликови кои носат ремен со токи. Кај токите е различна формата што може да биде идентична со откриените археолошки наоди.

Во црквата Св. Ѓорѓи во Ст. Нагоричино, во сцената Св. Пахомиј со ангелот, ангелот е претствен со ремен со тока (сл.38). Живописот се датира од 1316-1318 [336].

Во црквата Св. Спас, Кучевиште на живописот кој се датира од 1331 година, двајцата монаси, Св. Сава и Св. Стефан се претставени со ремени кои имаат различни токи (сл.

[334] Л. Кепеска, *Трпчева Црква,* Прилеп, 2008, 64.
[335] G. Davidson, *Corinth, Minor objects,* Vol 12, 1952, 271, 275.
[336] Б. Тодић, *Старо Нагоричино*, Београд, 1993,117, сл. 33.

39) [337]. Токата на Св. Сава е полукружна, додека токата на Св. Стефан е квадратна чија една страна завршува шилесто.

Драгушин од ктиторската композиција на Полошкиот манастир, покрај богатата облека, круна и прстен, претставен е со ремен кој има тока во квадратна форма (сл 40) [338].

Севастократорот Јован Оливер ктиторот на Лесновскиот манастир, во црквата Св. Архангел Михаил, покрај дијадемата и раскошната облека, претставен е како носи ремен со полукружна тока (сл. 41) [339]. Живописот датира од 1346-1347 година [340].

Ктиторот на манастирот Трескавец, Градислав тепчија во ктиторската композциција има ремен со тока. Композицијата датира од 1350-1360 година (сл. 42) [341].

Во ктиторската композиција во црквата Св. Никола, Псача, членовите на семејството на кнезот Паскач се претставени со ремени со едноставни токи без специфична декорација (сл.43) [342].

Во Марковиот манастир, во циклусот посветен на Богородица, Акатистот, се среќава како еден учесник во сцената носи ремен со правоаголна тока. Живописот датира од 1376/77 (сл. 44) [343].

Во црквата посветена на Успението на Богородица во манастирот Трескавец, кај претставите на светите воини се среќаваат ремени со масивни полукружни токи.

---

[337] Е.Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти,Скопје, 2013,1706-1710.
[338] E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute Couture of Macedonia: Fashion, Jewlery, Accessories*, Nish and Byzantium, 2018, 254; Д. Ќорнаков, *Полошки манастир, Св. Ѓорѓи,* Скопје, 2006, 35.
[339] E. Dimitrova, O. Zorova, *Imago Historica: The name is beauty-Feminine and Masculine*, Nish and Byzantium XX, 2022, 420; E. Dimitrova, *V. I. Personalites in Medieval Macedonia, five Paradigms of Supreme Commissionership (11th -14th century)*, Folia Archaeologica Balkanica III, Скопје, 2015, 613-617.
[340] С. Габелић, *Манастир Манастир Лесново,*Београд, 1998, 27, 114; E.Dimitrova,"*THE DA VINCI MODE": Unsolved Mysteries of Macedonian Medieval Fresco Painting*, NIŠ & BYZANTIUM VIII, Nish, 2010, 254.
[341] A. Vasileski, *The monastery of Treskavec*, Skopje, 2016, 21; В. Поповска Коробар, *Манастир Трескавец,* Христијански споменици, 2008, 134, сл.1.
[342] E. Dimitrova, O. Zorova, *Imago Historica: The name is beauty-Feminine and Masculine*, Nish and Byzantium XX, 2022, 425.
[343] Е. Димитрова, Црквата Св. Димитрија во Маркова Сушица, Скопје, 2020, 15,16, сл.20; Е.Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти,Скопје, 2013, 1744-1754; Е. Димитрова, С. Коруновски, Византиска Македонија, Милано, 2006, 202-206.

Претставата на Св. Теодор Стратилат (сл.45) и претставата на Св. Теодор Тирон (сл. 46). Претставите датираат од 1485 година [344].

### 4.5. Накит како дел од облеката (анализа, компаративен материјал, ликовни аналогии, фото и графички приказ)

#### 4.5.1 Копчиња (кат. бр. 455-491)

Копчињата се додатоци на облеката кои имале функција да ја придржат или да закопчаат делови од облеката, а имале и украсна фунција. Копчињата во IX век биле во голема употреба. Употребата на метални копчиња прикажува на повисок социјален статус, односно, нивната облека била скапа и подобро украсена. Кај нас и кај соседните подрачја копчињата покажуваат дека често се употребувале за закопчување на некој вид на кошула, која е слично кроена кај мажи, жени и деца. Во средновековниот период, копчињата се употребувале вертикално надолу по градите, потоа на ракавите и на појасот.

На археолошките локалитети во Прилеп и неговата околина се среќаваат 35 целосно сочувани копчиња. Откриени се во црквата Св. Димитрија, 11 примероци, на Маркови Кули, 12 примероци, Гробишта Варош 4 примероци, Поткули 4 примероци, Св. Ѓорѓи, Пресил 3 примероци и во црквата Архангел Михаил 2 примероци. Изработени се од бакар, бронза и сребро.

Според морфолошките карактеристики кај копчињата може да се издвојат две варијанти.

Првата варијанта (кат. бр. 455 -484) преставуваат копчиња изработени од две шупливи, лиени калоти кои се меѓусебно споени. На горниот дел на копчињата е изработена ушка од тенка жица. Во оваа група припаѓаат поголемиот дел на копчиња.

---

[344] A. Vasileski, *The monastery of Treskavec,* Skopje, 2016,25; В. Поповска Коробар, *Манастир Трескавец,* Христијански споменици, 2008, 134-139, сл.8.

Втората варијанта (кат.бр. 484 – 491) претставуваат копчиња, исто така изработени од две шупливи, лиени калоти кои се меѓусебно споени, но на долниот дел имаат брадавичест издадок. На горниот дел, исто така е изведена ушка за закачување од тенка жица.

Обликот на сите копчиња од двете варијанти им е топчест со мали димензии.

На територијата на Македонија копчиња во разни варијанти се пронајдени на локалитетите, Демир Капија [345], Голем Град – Преспа [346], Водоча [347].

Копчињата како дел од облеката во средниот век се употребуваат од XII сè до XVII век.

Надвор од границите на нашата земја копчиња идентични на двете варијанти се среќаваат во Србија од X до XVII и Бугарија од X до XIV век [348].

**Ликовни аналогии на копчиња**

Ликовните претстави на копчиња во фрескоживописот во Македонија се многубројни и чести како украсни додатоци на костимите на светителските претстави и ликовите од ктиторските композиции. Меѓутоа, во овој труд се издвоени неколку ликовни претстави на копчиња како додатоци на облеката кај кои сите имаат кружна форма без некаква декорација, се разликуваат само според бојата.

Во Македонија, претстави со копчиња како дел од облеката се среќаваат во: црквата Св. Ѓорѓи, Ст. Нагоричино во претставите на Св. Нестор (сл. 47) и свет монах (сл. 48) од 1316-1318 година [349], во црквата Св. Никита, Бањани на две претстави на светите воини Св. Ѓорѓи и Св. Теодор Тирон (сл. 49 и сл.50) од 1321 година [350], во црквата Св. Богородица Перивлепта, Охрид на претставата Св. Меркуриј од 1295 година (сл. 51 )

[345] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период,* Докторска дисертација, Скопје, 2021, 206,207.
[346] В.Битракова.- Грозданова, *Голем Град- Преспа*, Скопје, 2011, 196,197.
[347] Е. Манева, *Некропола Водоча,* Скопје, 2012, 138, 139.
[348] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период*, Докторска дисертација, Скопје, 2021, 206,208.
[349] Б. Тодић, *Старо Нагоричино*, Београд, 1993, 77.
[350] В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске Југославији*, Београд, 1974,50; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти,Скопје, 2013, 1699-1706.

[351], во црквата Св. Архангел Михаил, Лесново, на претставата на Јован Оливер (сл. 52 ) [352] и во црквата Св. Никола, Псача, во ктиторската композиција, членовите на фамилијата на кнезот Паскач од 1365-1371 година (сл. 53) [353].

### 4.5.2. Аграфи (кат. бр. 492 – 500)

Аграфите претставуваат дводелни предмети кои имаат кружна, плочеста форма кои се меѓусебно споени со по еден цилиндричен испуст. Горниот кружен предмет е поголем, богато украсен, со гранули или филигранска жица. Аграфите служеле за закопчување на велмошките наметки, односно два агли од наметката на десното рамо или на градите и имале инсигниско значење.

Од археолошките локалитети во Прилеп, аграфи се откриени во 9 примероци. Во црквата Св. Атанас, Варош, засолнети на обележано место, јама, во близина на црквата и гробовите се откриени 5 примероци на луксузни аграфи изработени од сребро и 3 сребрени примероци се откриени на локалитетот Гробишта- Варош.

Примероците на црквата Св. Атанас, Варош имаат кружна плочеста форма и се декорирани со по неколку гранули распоредени кружно по аграфата украсени со ситни гранули меѓу нив (кат. бр. 492-495).

Примероците на локалитетот Гробишта - Варош исто така имаат кружна форма но украсени се со филигранска жица.

Според анализите, аграфите припаѓале на велмошки семејства и го означувале материјалниот престиж на сопствениците. Се поврзуваат со семејства од кругот на Волкашин и крал Марко и се датираат оддоцниот XIV век [354].

---

[351] Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 150-161; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 1679-1689.

[352] E. Dimitrova, O. Zorova, *Imago Historica: The name is beauty-Feminine and Masculine,* Nish and Byzantium XX, 2022, 422-423; С. Габелић, *Манастира Лесново-Историја и сликарство*, Београд, 1998, 114; E. Dimitrova, *V. I. Personalites in Medieval Macedonia, five Paradigms of Supreme Commissionership (11$^{th}$ -14$^{th}$ century),* Folia Archaeologica Balkanica III, Скопје, 2015, 613-617.

[353] E. Dimitrova, O. Zorova, *Haute Couture of Macedonia: Fashion, Jewlery, Accessories*, Nish and Byzantium, 2018, 258; Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006,200-202; Е.Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, култура и уметност*, Македонија: Милениумски културно-историски факти,Скопје, 2013,1754-1759.

Во рамките на нашата земја, аграфи се откриени на локалитетите Демир Капија, Охрид и Скопско Кале кои исто така се датираат од XIV до XV век[355].

**Ликовни аналогии на аграфи**

Аграфите во ликовните претстави се насликани со големо внимание при што се забележува по декорација која е речиси идентична со откриените археолошки наоди. Како и копчињата, аграфите се често сликани на светителските претстави, ктиторските композиции итн.

Во овој труд се издвоени неколку специфични претстави на аграфи од црквите во Македонија.

Во црквата посветена на Св. Ѓорѓи - Курбиново, од 1191 година, на светителските претстави на Св. Недела и Св. Варавара се среќаваат едни од најпрецизно насликаните аграфи (сл. 54) [356]. Тие имаат прилично голема кружна форма, насликани се со украси кои имитираат драги камења како ги придржуваат наметките на светителките. Светителките се насликани со нежни фасцијални карактеристики, префинети траги од дискретна шминка, гламурозно украсена облека прилагодена да ги нагласи нивните витки фигури како и елегантните телесни гестови, овие дами ја просветлуваат мистериозната внатрешност на храмот [357].

Во црквата Св. Никола, с. Манастир од 1271 година [358], на претставите на пророците Аврам и Самуил се среќаваат аграфи (сл. 55 и сл. 56). Покрај нивната функција, да ја придржуваат наметката, тие имаат и декоративна функција. Аграфата на пророкот Аврам е идентична со аграфите на откриените наоди, декорирана со мали драги камења (сл.55), додека аграфата на пророкот Самуил (сл. 56) се издвојува од останатите аграфи по својата форма. Таа е составена од три дела, два кружни и помеѓу

---

[354] Е. Манева, *Кому му припаѓал велмошкиот накит од оставите во Маркови Кули и Св. Атанас-Варош кај Прилеп,* Кралот Марко во историјата и во традицијата, прилози од научниот собир одржан по повод 600 годишнината од смртта на кралот Марко, Прилеп, 23-25 јуни, 1995, 331-337.

[355] О. Петров, *Градот-Тврдина Просек и неговиот ареал во средновековниот период,* Докторска дисертација, Скопје, 2021, 212.

[356] Е. Димитрова, *Св.Ѓорѓи во Курбиново*, Скопје, 2016,6,7,8.

[357] E. Dimitrova, O, Zorova, "*TRACES DE "FÉMINITÉ" IN MACEDONIAN MIDDLE AGES – ART AND ARCHAEOLOGY,* Nish & Byzantium Collection of scientific works XVIII, Nish 2020, 428,429.

[358] Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија,* Милано, 2006, 140; П. Костовска, *Св. Никола Манастир*, Скопје, 2020, 63,64, 297, 298, 299.

нив еден дел со елипсовидна форма, декорирана со драги камења. Таков тип на аграфа не се среќава во откриените археолошки наоди.

Аграфа се среќава и во претставата на Св. Ѓорѓи (сл. 57) во истоимената црква во Старо Нагоричино од 1316-1318 година [359]. Светиот воин е насликан со наметка која ја придржува кружна аграфа скапоцени со драги камења.

Во претставата на Св. Константин и Елена, (сл. 58 ) во црквата св. Никола Болнички од 1345 година [360], на претставата на Елена се среќава кружна аграфа украсена со скапоцени камења.

Во црквата Св. Архангел Михаил во Лесново, од 1345-1346 година, сопругата на Јован Оливер, Ана Ливерина, покрај раскошниот накит, раскошната и богато декорирана облека, се среќава кружна аграфа која е украсена со бели бисери (сл. 59) [361].

Аграфа се среќава и во подоцнежното фрескосликарство во Македонија. Во црквата посветена на Успението на Богородица, Трескавец, претставата на Св. Теодор Стратилат има кружна аграфа украсена со скапоцени камења (сл. 60). Претставата датира од крајот на XVвек [362].

#### 4.5.3. Појасни пафти (кат. бр. 501, 502)

На територијата на Македонија, во периодот од X до XIV век, се откриени мал број на метални додатоци на појасите како археолошки наоди. Функцијата на пафтите била да ги закопчува на полите од горна облека или наметка.

На некрополата кај црквата Св. Димитрија, Варош, се откриени две минијатурни појасни пафти кои се лиени во бронза. Тие претставуваат ретки форми на појасни копчиња, составени од два дела кои се прикачуваат еден на друг. Всушност, тие претставувале завршетоци на коланот. Двата примероци нажалост се без конкретни податоци за местото на наоѓање.

---

[359] Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Милано, 2006, 161-168; В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске Југославији*, Београд, 1974, 51,52; Б. Тодић, Старо Нагоричино, Београд, 1993, 76, сл.1.
[360] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство*, XIV век, Скопје, 2016, 60,61,62.
[361] E. Dimitrova, O. Zorova, *IMAGO HISTORICA: THY NAME IS BEAUTY - FEMININE AND MASCULINE,* 2022, Nis and Byzantium *XX*, 2022, 423,424.
[362] A. Vasileski, *The monastery of Treskavec*, Skopje, 2016, 25.

Појасната пафта со кат. бр. 501, е составена од два елементи во форма на минијантурни узенгии за прицврстување со основата или со колантот, додека другите краеви служеле за меѓусебно закачување. Примерокот се датира од XII век. Најблиска аналогија на овој примерок се среќава меѓу артефактите од Коринт, Грција кој се датира од византискиот и поствизантискиот период [363].

Појасната пафта со кат. бр. 502, се состои од два полно лиени листолики завршетоци. Едниот дел има ушка, додека другиот дел има кукичка за закопчување. Оваа појасна пафта има листолики дел кој завршува во облик на сараценски лак според кој се датира од раното турскосредновековие [364].




## 4.5. Резултати од квантитативни спектографски анализи на одбрани примероци на накит

[363] Е. Манева, *Од средновековните појасни гарнитури до подоцнежните пафти*, Годишен зборник на филозофски факултет, Скопје, 65, 2012, 89.
[364] Е. Манева, Од *средно вековните појасни гарнитури до подоцнежните пафти*, Годишен зборник на филозофски факултет, Скопје, 65, 2012, 89.

| Ред. Бр. | Кат. бр. | наод | Состав во% | | | | | | | | | | | | | | | | | Вк.Сос. | Cu и останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Sn | Sb | As | Pb | Co | Bi | Ag | Au | Ni | Fe | Mn | Cr | Zn | Al | Cd | Be | Te | | |
| 1 | 267 | Прстен | 14,8 | 0,74 | 0,17 | 2,10 | - | 0,043 | 0,12 | - | 0,108 | 1,18 | - | траги | 0,76 | траги | - | - | - | 20,02 | 79,98 |
| 2 | / | Наушница - алка | 11,3 | 1,05 | 0,42 | Ok. 0,50 | траги | - | 0.20 | - | 0,23 | 1,0 | Траги | - | 2,6 | траги | - | - | - | 20,50 | 79,50 |
| 3 | / | Наушница - алка | 11,3 | 1,15 | 0,44 | Ok. 5,0 | 0,003 | - | 0,23 | - | 0,25 | 1,12 | траги | - | 2,7 | траги | - | - | - | 20,90 | 79,11 |
| 4 | 46 | Наушница - алка | 7,6 | 0,84 | 0,31 | 1,90 | - | 0,054 | 0,12 | - | 0,072 | 1,52 | - | траги | 1,25 | траги | - | - | - | 13,67 | 86,33 |
| 5 | / | Прстен | 9,6 | 0,38 | 0,24 | 1,92 | - | 0,072 | 0,175 | - | 0,072 | 0,36 | - | траги | 2,4 | траги | - | - | - | 12,22 | 87,78 |
| 6 | / | Тордирана гривна | 10,8 | 0,18 | 0,13 | 0,98 | - | 0,043 | 0,125 | - | 0,038 | 0,138 | - | траги | 0,84 | траги | - | - | - | 13,27 | 86,73 |
| 7 | 283(а) | Прстен | 3,10 | 0,36 | 0,074 | 1,12 | - | 0,047 | 0,30 | 0,007 | 0,045 | 0,33 | - | траги | 1,15 | траги | - | - | - | 6,53 | 93,47 |
| 8 | 283(б) | Прстен | квалитативна анализа: Ag ++, Sn +, Cu., - сребро, висока содржина на калај, значителна содржина на бакар | | | | | | | | | | | | | | | | | X | X |
| 9 | 284 | прстен | 5,0 | 0,75 | 0,33 | Ok. 5,0 | - | 0,10 | 0,30 | 0,008 | 0,135 | 0,27 | - | траги | траги | траги | - | - | - | 11,89 | 88,11 |
| 10 | 126(a) | Наушница со вертикална гужва | 1,7 | 0,37 | 0,19 | 1,52 | - | 0,045 | 0,15 | - | 0,11 | 0,076 | Траги | 0,062 | - | траги | - | - | - | 4,22 | 95,78 |
| 11 | 126(b) | -\|\|- | 1,4 | 0,35 | 0,15 | 1,55 | - | 0,035 | 0,19 | - | -,08 | 0,055 | Траги | траги | - | траги | - | - | - | 3,80 | 96,20 |
| 12 | 126(c) | -\|\|- | квалитативна анализа:предмет обложен со калај | | | | | | | | | | | | | | | | | x | X |
| 13 | 87(a) | Наушница-алка со гужва | 1,35 | 0,21 | 0,12 | 0,86 | - | 0,040 | 0,12 | - | 0,040 | 0,086 | - | траги | - | траги | - | - | - | 2,83 | 99,17 |
| 14 | 87(b) | -\|\|- | 0,98 | 0,23 | 0,40 | 1,15 | - | - | 0,15 | - | 0,55 | 0,30 | Траги | - | - | траги | - | - | - | 3,74 | 96,26 |
| 15 | 87(c) | -\|\|- | квалитативна анализа:предмет обложен со калај | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 16 | 49 | Наушница - алка | 1,28 | 0,68 | 0,14 | 1,25 | - | - | 0,19 | - | 0,064 | 1,45 | 0,02 | 0,14 | Ок. 13 | траги | - | - | - | Ok. 18 | Ok. 82 |
| 17 | / | прстен | 6,8 | 0,36 | 0,48 | 1,85 | 0,074 | 0,08 | 0,138 | 0,007 | 0,15 | 1,28 | - | траги | 5,0 | траги | - | - | - | 16,22 | 83,78 |
| 18 | 181 | Гривна со полн пресек | 13.3 | 0,088 | 0,02 | 1,15 | - | 0,03 | 0,128 | - | 0,025 | 0,018 | - | траги | 0,92 | траги | - | - | - | 15,68 | 84,32 |
| 19 | 202 | Тордирана гривна | 8,4 | 0,22 | 0,112 | 1,35 | - | 0,038 | 0,125 | 0,004 | 0,040 | 0,051 | - | 0,0028 | - | траги | - | - | - | 10,34 | 89,66 |
| 20 | 54 | Наушница - алка | Aaa | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 21 | 23 | Наушница - алка | 0,80 | 0,52 | 0,084 | 0,46 | - | 0,030 | 0,80 | 0,008 | 0,057 | 0,94 | 0,01 | 0,032 | Ok. 13 | траги | - | - | - | Ok. 17 | Ok. 83 |
| 22 | 269 | прстен | 1,38 | 0,12 | 0,92 | 1,15 | - | - | 0,11 | - | 0,016 | 0,44 | - | 0,068 | Ok. 14 | траги | - | - | - | Ok. 18 | Ok. 82 |
| 23 | 12 | Наушница - алка | 0,59 | 0,32 | 0,17 | 0,60 | - | 0,045 | 0,135 | - | 0,095 | 0,30 | - | - | - | траги | - | - | - | 2,26 | 97,74 |
| 24 | 189 | Гривна со полн пресек | 9.6 | 0,31 | 0,24 | 1,55 | 0,004 | 0,054 | 0,16 | 0,006 | 0,006 | 0,040 | - | траги | 0,84 | траги | - | - | - | 12,11 | 87,89 |

| Бр. и карактеристики на примерокот<br><br>Одредена состојка | Стаклена гривна со сликан орнамент | Стаклена гривна без сликан орнамент | Две фрагменти од стаклена гривна | Фрагмент од стаклена гривна |
|---|---|---|---|---|
| | Поткули, гроб 11 | Поткули, гроб 11 | Поткули гроб 163 | Поткули, гроб 163 |
| $Si0_2$ | 62,54 | 67,21 | 63,34 | 61,39 |
| $Na_20$ | 16,50 | 15,50 | 15,00 | 15,00 |
| $K_20$ | 1,90 | 2,00 | 2,10 | 2,10 |
| Ca0 | 9,00 | 7,40 | 8,00 | 8,00 |
| Mg0 | 2,35 | 2,05 | 2,35 | 2,50 |
| $Al_20_3$ | 2,80 | 2,10 | 3,10 | 3,10 |
| $Fe_20_3$ | 2,90 | 1,40 | 1,50 | ~ 5,00 |
| Mn0 | 0,13 | 0,64 | 2,45 | 1,10 |
| $Sb_20_3$ | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Pb0 | 0,15 | 0,15 | 0,33 | 0,29 |
| Co0 | ~ 0,1 | 0,12 | <0,01 | <0,01 |
| Cu0 | 0,40 | 0,42 | 0,43 | 0,43 |
| Ba0 | 0,07 | 0,078 | 0,20 | 0,10 |
| $Ti0_2$ | 0,062 | 0,072 | 0,16 | 0,21 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $SnO_2$ | 0,01 | 0,01 | 0,10 | 0,25 |
| $B_2O_3$ | 0,16 | 0,18 | 0,18 | 0,19 |
| SrO | Траги | Траги | Траги | Траги |
| $V_2O_5$ | Траги | Траги | Траги | Траги |
| $Cr_2O_3$ | 0,01 | 0,015 | 0,03 | O,022 |
| NiO | Траги | 0,043 | 0,06 | 0,06 |
| ZnO | Нема | Нема | Нема | Нема |
| $Ag_2O$ | ~ 0,015 | ~ 0,015 | ~ 0,005 | ~ 0,005 |
| $As_2O_3$ | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Загуба при анализата | 0,90 | 0,60 | 0,66 | 0,24 |

Развој1

Хемиски состав на маса од 4 фрагменти од  staклени примероци од музејот во Прилеп.

Врз основа на хемискиот состав на анализираните примероци (додаток), тие можат да се класифицираат како сода-вар-силиконски очила (Na2Cao-S102). Стаклената маса била подготвена од чист песок, сода (најверојатно во форма на сода карбонат или сол), која имајќи многу ниска точка на топење, делувала како флукс и калциум карбонат, кој се претворил во оксид при топење и делување на двете како флукс и како компонента што ја зголемува отпорноста на стаклени хемикалии. Останатите состојки влегле во масата како состојки во траги кои ги придружуваат главните состојки и можеле да имаат влијание врз бојата на стаклото или биле додадени специјално за да му ја дадат дизајнираната боја.

Стаклото, кое е аморфно тело, се добива од мешавина на внимателно одбрани или, особено во античко време,често се јавуваат во природна форма, соодветни материјали. По топењето, како што смесата се лади, нејзината вискозност се зголемува и внатрепоследната фаза на зацврстување ги добива својствата на цврсто тело. Основните стаклени материјали се: силика /Si 02/, сода /Na2CO3.10H2O //порано природната сода била важен извор за добивање натриум карбонат, т.е. сода која, имајќи многу ниска точка на топење, ја намалува температурата на силициум диоксид со висока топење и калциум оксид, кој е и флукс и состојка што ја зголемува хемиската отпорност на стаклото. Сличен хемиски состав го исполнува горенаведеното. Некои карпи ги имаат овие услови или се релативно блиску до нив. Старите производители на стакло тоа го знаеле од пракса и го користеле за оваа намена.

Покрај горенаведените состојки, за да се задоволат различните својства на стаклото, во масата се додавале и други состојки како поташа, рудник за олово и други, и разни метални соединенија за боење.

Врз основа на хемиските анализи на сите шест чаши од Прилеп, тие можат да се класифицираат како силикон-натриум-варовнички стакла (зборот „силикон“ често се испушта во ова име, имајќи предвид дека силициум диоксид, како главна и постојана компонента на чашите, некарактеризираат многу различни групи од нивната маса.

Значително поголема содржина на Al2O3 во стаклените примероци укажува на тоа дека во овој случај карпата била замачкана по кршењето, а за да се подобрат условите на топење, дополнително била додадена природна сода или сол како флукс. Оваа хипотеза за технологијата и подготовката на масата на испитуваните чаши е поткрепена со зачестеноста, а со тоа и лесната достапност на фелдспарите, вклучително и плагиоклазата, кои се најважните минерали кои формираат карпи, пред се магматските и метаморфните карпи. Сепак, тие се појавуваат во многу помали количини во варовнички карпи. Сепак, не можеме да ја отфрлиме хипотезата дека масата настанала со топење на соодветна количина песок со додавање на варовнички минерали, на пр. калцит и природни сода или сол асфлукси.

Судејќи според содржината на останатите состојки, треба да се претпостави дека тие не се додадени свесно, туку влегле во масата како придружни или во траги на главните состојки. Тие, исто така, може да претставуваат вредна трага кога се обидуваат да го одредат потеклото на суровината. На бојата на стаклото од примерокот еден и 1 и 1 веројатно влијаело присуството на дури и мали количества соединенија на кобалт, а на останатите примероци соединенија на титаниум, особено во присуство на соединенија на железо. Земајќи ги за основа само карактеристиките на масата на тестираните прилепски производи, се чини дека накратко може да се претпостави дека тој би можел успешно да се изработи под локални суровини и услови и нема јасни карактеристики кои биго одредува увозот на производите.

Резултатите од квантитативната анализа сумирани во прилог:

Во табелата се елементите дадени во % по тежина.

Алкалите беа одредени со фотометрија на пламен. Загубата при палење беше одредена со гравиметрија.

- Силика е пресметана од разликата до 100%.

Фотографиите се направени на кварцен спектрограф ISP-22. Примероците беа провоцирани во електричен лак на наизменична струја од кратерите на спектрално чистите графитни електроди. Фотографиите се снимени на ORWO WU-2 и ORWO WU-3 спектрографски плочи.

# 5. Заклучни согледувања

Целта на овој магистерски труд е да го претстави целокупниот накит собиран од археолошките истражувања на територијата на Прилеп и неговата околина, депонирани во збирката на Завод и Музеј Прилеп, но и дел во ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп. Во овие збирки се наоѓа богат археолошки материјал кој потекнува од археолошките истражувања кои на овој простор започнале во раните педесетти години на минатиот век, а на дел од локалитети сè уште траат. Во овој труд обработени се 522 примероци на накит од 14 археолошки локалитети.

## Осврт врз археолошките локалитети во околината на Прилеп

Во овој труд се обработени 14 археолошки локалитети од кои потекнува целокупниот движен археолошки материјал. Археолошките локалитети се во временски дијапазон од крајот на X па сè до крајот на XIV век со тоа што на одредени локалитети е задржан континуитет до XVII век, но и подоцна. Главно се обработени средновековните некрополи бидејќи од нив потекнува најголем дел од хронолошки податливиот материјал. Застапени се и примероци кои потекнуваат од населбински простор, сепак, тие се далеку помалубројни.

Археолошките локалитети, пред сè, овде мислиме на некрополите од кои потекнуваат примероците на накит, според него може да се поделат во две хронолошки групи и тоа: (1) некрополи од крај на X до средина / крај на XII век, и (2) некрополи од крај на XII до XVII век.

Првата хронолошка група ја одликуваат следните типови на накит: гроздолики наушници, наушници со една биконична јагода и наушниците со четири јагоди, потоа стаклените гривни, металните гривни со шарнир, лентестите како и полнолиените гривни. Од прстените во оваа група типични се прстените со издигната глава и рамења, прстените со вметнат стаклен украс, прстените со калотеста глава и лентестите прстени.

Во првата хронолошка група спаѓаат некрополите на локалитетите Градиште-Дебреште, Трпчева Црква-Дуње, Задна Река – Грмајте - Витолиште и Страгата – Крушевица.

Втората хронолошка група на некрополи ја одликуваат кружните и лунулести наушници, наушниците со трепетушка, како и висечките наушници со алка во вид на знакот прашалник, потоа полнолиените прстени со рамна плочеста глава, како и прстените со издигнат врат.

Во оваа хронолошка група припаѓаат локалитетите Маркови Кули-Варош, Поткули-Варош, Гробишта-Варош, варошките цркви, Св. Атанасиј, Св. Димитрија, Св. Никола, Св. Јован, Свети Никола во село Манастир и Свети Ѓорѓи – Пресил.

Единствено кај наодите од Илино – Шаторов Камен, се застапени наоди карактеристични за некрополите од двете хронолошки групи, но бидејќи немаме податоци за контекстот на откривање на наодите, тешко може за истиот наод да се констатира на која група точно припаѓа.

Покрај движните наоди откриени во гробните ансамбли, некрополите се разликуваат и по местоположбата. Некрополите од првата група се претежно откривани на падини покрај самите реки, надвор од урбани средини, тие веројатно припаѓале на населби од отворен тип. Кај овие некрополи не е забележано постоење на активна црква во периодот кога во нив се вршело погребување. Иако, некрополите на Трпчева Црква и Дебреште се лоцирани врз архитектонски остатоци од ранохристијански објекти, сепак, не е констатирана обнова на црквата во средниот век. Ваквата положба на некрополата се одразила на начинот на нивното оформување, тие се главно еднослојни, со изразена хоризонтална стратиграфија. Гробовите се организирани на редови без прекопување и нивно уништување. За разлика од некрополите од првата група, некрополите од втората се, главно, лоцирани на периферијата од урбаните центри, во нашиот случај на периферијата на средновековен Прилеп. Тие, по правило, се организирани околу средновековните цркви и манастири, а често и во нивната внатрешност. Кај некрополите од оваа група може да се забележи вертикална стратиграфија, како и често повеќекратно искористување на истите гробни конструкции. Затоа на некрополите од оваа група не може да се следи организираност на гробовите и нивната меѓусебна релација.

**Накитот од колекцијата на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп**

Во ова поглавје анализиран е целокупниот фонд на средновековен накит од збирката на Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп, како и

примероците кои времено се наоѓаат во ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп. Анализирани се 522 примероци. Целокупниот накит е поделен во пет групи според местоположбата на делот од телото каде бил носен и тоа на накит за глава, накит за врат, накит за раце, торакален накит и накит како дел од облека. Според морфолошките особини, накитот во овие групи е поделен на типови и варијанти.

Во првата група на накит, накитот за глава, застапени се 156 примероци, поделени во 14 типа и соодветно на варијанти. Најраните примероци потекнуваат од крајот на X век, додека најдоцните од турското среновековие. Накитот за глава е изработуван во повеќе техники меѓу кои филигран, гранулација, калибрирање, ниело, ковање во матрица итн. Од материјали употребени се сребро, бронза, бакар, железо, стаклена паста и школки. Накитот за глава е почесто застапен на некрополите од првата хронолошка група, додека се далеку поретки кај тие од втората. Најзастапени се обичните наушници - алки, изработени од обичен тељ (тип 1), потоа следат наушниците со една јагода (тип 6), наушниците со четири јагоди (тип 8), наушниците со стожер (тип 11) итн. Техниката на изработка на гроздоликите наушници (тип 7) упатува на можноста дека тие биле импорт од византиските центри или пак биле работени од локалните мајстори под силно византиско влијание. За разлика од нив наушниците со една биконична јагода (тип 6, варијанта 1) и наушниците со една биконична ажурирана јагода (тип 6, варијанта 2), упатуваат на присуство на страно, веројатно номадско население, Печенези или Кумани, чие присуство на Балканот од крајот на XI и XII век е потврдено во историските извори. Овој тип на наоди се појавува на некрополата Поткули – Варош, а особено се чести на Задна Река – Грмајте.

Кај наушниците од доцниот среден век евидентни се фолклорните варијанти на постарите средновековни, но и антички прототипови. Најубав пример се кружните наушници (кат. бр. 120 и 121), кои се развиле од луксузните средновековни зракасти и кружни наушници. Кај овие обнародени типови често се присутни разните висулци, пред сѐ трепетушки коишто ги карактеризираат и им даваат нов изглед.

Во втората група припаѓа накитот за врат. Оваа група на накит е застапена само на некрополите од првата хронолошка група. Целосно се сочувани 6 ѓердани и 1 фрагментиран. Изработени се од мониста од стаклена паста во разни бои, полудраги камења, бронзени и оловни мониста. Монистата имаат неколку форми, топчеста, елипсовидна, правоаголна, цевчеста и цилиндрична. Ѓерданите се поделени соодветно во две групи според материјалот на изработка на монистата. Овој тип на накит се појавува на локалитетот Трпчева Црква – Мариово. Нивната датација е од X – XI век.

Во следната група припаѓаат крстовите приврзоци и енколпиони. Целосно сочувани се 5 приврзоци изработени од бронза, железо и олово. Откриени се на локалитетите Трпчева Црква, Маркови Кули и Задна Река -Грмајте. Идентични крстови приврзоци се откриени во Демир Капија, надвор од границите на Македонија во Србија, Бугарија, Романија, Русија и Грција. Се датираат од X – XI век.

Енколпионите се застапени во 3 примероци. Два примероци се откриени на Трпчева Црква и еден потекнува од непозната локација. Трите примероци се изработени од бронза и се релјефно декорирани со претстави на Исус Христос и Богородица. На територијата на Макеоднија ги има на Просек, додека надвор од Македонија, се среќаваат на поширок простор на Балканскиот Полуостров, како Србија, Бугарија, Грција со датација од XI – XII век.

Од накитот за раце во овој труд се застапени гривните и прстените.
Вкупниот број на гривни кои беа обработени во овој труд изнесува 96 примероци. Гривните според материјалот од кој се изработени се поделени на метални и стаклени и имаат свои подваријанти. Металните гривни се декорирани преку техниките на калибрирање, пунцирање, врежување и тордирање. Откриени се на Трпчева Црква, Задна Река-Грмајте, Маркови Кули, Поткули, Дебреште и Илино Шаторов Камен. Кај металните гривни е забележана аналогија со од балканските подрачја. Датираат од X до XIII век. Групата на стаклените гривни брои 34 примероци. Изработени се преку техниката на тордирање и лиење во разни бои. Датираат од X – XI век.

Втората група од накитот за раце ја сочинуваат прстените. Во овој труд групата на прстените е најбројна и брои 196 прстени. Прстените според формата и пресекот на алаката се поделени во 10 групи и неколку варијанти. Изработени се преку техниката на лиење, филигран, врежувања и се декорирани со разни симболи и христијански претстави. Изработени се од бронза, сребро и стаклена паста. Откриени се на локалитетите Трпчева Црква, Задна Река Грмајте, Поткули, Маркови Кули, Илино-Шаторов Камен, Гробишта- Варош, Страгата, во црквите Св. Димитрија, Св. Никола, Св. Атанас и Св. Јован. Прстените се застапени кај двете хрнонолошки групи. Во првата група се одликуваат со муниционост при изработката користејќи златарски техники. Во некрополите од првата група тие се чест наод, главно, во женските гробови каде се среќаваат и по неколку примероци кај една индивидуа. За разлика од нив, прстените од втората група се помасивни, изработени исклучиво во техника на лиење. Кај оваа група евидентна е тенденцијата за оформување на поголемо рамно поле за изведување на декорација, често со хералдички или печатни мотиви. Подоцните

варијанти од оваа хронолошка група ја издвојуваат плочестата глава од алката преку висок издолжен врат. Прстените од оваа група најчест се среќаваат по еден примерок по индивидуа, а нивната појава е зачестена кај машките погребани индивидуи.

Групата на торакалниот накит ја сочинуваат токите. Откриени се на локалитетите Гробишта- Варош, Поткули, Трпчева Црква и Маркови Кули. Оваа група ја сочинуваат 11 токи изработени од железо и бронза. Изработени се во неколку форми кои се користеле и во античкиот период со што е оневозможена прецизна датација. Блиски аналогии среќаваме во Србија, Хрватска, Грција со датација од VII до доцниот византиски период.

Од накитот како дел од облеката, во овој труд се застапени копчиња, аграфи и појасни пафти.

Копчињата се откриени на некрополите кај црквите Св. Димитрија и св. Архангел Михаил, локалитетите Маркови Кули, Гробишта-Варош и Св. Ѓорѓи во Пресил. Групата ја сочинуваат 35 копчиња од бронза поделени на две варијанти. Датираат од средина на XII до XVII век.

Аграфите се откриени на локалитетот кај црквата Св. Атанас. Изработени се од сребро преку техниката на филигран и претставуваат луксузен велмошки накит. Се датираат од доцниот XIV век.

Последната група ја сочнуваат појасните пафти. Откриени се на некрополата од црквата Св. Димитрија со два примероци лиени во бронза. Датираат од турското средновековие.

**Ликовни аналогии**

Накитот на фрескоживописот во црквите од средновековна Македонија застапен е во сите групи освен појасните пафти. Според анализите на претставите, накитот е застапен повеќе кај женските претстави во однос на машките претстави.

Ликовниот приказ на наушници се среќава на женските претстави од ктиторските композиции, светителките и учесничките во сцените кои се дел од Христовиот циклус. Во живописот се застапени наушниците - алки, висечки и кружните - зракасти наушници. Кружните – заракасти наушници се среќаваат кај портретите на жени кои се дел од ктиторската композиција и претставуваат најлуксузни наушници кои ги опишуваат моќта и богатството на нивното семејство. Највпечатлив женски портрет е портретот на Ана Ливерина, сопругата на севастократорот Јован

Оливер, во црквата Св. Архангел Михаил во Лесново. Таа е насликана во раскошна облека и лускузно украсен накит. Наушниците свои блиски аналогии со археолошките наоди, нема во збирката на Музејот во Прилеп, но има еден пар кој денес се наоѓа во збирката во Белград. Покрај прилепските, познат е парот на наушници од Оризари, Кочанско. Висечките наушници од колекцијата на Музеј – Прилеп, односно откриените примероци на локалитетот Трпчева црква, своите блиски аналогии ги наоѓаат на жените-учеснички во сцената Раѓање на Богородица од црквата Св. Пантелејмон-Нерези. Споредувајќи ги двата примери може да се каже дека поседуваат сличности. Како археолошки наоди, наушниците-алки кои го имаат наједноставниот облик, своите аналогии во фрескоживописот ги наоѓаат на претставата Исус Христос од Богородичиниот акатист и на две ангелски претстави во црквата посветена на Св. Димитрија, Марков манастир, на претставата Св. Елена, на персонификацијата на р. Јордан и на учесник во сцената Симнување во Пеколот, сите три претстави од црквата Св. Ѓорѓи Курбиново.

Ѓерданите на ликовните претстави во живописот се застапени само во црквата Св. Ѓорѓи во Полошко, на портретот на Ана, сопругата на ктиторот Драгушин, како и во црквата Св. Никита во Бањани кај двајца свети маченици. Нивните богато украсени ѓердани не наидуваат на аналогии со откриените археолошки наоди.

Крстовите како приврзоци на живописот во овој труд сеприкажани преку претставите на Св. Антониј во Богородица Перивлепта и на учесник во Акатистот на црквата Св. Димитрија, Сушица, Скопје. Меѓутоа, нивниот ликовен израз е мошне едноставен при што не е можна конкретна и прецизна аналогија со археолошките наоди.

Ликовниот приказ на гривните на живописот од средновековна Македонија е застапен само кај учесничките во сцената на Раѓање на Богородица во црквата Св. Пантелејмон, Нерези и кај сцената  Христос и Самарјанката во црквите Св. Никита, Бањани и Св. Архангел Гаврил, Лесново. Нивни најблиски аналгоии со откриените археолошки наоди се среќаваат кај стаклените гривни.

Прстените во фрескоживописот се среќаваат само на две претстави кои се дел од ктиторската композиција на црквата Св. Ѓорѓи во Полошко. Двајцата сопружници се претставени со по еден прстен. Прстените не се детално насликани при што е отежната нивната аналогија со археолошките наоди, но според тоа што тие биле припадници на високите општествени слоеви можеме да кажеме дека нивните прстени не се едноставни туку се масивни и декорирани со хералдички симболи.

Ликовниот приказ на токите како дел од ремените се среќаваат кај машките претстави, односно ктитори и светителските машки претстави. Најпрецизно насликани токи се среќаваат кај ктиторските композции на севастократорот Јован Оливер од црквата Св. Архангел Михаил, Лесново и Јован Драгушин од црквата Св. Ѓорѓи во Полошко. Претстави на масивни токи се издвојуваат кај Св. Теодор Тирон и Св. Теодор Тирон од манастирот Трескавец со подоцнежна датација. Ликовните прикази на токите се идентични со археолошките наоди на локалитетите во Прилеп и неговата околина.

Копчињата во фрескоживописот се застапени во голем број скоро кај сите претстави. Ги има на претставите кај ктиторите и светителските претстави, но без посебна декорација. Меѓутоа нивниот облик е кружен што е скоро идентичен со археолошките наоди.

Ликовниот приказ на аграфите во средновековниот живопис на Македонија е застапен во многу претстави меѓутоа тука се издвоени неколку претстави. Тие се среќаваат кај женските претстави од ктиторските композиции, женските светителски претстави и свети воини. Во сликањето на аграфите е забележана прецизноста на зографот, преку формата и украсувањето со скапоцени камења за што ни зборува дека тие припаѓаат на луксузната група на аграфи. Според тоа, аграфите своите блиски аналогии ги среќаваат со аграфите како археолошки наоди откриени кај црквата Св. Атанас.

Збирката на накит од Заводот за заштита на спомениците и музеј – Прилеп, заедно со привремената збирка на Институтот за старословенска култура – Прилеп претставува една богата ризница со многубројни примероци на накит. Секое парче накит има свои специфики и особености кои сведочат за човековото постоење и неговиот развиток во културната сфера. Бројноста на археолошки локалитети од средновековниот период јасно покажува дека Прилеп и неговата околина имале значајна улога и претставувале значајна сообраќајна точка низ кои поминале моќни и значајни историски личности. Разновидноста и бројноста на наодите, исто така ни покажуваат дека на ова подрачје егзистирале населби од антиката, во средновековниот век и во турското средновековие. Во овој труд, е направен обид за надополнување на сознанијата за средновековната материјална култура од ареалот на средновековен Прилеп. Досегашната претстава за средновековниот накит е надополнета со новите откритија од последните три децении. Овој труд иако во голема мера се надоврзува на истражувањата на Е. Манева за средновековниот накит од Македонија, сепак, прави

извесно надополнување за територијата од интерес, особено за накитот од периодот на X– XII век.

Се надеваме дека овој труд во ваква форма ќе претставува солидна основа за сите понатамошни истражувачи на средновековната материјална култура, особено на средновековниот накит. Разработената типологија согласно морфолошките карактеристики на наодите, како и каталогот на наоди со својот илустративен дел во иднина лесно ќе може да бидат надополнети со ново откриените наоди од Прилеп и Прилепско.

# Библиографија:


1. Б. Алексова, *Округли наушници од Демир Капија,* Гласник на Институт за национална историја, год 1, бр, 1, 1957, 47-56.
2. Б. Алекова, *Еден нов тип на обетки во археолошките наоди во Македонија,* Зборник на археолошкиот музеј, Скопје 3, 1956, 91-93.
3. Г. Ангелчин-Жура, *Св. Спас, Охрид,* Светско наследство, Скопје, 2009, 142-145.
4. С. Антољак, *Самуиловата држава*, Скопје, 1969.
5. С. Антолјак, *Македонија во IX век,* Климент Охридски-студии, Скопје, 1986.
6. Археолошка карта на Република Македонија, том II, Скопје, 1996.
7. Б.Атанасоски, *Локалитетот Градиште кај с. Дебреште во раната антика,* Македонско културно наследство 41-42: 123 – 147.
8. Б. Атанасоски, *Локалитетот Градиште кај с. Дебреште во римскиот период,* Macedoniae Acta Archaeologica , во печат.
9. Б. Бабиќ, *Средновековно културно богатство на СР Македонија*, Прилеп 1974.
10. Б. Бабиќ, *Културно богатство на Прилеп од V – XIX век,* Прилеп, 1976.
11. Б. Бабиќ, *Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и прилепскиот крај,* Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том IV, Скопје. 1981, 19-35.
12. Б.Бабиќ, *Материјалната култура на македонските словени во светлината на археолошките истржувања во Прилеп*, Прилеп, 1986.
13. Б. Бабиќ, *Краток преглед на спомениците на културата на Прилеп и Прилепскиот крај*, Прилеп [ б. г ].
14. Б. Бабиќ, *Градиште Дебреште,* Археолошка карта на Република Македонија,1996, 294-296.
15. Б. Бабиќ, W. Hensel, J. Rauhutowa, *Археолошки истражувања на локалитетот Градиште кај село Дебреште*, Macededonia Acta Archaeolgica, 2,1976, 251-262.
16. Б. Бабиќ, *Археолошки ископувања во и околу црквата Св. Димитрија во селото Варош кај Прилеп,* Macedoniae acta archaeological бр.1, 1975, 213-241.
17. Б.Бабиќ, *Извештај за македонско-полските истражувања на локалитетот Градиште кај селото Дебреште во 1976 год.*, Macedoniae Acta Archaeologica 4, 1978,205 – 216.
18. В.Битракова-Грозданова, *Голем Град-Преспа*, Скопје, 2011.

19. Л. Блажевска, *Средновековна некропола Ограда во с. Бистренци*, Macedoniae Acta Archaeologica 14, 1996, 201-212.
20. А. Василески, *Средновековните цркви во Прилеп низ пишаните и материјални извори,* Balcanoslavica 47, 2018, 185-204.
21. Ф. Вељановска, *Палеодемографски карактеристики на населението на Македонија од бронзено време до среден век,* Macedoniae acta archeologica, бр. 16, 2005, 401-414.
22. Б. Видоеска, *Црква Св. Спас с. Добри Дол – Скопско,* ЗСУММ 2, 1996, 167-172.
23. Византијски извори за историју народа на Југославије, том II, Београд, 1959.
24. Византиски извори за историју народа Југославије, том I, Београд, 1955.
25. В. Лилчиќ-Адамс, *Маркови Кули Варош – во контекстот на рановизантискиот сигнален систем во VI век п.е.*, Balcanoslavica, Prilep, 2018, 91-105.
26. Ц. Грозданов, *Живописот на Охридската Архиепископија XI – XVII век,* Скопје 2020.
27. Ц. Грозданов, *Богородица Перивлепта (Свети Климент во Охрид),* Скопје, 2018.
28. Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство, XIV век*, Скопје, 2016.
29. Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија,* Македонија:милениумски културно-историски факти, Скопје, том 3, 2013, 1525-1789.
30. Е Димитрова, *Црквата Св. Димитрија, во Маркова Сушица*, Скопје, 2020.
31. Е. Димитрова, *Црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново*, Скопје, 2016.
32. Е. Димитрова, *Манастир Матејче,* Скопје, 2002.
33. Е. Димитрова, С. Коруновски, *Византиска Македонија*, Скопје, 2006.
34. Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка Културно наследство*, Скопје, 2011.
35. В. Ѓорѓиев, *Потпаѓање на македонската територија под османлиска власт,* Македонија: Милениумски-културно историски факти, Скопје, том 3, 2013, 1869-1946.
36. О. Иваноски, *Македонските Словени одVIдо IX век*, Скопје, Култура, 1962.
37. Историја на македонскиот народ, книга 1,Скопје,1969.
38. Историја на македонскиот народ, Скопје, 2008.

39. А. Јакимовски, *Археолошки локалитет Павла Чука,* Археолошки информатор Vol. 4, Prilep, 2020, 21-32.
40. Л. Кепеска, *Задна Река-Грмајте-средновековна некропола*, Прилеп 1995.
41. Л. Кепеска, *Трпчева Црква-средновековна некропола*, Прилеп, 2008.
42. Л. Кепеска, К. Кепески, *Доцноантичка градба од Задна Река – Прилепско,* Macedoniae acta archeologica бр.14, 1995, 181-191.
43. Л. Кепеска, К. Кепески, *Витолиште во светлината на археолошките истражувања,* Културно наследство XIV – XV,1987-88, Скопје, 1990, 57-59.
44. Л. Кепеска, К. Кепеска, Б. Китаноски, *Мариово Рекогносцирање,* Arheoloshki pregled, 25, Ljubljana, 1986, 115 – 123.
45. Л. Кепеска, К. Кепески, *Задна Река – Грмајте / Античка и словенска некропола,* Arheoloshki pregled 26, Ljubljana, 1986, 129 – 130.
46. Л. Кепеска, К. Кепески, *Средновековна некропола од Задна Река – Прилепско,* Macedoniae acta acrhaeologica, бр. 14, 1995, 193 – 198.
47. Л. Кепска, К. Кепески, *Двојна некропола – Задна Река,* Macedoniae acta archaeologica,бр. 10, 1989, 215 – 223.
48. Л. Кепеска, К. Кепески, *Задна Река – Грмајте-Zadna Reka Grmajte*, Arheološki pregled, 1985, Ljubljana, 1985, 129-130.
49. Л. Кепеска*, Трпчева Црква –истражувања 1997,* Macedoniae acta archeologica, br. 15, Скопје, 1999, 309-323.
50. Л. Кепеска, *Нови наоди од Трпчева црква,* Macedoniae acta archeologica br.14, 1993-1995, Скопје,1996, 213 – 224.
51. Л. Кепеска, *Словенска некропола кај с. Дуње, Мариово,* Macedonia eacta archeologica 13, 1992, Скопје, 1993, 245 – 252.
52. К. Кепески, *Ранохристијанска базилика кај Дуње – Мариово,* Macedoniae acta acrhaeologica 16, 2005, 247 – 258;
53. Л. Кепеска, *Неколку крстови-приврзоци од прилепско,* Macedoniae acta archaeologica 16, 2005, 283 – 290.
54. Б. Китаноски, *Средновековна Некропола во селото Манастир*, Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп, 1986, 115-118.
55. Д. Коцо, *Нови податоци за историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид*, Климент Охридски, студии, 1986, 213-224.
56. Д. Коцо, П.М. Пепек, *Манастир,* Скопје, 1958.

57. И. Кузманоски, *Средновековна некропола на просторот на античкиот театар во Скупи,* Римски театар Скупи, Скопје, 2017, 367-418.
58. П. Костовска, *Св. Никола Манастир*, Скопје, 2020.
59. М. Ч. Љубинковиќ, *Средновековен накит од Прилеп и Маркова Варош во народниот музеј во Белград*,Зборник-1959-1960, Скопје, 1981, 77-88.
60. Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје, 1992,
61. Е. Манева, *Некрополите од Маркови Кули, Варош-археолошко сведоштво за градот Прилеп,* Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 161-177.
62. Е. Манева, *Kurbinovo - Eponymous Site for the Homonytmus Late Medieval Earrings / Курбиново—Епонимски локалитет за истоимениот тип доцносредновековни наушници,* Вера Битракова Грозданова. Преспа II. – Скопје: МАНУ, 2015, 123-140.
63. Е. Манева, *Средновековна некропола: Пепелиште*, Скопје, 2000.
64. Е. Манева, *Древниот накит од Македонија: некропола Водоча*, Скопје, 2007.
65. Е Манева, *Сондажни ископувања на локацијата Копанец с.Корешница, Демиркаписко,* Macedoniae acta Archaeologica 15, 1999, 339-356.
66. Е. Манева, *Археологијата на Македонија во Турското средновековие (XV-XVIII век),* Македонија: милениумски културно-историски факти, Скопје, том 4, 2013, 1957-2050.
67. Е. Манева, *Некрополата Водоча, Inventaria archaeologica personarum*, Скопје, 2013.
68. Е. Манева, *Гробот 942 од некрополата Водоча – пример за обнародување на средновековниот накит,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет 64, 2011, 277–294.
69. Е. Манева, *UNUM PAR ÇERÇELORUM – НАУШНИЦИ –ЗАУШНИЦИ – УШНИЦИ – ОБРАЗНИЦИ – НАМЕТУШКИ – ОБЕЦИ – ОБЕТКИ...*, Жива Антика, Монографија 10, Скопје, 2012, 161–175.
70. Е. Манева, *Крстеви: средновековна некропола,* Скопје, 2000
71. Е. Манева, *Од средновековните појасни гарнитури до подоцнежните пафти,* Годишен зборник на филозофски факултет, Скопје, 65, 2012, 89-103.
72. Е. Манева, *Кому му припаѓал велмошкиот накит од оставите во Маркови Кули и Св. Атанас-Варош кај Прилеп,* Кралот Марко во историјата и во традицијата, прилози од научниот собир одржан по повод 600 годишнината од смртта на кралот Марко, Прилеп, 23-25 јуни, 1995, 331-337.

73. Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, - некропола Водоча,* Скопје, 2007.
74. Е. Манева, *Стаклени белезици од антиката до новото доба*, Патримониум, Скопје, 2014, 83-92.
75. И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје, 1996.
76. А. Миткоски, *Три средновековни некрополи од Прилепско,* Македонско наследство, 19, 2002, 3-52;
77. А. Миткоски, *Примарниот тумул од локалитетот Страгата кај село Крушевица, Мариово*, Macedoniae acta archeologica, 23, 2021, 175-204;
78. Г.Острогорски, Историја на Византија, Скопје, 1992.
79. М.Б. Панов, *Средновековен период во Македонија, во Македонија*: Милениумски-културно историски факти, уредник П. Кузман, Е. Димитрова, Ј. Донев, Скопје, том 2, 2013, 1083-1229.
80. П. М. Пепек, *Делото на Зографите Михаило и Еутихиј,* Скопје, 1967.
81. О. Петров, *Градот – Тврдина Просеки неговиот ареал во средниот век,* Докторска дисертација, Скопје, 2021.
82. О. Петров, *Средновековна некропола на локалитетот Кале Стрезов Град кај селото Челевец - Демир Капија*, Macedoniae Acta Archaeologica, 24, 2021, 275–297. https://doi.org/10.55973/MAA2124275p
83. О. Петров, *Прилог за економијата на доцносредновековен Прилеп преку сознанијата од документарно-дипломската граѓа и археолошките наоди,* Balcanoslavica, 47, Прилеп,2018,252-253.
84. Б. Петровски, *Кралството на Марко: Домет и карактер,* Balcanoslavica47, 2018, 231-240.
85. В. Поповска Коробар, *Манастир Трескавец,* Христијански споменици, 2008, 134-139.
86. Прилеп и Прилепското низ историјата,книга прва, Прилеп, 1971.
87. Б. Ристески, *Доцната антика и средниот век во рамките на просторната целина „ Маркови Кули“-Прилеп,*Balcanoslavica 47, Прилеп, 2018, 69-90.
88. Б. Ристески, *Маркови Кули-Варош, Прилеп, сектор сред кули и рамниште,* Македонски археолошки преглед, Скопје, 2008, 259-263;
89. Б. Ристески, *Краток приказ на досегашните археолошки истражувања во рамките на просторната целина „Маркови Кули“*, Balcanoslavica 47, 2018, 357-360.

90. К. Ристов, К. Михаилова, *Средновековна некропола Крст, с. Орешени*, Скопје, Macedoniae acta archaeologica 19, 2010, 391-404.
91. *Средновековен накит од Тиквеш*, каталог, 2023.
92. А Стојановски, *Македонија во турското средновековие*, Скопје, 1989.
93. А.Стојановски, *Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век*, Скопје, 1981.
94. Г. Суботиќ, *Охридска сликарска школа од XV век*, Охрид, 1980.
95. Е. Талеска, *Прилог кон проучување на средновековни белезици од стакловина на територијата на СР Србија, СР Македонија и НР Бугарија,* Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп, 1986, 215-217.
96. И. Толевски, *Средновековна населба подигната врз урнатините на римскиот театар во Скупи, Римски театар,* Скопје, 2017, 321-365,Т.III.3,4.
97. *Тврдината Маркови Кули-извештаи од работите на мисијата 1977-1983,* Варшава 1985.
98. Д. Ќорнаков, *Полошки манастир*, Св. Ѓорѓи, Скопје, 2006.
99. Н., Чаусидис, *Трансформацијата на иконографијата и симболиката во праисторискиот и средновековниот накит на Балканот*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 41-42, 1989, 137-168.

100. М. Бајаловић Хаџи -Пешић, *Накит VIII- XVIII века*, Београд, 1984.
101. Б. Благојевић, *Србија у доба Немањића*, Београд, 1989.
102. Н. Вулић, *Откопавање код Дебрешта*, Споменик СКА LXXxxI, 1931, 150-151;
103. С. Габелић, *Манастира Лесново-Историја и сликарство*, Београд, 1998.
104. П. Гатев, П, *Накит от погребения од XI-XII в.,* Археология кн. 1,1977.
105. В. Глигоров*, Метални накити от Средновековна България VII-XI в.* София, НАИМ на БАН, 2007.
106. Е. Зечевић, *Накит Новог Брда*, Београд, 2006.
107. Б. Иванић, *Сусрет српског и турског накита,* Алманах накита: циклус предавања о накиту одржан у музеј примењене уметности, Београд, 2005.
108. К. Јирчек, *Историја срба,* Београд, 1952.
109. Ј. Ковачевић, *Средњовековна ношња Балканских словена*, Београд, 1953.
110. Г. Марјановић-Вујовић, *Трњане-српска некропола (крај XI- почетак XIII века*), Београд, 1984.
111. М, Марковић, *Свети Никита код Скопља*, Београд, 2015.

112. С. Пириватрић, *Самуилова држава-обим и карактер*, Београд, 1997.
113. В.Ристић, *Црква Светог Димитрија у Прилепу*, Крушевац, 1979.
114. Б. Радојковић, *Накит код Срба: од XII до краја XVII*I века, Београд, 1969,
115. В. Ј. Ђурић, *Византијске фреске Југославији*, Београд, 1974.

116. B. Aleksova, *Prosek – Demir Kapija,* Beograd – Skopje, 1966
117. B. Babić*, Grobišta -srednovekovna nekropola,* Archeoški pregled, 7, Beograd, 1965, 174-175.
118. B. Babič, *Crkva Svetog Dimitrija, Varoš- Prilep-srednovekovnonaselje, crkva I nekropola,* Arheološki pregled, 14, Beograd, 1972, 125-127.
119. B. Babić,. *Gradište, Debrešte, Prilep, Paistorisko, helenističko i srednjovekovno naselje, ranovizantiski kastrum, srednjovekovna crkva sa nekropolom*, Arheološki Pregled 7,1975, 62-64.
120. B. Babič,*Crkva Sv. Dimitrija-crkva, nekropola i srednovekovno naselje*, Arheološki pregled, 7, Beograd, 1965, 173-174.
121. B. Babič, *Sv. Djordjija, Presil, Prilep-srednovekovna crkva i grobovi*, Arheološki pregled 3, 1961, 152-153.
122. B. Babič, *Prilep – Varoš crkva, Sv. Atanas-srednovekovno naselje*, Arheološki pregled, 7, Beograd, 1965, 172-173.
123. B.Babič, M. Mandić, *Gradište Debrešte,* Arheološki Pregled, 1985, 26, 143-144.
124. V. Bikič, *Vizantijski nakit u Srbiji,* Beograd, 2010.
125. G. R. Davidson, *Corinth, Minor objects,*Vol 12, 1952.
126. E. Dimitrova, *The church of Saint Panteleimon,* Nerezi, Skopje, 2015.
127. E.Dimitrova, O. Zorova, *Haute couture of Macedonia Byzantina: "Fashion, jewelery, accessories,* Collection of scientific works from Symposium Niš and Byzantium XVI, 2017, Niš, 2018,249-262.
128. E. Dimitrova, O, Zorova, *TRACES DE "FÉMINITÉ" IN MACEDONIAN MIDDLE AGES – ART AND ARCHAEOLOGY,* Nish & Byzantium Collection ofscientific works XVIII, Nish 2020, 427-442.
129. E.Dimitrova, O. Zorova, *IMAGO HISTORICA: THY NAME IS BEAUTY - FEMININE AND MASCULINE, 2022, Nis and Byzantium XX,* 2022, 417-432.
130. E. Dimitrova*, V. I. Personalites in Medieval Macedonia, five Paradigms of Supreme Commissionership (11th -14th century,* Folia Archaeologica Balkanica III, Скопје, 2015, 601-621.

131. E.Dimitrova, *THE DA VINCI MODE: Unsolved Mysteries of Macedonian Medieval Fresco Painting,* NIŠ & BYZANTIUM VIII, Nish, 2010, 245-258.
132. E. Dimitrova, *Beauty and no beast, Social and cultural Perspectivec of Beauty in Bizantine Painting,* Патримониум 20, 2022, 233-246.
133. E. Dimitrova, *Beautiful Creatures: Macedonia as „ The garden of Earthly Delights“,* Nish and Byzantium 15, Nish, 2017, 87-99.
134. E. Dimitrova, O. Zorova, *Old testament Abraham and his journey through iconography of medieval Macedonia*, Nish and Byzantium. Collection of scientific works XIX, 2021.
135. W. Hensel, *Z badan nad domniemana wczesobizantyjska stolica biskupia w Debreżte (S.R. Macedonia) w latach 1974-1978",* Прилози, IX-2, , Скопје, 1978, МАНУ, 5-23.
136. W.Hensel, J. Rauhutowa, *Wstepne wyniki badan na stanowisku Gradiżte w Debreżte (Macedonia) w swetla prace wykopaliskowych przeprowadronych w 1978 g.*, Slavia Antiqua XXxxVII, 1980, 79-118.
137. T. Koletyn, *Gradište Debrešte – antička nekropola,* Arheološki Pregled 14, 1972, 84-87.
138. M. Mandič, *Potkuli-средновековна населба и некропола,* Archeološki pregled, Ljubljana, 1985,180-181.
139. E. Maneva, *Ancient jewellery from Macedonia, middle ages*, Skopje, 2005.
140. M. Petrinec, *Grobjlja od 8 do 11. Stojljeca na podrucju ranosrednjevekovne hrvatske drzave,* Split, 2009.
141. A. Vasileski, *The monastery of Treskavec,* Skopje, 2016.
142. Б. Бабич, *Раннесредневековые славянске поселения на территории Социјалистической Республики Македонии*, во Труды Меджународного Конгресса Археологов-Славистов Т. 2. Киев : Институт археологии - Академия наук СССР, 1988, 195-196.
143. Б.А., Рыбаков, *Язычество древней Руси*, Москва, 1987.

# Листа на скратеници

**Инв. бр.** – инвнтарен број

**Кат. бр**. – каталошки број

**ЈНУ ИСК** – Јавна научна установа, Институт за старословенска култура

**ЗЗИМ** – Завод за заштита и музеј

**Дијам**. – дијаметар

**Вис.** - Висина

**Шир.** – ширина

**Вн**. – внатрешен

**Деб.**- дебелина

## Каталог на накит

**Кат. бр. 1**
**Наушница**
**Инв. бр. 776**
Маркови Кули, Варош, гроб 22.
Дијам. вн. 4,0 см, деб. на алка 0,4 см
Бронза, калибрирање
Наушница-алка изработена од тељ, кружно обликувана, со отворени краеви.
Манева 1992, 189, Т.12.57/20.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 2**
**Наушница**
**Инв. бр.** 77/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 47.
дијам. 3,9 см.
Бронза, калибрирање
Наушница-алка, кружно обликувана, изработена од тељ со кружен пресек. Краевите се одвоени.
Кепеска 1995, 40, Т.VII.47/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 3**
**Наушница**
**Инв. бр.** 78/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 47.
Диј. 3,9 см.
Бронза, калибрирање
Наушница-алка, кружно обликувана, изработена од тељ со кружен пресек. Краевите се одвоени.
Кепеска 1995, 40, сл.24б, Т.VII.47/1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 4**
**Наушница**
**Инв. бр.** 715
Илино, Шаторов Камен, Прилеп
Дијам. вн. 4,3 см, деб. на алка0,2 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тенок тељ, со краеви кои се разминуваат.
Манева 1992, 211, Т.30.68/2а
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 5**
**Наушница**
**Инв. бр**. 767
Маркови Кули, Варош, гроб 37.
Дијам. вн. – 4,1см, деб. на алка 0,2 см.
Бакар, калибрирање
Наушница-алка изработена од брозен тељ со одвоени краеви кои што преминуваат еден преку друг.
Манева 1992, 190, Т.12.57/27.
ЈНУ ИСК – Прилеп

**Кат. бр. 6**
**Наушница**
**Инв. бр.** 773
Поткули, Варош, гроб 12.
Дијам. вн. 3,5 см, деб. на алка 0,1 см.
Бронза, калибрирање.
Масивна наушница-алка на која краевите и се одвоени. Едниот крај е зашилен.
Манева 1992,198, Т.12.61/6.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 7**
**Наушница**
**Инв. бр.** 784
Маркови Кули,Варош, гроб 103.
Дијам. вн. 3,2 см,деб. на алка 0,2 см.
бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ, која има широко отворени краеви.
Манева 1992, 191, Т.12.57/44.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 8**
**Наушница**
**Инв. бр.** 746
Поткули, Варош, гроб 56.
Дијам. вн. 2,9 см, деб. на алка 0, 1 см.
Бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со отворени краеви.
Манева 1992, 199, Т.11.61/18.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 9**
**Наушница**
**Инв. бр.** 748
Поткули, Варош, гроб 80.
Дијам. вн. 2,9 см, деб. на алка 0, 2 см.
Бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ, која има одвоени краеви.
Манева 1992, 199, Т.12.61/12.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 10**
**Наушница**
**Инв. бр.** 745
Поткули, Варош, гроб 41.
Дијам. вн. 2,5 см, деб. на алка 0, 2см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од масивен тељ чии краеви се допираат.
Манева 1992, 198, Т.10.61/11.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 11**
**Чифт наушници**
**Инв. бр./**
Страгата, с. Крушевица, гроб 29.
А. Дијам. 4,0 см.

Б. Дијам. 2,5 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со краеви кои се превиткуваат.
Миткоски 2002,15, Т.IX.1,2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 12**
**Наушница**
**Инв. бр.** 742
Маркови Кули, Варош, гроб 63.
Дијам. вн. 2,4 см, деб. на алка 0,3см.
Бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од масивен тељ, со краеви кои се допираат. Едниот од краевите е зашилен.
Манева 1992, 192, Т.10.58/4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 13**
**Наушница**
**Инв. бр.** 35/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 27.
Дијам. 3,2 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка, изработена од масивен тељ кој има кружен пресек. Краевите на алката се допираат.
Кепеска 1995, 26, сл. 12.1, Т.V.27/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 14**
**Наушница**
**Инв. бр**. 67/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 43.
Дијам. 3,3см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тел со кружен пресек. Краевите се отворени.
Кепеска 1995, 37, сл. 43.3, Т.VII.43/3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 15**
**Наушница**
**Инв. бр.** 763
Маркови Кули, Варош, гроб 6.
Дијам. вн. 3 см, деб. на алка 2 см.
бронза, калибрирање
Наушница-алка изработена од тељ со споени краеви.
Е. Манева 1992, 188, Т.12.57/6.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 16**
**Наушница**
**Инв. бр.** 787
Црква Св. Атанас, Варош.
Дијам. вн.2,7 см,деб. на алка 0, 5 см.
Железо, ковање.
Наушница-алка изработена од масивен тељ со споени краеви.
Манева 1992, 201, Т.10.62/7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 17**
**Наушница**
**Инв. бр.** 768
Маркови Кули, Варош, гроб 76.
Дијам. вн. 2,5 см, деб. на алка 0,2 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со краеви кои се спојуваат.
Манева 1992,190, Т.12.57/42.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 18**
**Наушница**
**Инв. бр.** 775
Маркови Кули, Варош, гроб 178.
Дијам. вн. 2,6 см, деб. на алка 0,2 см.
Бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со одвоени краеви.
Манева 1992,191, Т.11.57/56.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 19**
**Наушница**
**Инв. бр.** 783
Поткули, Варош, гроб 53.
Дијам. вн. 2,7 см, деб. на алка 0, 1 см.
Бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со краеви кои се спојуваат.
Манева 1992, 199, Т.11.61/17.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 20**
**Наушница**
**Инв. бр.** 33/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 25
Дијам. 2,8 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тел кој има кружен пресек. Краевите се одвоени. Едниот крај е рамно засечен, додека другиот е зашилен.
Кепеска 1995, 26, сл. 11.1, Т.IV.25.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 21**
**Наушница**
**Инв. бр**. 754
Поткули, Варош, гроб 194.
Дијам. вн. 1, 9 см, деб. на алка 0, 2см.
бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со сплеснати и споени краеви.
Манева 1992, 199, Т.9.61/26.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 22**
**Наушница**
**Инв. бр.** 760
Илино, Шаторов Камен, Прилеп.
Дијам. вн. 2,1 см, деб. на алка 0,2см.
бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ соспоени краеви.
Манева 1992, 211, T.11.68/1.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 23**
**Наушница**
**Инв. бр.** 765
Маркови Кули, Варош, гроб 66
Дијам. вн. 2,2 см, деб. на алка 0,3 см
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ која има споени краеви.
Манева 1992, 190, T.11.57/38.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 24**
**Наушница**
**Инв. бр.** 625
Маркови Кули, Варош, гроб 185
Дијам. вн. 1,9см -2,3 см,деб. на алка 0,4 см
Сребро, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со еден рамно засечен и еден зашилен крај кои се разминуваат.
Манева 1992, 191, T.10.57/58.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 25**
**Наушница**
**Инв. бр.** 63/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 41.
Дијам. 3 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со кружен пресек чии краеви се допираат.
Кепеска 1995, 37, сл. 19.1, T.V.41/1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 26**
**Наушница**
**Инв. бр.** 28/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 22.
Дијам.2,6 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со благо расковани краеви кои се допираат.
Кепеска 1995, 26, сл. 10.2, T.IV.22/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 27**
**Наушница**
**Инв. бр.** 758
Маркови Кули,Варош, гроб 69.
Дијам. вн. 2,1 см –2,7 см, деб. на алка 1,7 см.
Бакар, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со неправилна кружна форма и одвоени краеви.
Манева 1992, 190, кат. бр. 57/39.
ЈНУ ИСК-Прилеп

**Кат. бр. 28**
**Наушница**
**Инв. бр.** 92/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 17.
Дијам. над. 2,2 см, деб. на алка 0,2см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со рамно засечени и одвоени краеви.
Кепеска 2008, 80, сл. 126, T.I.6а.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 29**
**Чифт Наушници**
**Инв. бр**. 93/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 17
Дијам. над. 2,3 см, деб. на алка 0,2см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ, со рамно засечени и одвоени краеви.
Кепеска 2008, 80, сл. 126, T.I.6б.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 30**
**Наушница**
**Инв. бр.** 80/ V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 50
Дијам. 2,6 см
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од раскован тел со отворени рамно засечени краеви кои што се допираат.
Кепеска 1995, 44, сл. T.VII.50/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 31**
**Чифт наушници**
**Инв. бр**. 151/V и 152/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 55.
А – дијам. над. 2,4 до 2,6 см, деб. на алка 0,2 см.
Б – дијам. над. 2,5 см, деб. на алка 0,2см.
Сребро, калибрирање.
Наушници-алки изработени од масивен тељ со рамно засечени краеви што се доближуваат.
Кепеска 2008, 114, сл. 178.1,2, T.I.5а,б, T.XXVI.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 32**
**Наушница**
**Инв. бр.** 27/ V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 22.
Дијам. 2,6 см.
Бронза, калибрирање.

Наушница-алка изработена од благо раскован масивен тељ со краеви што се допираат.
Кепеска 1995, 26, сл. 10.1, Т.IV.22/1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 33**
**Наушница**
**Инв. бр.** 777
Маркови Кули, Варош, гроб 41.
Дијам. вн. 1,9 см, деб. на алка 0,1 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ која има краеви што се приближуваат.
Е. Манева 1992, 190, Т.9.57/31.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 34**
**Наушница**
**Инв. бр.** 45/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 35.
Дијам. 2,3 см.
Бронза, калибрирање.
Наушница-алка изработена од тељ со кружен пресек чии краеви се префрлени еден преку друг.
Кепеска 1995, 32, сл. 14.2, Т.V.35/2.
ЗЗИМ- Прилеп

**Кат. бр. 35**
**Наушница**
**Инв. бр**. 95/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 18.
Лентеста гривна изработена од тенок лим, на краевите има шарнир за закопчување. Надворешната површина е декорирана со плитки брановидни линии кои формирааат полукружни полиња со густо исполнети пунктирани точки.
Кепеска 2008, 128, сл. 56, сл. 202.8, T.VIII.2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 154**
**Гривна**
**Инв. бр.** 166/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 72.
Дијам. над. 6,9см, дијам. вн. – 6,8 см, шир 1,3 см.
Бронза, исчукување, врежување, пунктирање.
Лентеста гривна изработена од тенок лим, со краеви кои се закопчуваат на шарнир. Надворешната површина е декорирана со врежани ромбоидни и правоаголни форми кои се густо пополнети со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 129, сл. 202.9, T.VIII.3, T.XXXVII.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 155**
**Гривна**
**Тер. инв. бр.** 472/97
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54.
Дијам. 4,0 смшир. на лента 0,9 см.
Бронза, исчукување, врежување, пунктирање.
Гривна од која е сочуван еден мал фрагмент, изработена е од лентест лим, а се закопчувала со шарнир. Надворешната површина и е декорирана со геометриски мотиви, изведени со врежување и пунктирање.
Кепеска 2008, 111, сл. 177.9, T.VIII.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 156**
**Гривна**
**Инв. бр.** 661
Маркови кули
1. Дијам.вн. 4,5 см, шир.0,5 см
2. Дијам. 4,0 см, шир.0,6 см
3. Дијам. 4,2 см,шир. 0,6 см.
Бронза.
Спирално навиткана гривна во три редови. Краевите се отворени, завршуваат заоблени и се преминуваат еден преку друг.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 157**
**Гривна**
**Инв. бр.**7/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 2
Дијам.5,5см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентеста гривна со отворени краеви и правоаголен пресек на обрачот. Површината е декорирана со врежани прави и коси линии.
Кепеска 1995, 15, сл. 2а.7, T.II.2/7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 158**
**Гривна – фрагмент**
**Инв. бр.** 660
Илино, Шаторов Камен.
Дијам. 5.4 см, шир. 0,7 см.
Бронза, лиење, врежување.
Два делови од лентеста гривна со отворени краеви. По површината има декорација од врежани линии и пунктирани точки.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 159**
**Гривна**
**Инв. бр.** 656
Св. Ѓорѓи, Пресил
Дијам. 5,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Гривна со правоаголен конвексен пресек и отворени проширени краеви во вид на стилизирани змиски глави. Едниот завршеток е оформен, а другиот е назначен со хоризонтални и вертикални врежувања. Горната површина е украсена со коси линии во вид на цик – цак мотив.
Манева 1992, 214, Т.53,72/3, Бабиќ. 1976, Културно,кат. 45
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 160**
**Гривна**
**Инв. бр.** 163/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 72.
Дијам. над. 6,9 см, дијам. вн. 6,7 см., шир. 1,1 см.
Бронза, исчукување, врежување, пунктирање.
Лентеста гривна со отворени расковани краеви. Надворешната површина е декорирана со втиснати крукчиња кои формираатшематизиран украс од надолжни низови по рабовите и брановидна линија во средината.
Кепеска 2008, 128, сл. 54, сл. 202.6, Т.IX.3, Т.XXXII.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 161**
**Гривна**
**Инв. бр.** 227/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 132.
Дијам.над. 5,2 см, дијам. вн. 5 см, шир. 1,см.
Бронза, ковање, врежување, пунктирање.
Лентеста гривна со отворени, лопатесто расковани краеви. Површината е декорирана со врежани линии и пунктирани точки.
Кепеска 2008, 184, сл. 280.2, Т.IX.4, Т.XXXII.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 162**
**Гривна**
**Инв. бр.** 678
Маркови Кули.
Дијам.5,7 см, шир. 1,2 см.
Бронза, врежување, пунктирање, лиење, ковање.
Лентеста гривна со отворени, раздвоени краеви кои имаат кружна форма и декорација од стилизирана вегетабилна орнаментика од косииправи линии и кругчиња. Сочувана е во два дела.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп
**Кат. бр. 163**
**Гривна**
**Инв. бр.** 57/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 5, 9 см
Бронза, лиење, врежување.
Лентеста гривна која има заоблени, лопатесто проширени краеви. Централниот дел има правоаголно проширување кое е декорирано со врежани линии.
Кепеска 1995, 34 , сл. 16б.7, Т.VI. 38/7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 164**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1059
Маркови Кули.
Дијам. 6,2 см.
Бронза, лиење, втиснување.
Ленстеста гривна со одвоени краеви кои се полочести и завршуваат во кружна форма. Надворешната површина на гривната има декорација од втисната кругови, но, доста оштетена.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 165**
**Гривна**
**Инв. бр.** 109/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 40.
Дијам. над. 6,1см, дијам. вн. 5,4см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна со отворени зашилени краеви кои имаат форма на стилизирани змиски глави. Пресекот е правоаголно конвексен. Површината е декорирана со полиња од пунктирани точки кои се меѓу себе одвоени со врежани линии.
Кепеска 2008, 96, сл. 155.5, Т.IX.1, Т.XXXI.2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 166**
**Гривна**
**Инв. бр.** 647
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 5,1 см, шир. 0,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиена гривна со правоаголен пресек и отворени краеви. Нејзините краеви се расковани и имаат форма на стилизирани змиски глави.
Бабиќ 1974, 47, кат. бр. 106, сл. 106; Културно богатство 1976, 45, кат. бр. 71.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 167**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1166
Маркови Кули
Дијам. 4, 5 см.
Бронза, лиење.

Полнолиена гривна со конвексен пресек. Надворешната површина е декорирана со сверично изведени полиња.
Манева 1992, 195, Т.51.59/4.
ЈНУ ИСК- Прилеп
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 168**
**Гривна**
**Инв. бр.** 129/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 5,8см, дијам. вн. 5,3 см, шир. 0, 8 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиена гривна со правоаголен пресек и со отворени краеви кои се лачно обликувани. Надворешната површина е декорирана со врежани хоризонтални и вертикални линии, поставени во симетрично распоредени ромбоидни и правоаголни полиња.
Кепеска 2008, 109, сл. 51, сл. 176.5, Т.IX.2, Т.XXXI.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 169**
**Гривна**
**Инв. бр.** 878
Маркови Кули.
Дијам. 5, 5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиена гривна која има правоаголен пресек. Краевите на гривната се отворени и благо заоблени. Надворешната површина е декорирана со врежување.
Манева 1992, 192, Т.53.58/12.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 170**
**Гривна**
**Инв. бр.** 879
Маркови Кули.
Дијам. 5,5 см, шир. 0,6 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна која има правоаголен пресек. Краевите на гривнатасе отворени и благо раскована. Надворешната површина е декорирана со врежување и пукнтирање.
Манева 1992, Т.53.58/13.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 171**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1437
Поткули, Варош
X – X III век
Дијам. 6,4 см,
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна со широко раскована, проширени и заоблени краеви. Сочувана е само една половина од гривна. Декорирана е со геометриски орнаменти, кругчиња, полукругчиња и со вертикални линии на лентенстиот дел.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 172**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1167
Маркови Кули.
Дијам. 5,5 см, шир. 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Фрагмент од полнолиена гривна која има правоаголен пресек. На надворешната површина од лентата има декорација од врежани прави и коси линии.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 173**
**Гривна**
**Инв. бр**. 676
Некропола, Маркови Кули, Варош.
Дијам.4,5 см.
Бронза, овање, врежување, пунктирање
Полнолиена гривна која има правоаголен пресек и одвоени, кружно проширени краеви кои се декорирани со коси линии.
Бабиќ 1974, 45, кат. бр. 96, сл. 96; Културно богатство 1976, 43, 45, кат. бр. 67, сл. 67; Манева 1992, 190, Т.44.57/41.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 174**
**Гривна**
**Инв. бр.** 648
Поткули.
Дијам. вн. 4,2 см, шир. 0,4 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна која има полукружен пресек. Краевите на гривната се плочести и отворени.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 175**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1169
Маркови Кули.
Дијам. 6,0 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиена гривна која правоаголен пресек и одвоени краеви кои плочесто завршуваат. Површината на гривната е декорирана со пластични ребра и врежани линии.
Манева 1992, 195, Т.52.59/5.

**Кат. бр. 176**
**Гривна**
**Инв. бр.** 81/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 50.

Дијам. 5,6 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна која има полукружен пресек и отворени расковани краеви.
Кепеска 1995, 44, Т.VII.50/3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 177**
**Гривна**
**Инв. бр.** 130/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 5,5 см, дијам. вн. 5,1 см деб. 0,3 см.
Бронза, лиење, исчукување, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна со неправилен полукружен пресек, Краевите се раскованi, отворени и порабени со по осум пунктирани точки, сместени во врежани кругови.
Кепеска 2008, 109, сл. 53, сл. 176.4, Т.X.1, Т.XXXI.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 178**
**Гривна**
**Инв. бр.** 677
Некропола, Маркови Кули, Варош.
Дијам. 5,5 см, шир. 0,6 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна со триаголен пресек на телото и раскованi, одвоени краеви кои се кружно завршени.Површината е декорирани со прави и цик цак линии.
Бабиќ 1974, 45, кат. бр. 97; Културно богатство 1976, 43, кат. бр. 65; Манева 1992, 188, 189, Т.55.57/11.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 179**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1069
Маркови Кули.
Дијам. 4,5 см,шир. 0,8см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна со триаголенпресек и отворени раскованi краеви во форма на трапез. Надворешната површина е декорирана со пунктирање и врежување.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 180**
**Гривна**
**Инв. бр.** 673
Некропола, Маркови Кули, Варош.
Дијам. 5,8 см.
Бронза, ковање, леење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна која има кружен пресек и одвоени краеви кои се кружно проширени и линеарно декорирани.
Културно богатство 1976, 45, кат. бр. 68; Манева 1992, 199, Т.50.61/33.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 181**
**Гривна**
**Инв. бр.** 653
Маркови Кули.
Диј. вн. 5 см, деб. на алка 0,4 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиена гривна со задебелени краеви, составена од фрагменти. Декорирана е со зарези кои можеби претставуваат змијски глави.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 182**
**Гривна**
**Инв. бр**. 649
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 5,0 см
Бронза, леење, врежување.
Полнолиена гривна која има има кружен пресек кој кон краевите преминува во правоаголно – конвексен. Краевите се отворени иплочесто оформени, на кои има декорација изведена со низа наврежани паралелни и вертикални линии.
Бабиќ 1974, 47, кат. бр. 107, сл. 107; Културно богатство 1976, 45, кат. бр. 70; Бабиќ 1986, 279, Т.63.1; Манева 1992, Т.52.61/32.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 183**
**Гривна**
**Инв. бр.** 650
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам.4,9 см.
Бронза, леење, ковање, врежување.
Полнолиена гривна со кружен пресек кој преминува во правоаголно – конвексен. Краевите се одвоени и плочесто оформени, а на нивната површина се изведени низа вертикални врежувања.
Бабиќ 1974, 48, кат. 108, сл. 109; Културно богатство 1976, 45, кат. бр. 69; Бабиќ 1986, 179, Т.63.2; Манева 1992, 198, Т.52.61/8.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 184**
**Гривна**
**Инв. бр.** 197/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 88.
Дијам. над. 7,9см,дијам. вн. 7,1 см, деб. 0,4 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиена гривна со кружен пресек и отворени краеви кои се зашилени и стилизирани во форма на змиски глави.
Кепеска 2008, 147, сл. 52, сл. 221.5, Т.X.2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 185**
**Гривна**
**Инв. бр.** 226/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 132.
Дијам. над. 4,6 см, дијам. вн. 4,2 см, деб.0,3 см.
Бронза, пунктирање.
Полнолиена гривна со отворени краеви и полукружен пресек на телото. Краевите завршуваат зашилено, површината им е декорирана со пунктирање. Едниот крај на гривната недостасува.
Кепеска 2008, 184, сл. 280.1, Т.IX.$_{4}$, Т.XXXII.$_{4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 186**
**Гривна**
**Инв. бр.** 652
Маркови Кули.
Дијам. вн. 4,2 см, деб. 0,4 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна со кружен пресек и отворени краевикои се прошируваат. Површината и е декорирана со длабоки вертикални и хоризонтални линии.
Манева 1992, 192, Т.52.$_{58/11}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 187**
**Гривна**
**Инв. бр.** 654
Маркови Кули
Дијам. вн. 4,8 см, деб. 0,3 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна која има кружен пресек на телото и отворени краеви кои завршуваат шилесто. Надворешната површина има декорација од по три вертикални зарези.
Манева 1992, 192, Т.51.$_{58/10}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 188**
**Гривна**
**Инв. бр.** 76/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 47.
Дијам. 5,9 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна со кружен пресек. Краевите се плочесто расковани, површината им е декорирана со втиснати точки.
Кепеска 1995, 40, Т.VII.$_{47/5}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 189**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1521
Поткули
Дијам. 5 , 6 см, деб. 0, 4 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна со кружен пресек со отворени краеви кои плочесто се прошируваат. Површината е декорирана со цик цак линии.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр.190**
**Гривна**
**Инв. бр.** /
Поткули.
Деб. 0,5 см
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна со кружен пресек, со отворени краеви кои се расковани во неправилно кружна форма. Површината и е украсена со пунцирања изведени со два концентрични круга со точка во средината, а врз телото има врежани линии.
Бабиќ 1986, 279, Т.63.$_{4}$; Манева 1992, 199, Т.56.$_{61/34}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 191**
**Гривна**
**Инв. бр.** 75/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 47.
Дијам. 6,0 см.
Бронза, пунктирање, врежување.
Полнолиена гривна со кружен пресек и одвоени лопатесто расковани краеви. Површината е декорирана со брановидни и прави линии.
Кепеска 1995, 40, сл.24б, Т.VII.$_{47/4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 192**
**Гривна**
**Инв. бр.**130/V
Трпчева црква, Мариово
Дијам. над. – 5,5 см, дијам. вн. 5,1 см, деб. 0,3 см.
Бронза, лиење, исчукување, врежување, пунктирање
Гривна со полн и неправилен кружен пресек. Краевите се расковани, отворени и се порабени со по осум пунктирани точки, сместени во врежани кругови.
Кепеска2008, 109,сл. 53, сл. 176.4, Т.Х.$_{1}$, Т.ХХХ.$_{4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 193**
**Гривна**
**Инв. бр.** 673
Некропола, Маркови Кули, Варош.
Дијам. 5,8 см.
Бронза, ковање, леење, врежување, пунктирање.
Полнолиена гривна со кружен пресек и одвоени краеви кои се кружно проширени и линеарно декорирани.

Бабиќ 1974, 45, кат. бр. 95, сл. 95; Културно богатство 1976, 45, кат. бр. 68; Бабиќ 1986, 279, Т.61.$_{1}$; Манева 1992, 190, Т.54.$_{57/43}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 194**
**Гривна**
**Инв. бр.** 674
Дебреште
Дијам. вн. 5,4 см, шир. на краевите 2,2 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна со кружен пресек и отворени краеви кои се плочесто раскована и проширени во форма на трапезоид. Површината им е декорирана со пунктирани точки.
Манева 1992, Т.54.$_{67/6}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 195**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1528
Градиште, с. Дебреште.
Дијам. 6,2 см.
Бронза, лиење.
Полнолиена гривна која има овален пресек со отворени, раскована краеви.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 196**
**Гривна**
**Инв. бр.** 97/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 18.
Дијам. над. 5,2см, дијам. вн. 4,6 см, деб. 0,4 см
Бронза, тордирање, исчукување.
Гривна со отворени краеви, изработена од два тељa, превиткани на половина при што формираат копци. Двата тељa се меѓусебно усукани така што формираат четирикратно тордирана плетенка.
Кепеска 2008, 81, сл. 127.3, Т.XI.$_{2}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 197**
**Гривна**
**Инв. бр.** 215/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 105.
Дијам. над. 5,8 см, дијам. вн. 4,8 см, деб. 0,5 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Гривна со отворени краеви изработена од масивен четворострукo усукан тељ со кружен пресек. Краевите се во вид на копци.
Кепеска 2008, 162, сл. 58, сл. 246.1, Т.XI.$_{3}$, Т.XXXI.$_{1}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 198**
**Гривна**
**Инв. бр.** 96/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 18.
Дијам. над. 5,4 см, дијам. вн. 4,7 см, деб. 0,4 см.
Бронза, тордирање, исчукување.
Гривна со отворени краеви изработена од два тељa, превиткани на половина при што формираат копци. Двата тељa се меѓусебно усукани така што формираат четирикратно тордирана плетенка.
Кепеска 2008, 81, сл. 57, сл. 127.4, Т.XI.$_{1}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 199**
**Гривна**
**Инв. бр.** 61/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 5,3 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна со отворени краеви, изработена од двојно впреден тељ.Краевите се во форма на копци.
Кепеска 1995, 34, сл. 16б.11, Т.VI.$_{38/11}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 200**
**Гривна**
**Инв. бр.** 58/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 6,0 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна, изработена од четирипати испреден тељ. Краеви се одвоени и оформени во вид на копци. Во средината завршуваат со два рамно засечени краеви од телот.
Кепеска 1995, 34, сл. 16б.8, Т.VI.$_{38/8}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 201**
**Гривна**
**Инв. бр.** 59/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам, 6,4 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна со отворени краеви изработена од четири пати впреден тељ. Краевите се во форма на копци. Во средината завршуваат со два рамно засечени краеви од телот.
Кепеска 1995, 34, сл. 16б.9, сл. 39, Т.VI.$_{38/9}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 202**
**Гривна**
**Инв. бр.** 655
Некропола, Маркови Кули, Варош
Дијам. 4,5 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна со отворени краеви изведена од два пара спирално впредени тељa. Краевите се во форма на копци.
Културно богатство 1976, 43, кат. бр. 66.

**Кат. бр. 203**
**Гривна**
**Инв. бр.** 662
Илино – Шаторов Камен.
Дијам. вн. 5, 2 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна со отворени краеви изработена од двојна свиткана жица која има кружен пресек. Краевите завршуваат во форма на копец.
Манева 1992, 211, Т.60.68/5.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 204**
**Гривна**
**Инв. бр.** 666
Маркови Кули.
Дијам. 5,5 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна со отворени краеви, кои имаат форма на јамка. Изработена е од два тељ, меѓусебно усукани во четирикратно тордирана плетенка.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 205**
**Гривна**
**Инв. бр.** 62/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 5,4 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна изработена од двојновпреден тељ која има одвоени краеви во облик на копци. Во средината завршува со по еден рамно засечен крај од тело.
Кепеска 1995, 34, сл.16б.12, Т.VI.38/12.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 206**
**Гривна**
**Инв. бр**. 60/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, Гроб 38.
Дијам. 6,0 см.
Бронза.
Тордирана гривна, изработена од четирикратновпреден тељ. Нејзините краеви се одвоени и се формирани во форма на копци. Во средината завршуваат со два рамно засечени краеви од телот.
Кепеска 1995, 34, сл.16б.10, Т.VI.38/10.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 207**
**Гривна**
**Инв. бр.** 663
Илино-Шаторов Камен.
Дијам.внатрешно 5,5 см, шир. 0,5 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна од двојно впредентељ со отворени краеви кои завршуваат во форма на јамки.
Манева 1992, 211, Т.60.68/6.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 208**
**Гривна**
**Инв. бр.** 667
Маркови Кули.
Дијам. вн. 5,0 см, деб. 0,4 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна изведена од два чифта свиени жици со отворени краеви во форма на јамки, едниот крај е фрагментиран.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 209**
**Гривна**
**Инв. бр.** 672
Некропола, Маркови Кули, Варош
Бронза, калибрирање, тордирање.
Дијам. 4,2 см.
Бронза, тордирање.
Гривна изведена од два пара спирално извиени жици. Нејзините краеви се одвоени и се свиткани во форма на копци.
Бабиќ 1974, 45, кат. бр. 93, сл. 93; Културно богатство 1976, 43, кат. бр. 672; Манева 1992, 192, кат. бр.58/14.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 210**
**Гривна**
**Инв. бр.** 668
Некропола, Маркови Кули, Варош
Дијам. 4,5 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривнаизведена од два пара спирално свиткани жици. Нејзините краеви се одвоени и имаат форма на копци.
Бабиќ 1974, 45, кат. бр. 92; Културно богатство 1976, 43, кат. бр. 63, сл. 63, Манева 1992, 192, Т.62.58/15.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 211**
**Гривна**
**Инв. бр.** 671
Маркови Кули.
Дијам. вн. 4,5 см, деб. 0, см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Гривна со отворени краеви во форма на јамки кои се оштетени. Изведена е од двојно свиени жици и една тенка меѓу нив.
Манева 1992, 190, Т.62.57/32.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 212**

**Гривна**
**Инв. бр.** 1061
Маркови Кули.
Дијам. 3,9 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна која има одвоени краеви, изработена е од еден чифт свиткани жици со краеви во форма на копци.
Необјавена.
**ЈНУ ИСК- Прилеп**

**Кат. бр. 213**
**Гривна**
**Инв. бр.** 68/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 43.
Дијам. 3,8 см.
Бронза, калибрирање, тордирање.
Тордирана гривна изработена од тенок двојноусукан бронзен тел. Краевите се одвоени и имаат форма на копци.
Кепеска 1995, 37, сл. 21.4,Т.VII.$_{43/4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 214**
**Гривна**
**Инв. бр.** 125/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 6,7см. дијам. вн. 5,5 см, деб. 0,6 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со кружен пресек изработена од монохромна црна стаклена паста.
Кепеска 2008, 109, сл. 176.7, Т.XII.$_{2}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 215**
**Гривна**
**Инв. бр.** 128/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 6,5см., дијам. вн. 5,4см, диј. на алка0,7 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со кружен пресек изработена од монохромна црна стаклена паста.
Кепеска 2008, 109, сл. 50, сл. 176.8, Т.XII.$_{1}$, Т.XXX.$_{5}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 216**
**Гривна**
**Инв. бр.** 126/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 6,5см, дијам. вн. 5,3 см, деб. 0,7 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со кружен пресек изработена од монохромна црна стаклена паста.
Кепеска 2008, 109, сл. 176.11, Т.XII.$_{4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 217**
**Гривна**
**Инв. бр.** 695
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 6,0 см, деб. 1,0 см.
Стаклена паста, лиење, сликање.
Стаклена гривна со кружен пресек изработена од монохромна црна стаклена паста. Надворешната страна е декорирана со бели нишки.
Бабиќ 1974, 51, кат. бр. 123; Културно богатство,1976, 47, кат. бр. 80; Бабиќ, 1986, 279, Т.66.$_{2}$, Талеска 1986, 216, црт. I/1; Манева 1992, 198, Т.70.$_{61/4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 218**
**Гривна**
**Инв. бр.** 683
Маркови Кули.
Дијам. вн. 5,1 см, деб. 0,7.
Стаклена паста.
Стаклена гривна од светлозелена паста која има кружен пресек и нееднаква дебелина на алката.
Манева 1992, Т.64.$_{58/17}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 219**
**Гривна**
**Инв. бр**. 682
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 4,7 см.
Стаклена паста, лиење.
Стаклена гривна со кружен пресек изработена од темно – виолетова паста.
Бабиќ 1974, 50, кат, бр. 121; Културно богатство 1976, 47, кат. бр. 78; Манева 1992, Т.64.$_{61/19}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 220**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1079
Маркови Кули.
Дијам. 6,0 см, деб. 0,7 см.
Стакленапаста.
Фрагмент од стаклена гривна со кружен пресекво сина боја.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 221**
**Гривна**
**Инв. бр.** 888
Маркови Кули.
Дијам. вн. 5,4 см, деб. 0,7 см.
Стаклена паста.
Фрагмент од гривна од црна стаклена паста која има кружен до хексагонален пресек.
Манева 1992, 193, Т.65.$_{58/19}$.
ЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 222**
**Гривна**
**Инв. бр.** 104/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 33.
Дијам. над. – 6,8 см, дијам. вн. 5,6 см, деб. 0,9 см.
Стаклена паста, тордирање.
Тордирана гривна со кружен пресек изработена од стаклена паста во светло зелена боја.
Кепеска 2008, 92, сл.47, 148.2, Т.XII.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 223**
**Гривна**
**Инв. бр.** 5/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 5.
Дијам. 6,7см.
Стаклена паста, тордирање.
Тордирана гривна изработена од темно сина стаклена паста со две вметнати бели нишки.
Кепеска 1995, 15, Сл. 2а,сл. 2б сл. 38, Т.I.2/5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 224**
**Гривна**
**Инв. бр.** 54
Црква Св.Атанас, Варош
XII - XIV век
Дијам. 5,5 см, деб. 0,8 см.
Стаклена паста, тордирање
Тордирана гривна со кружен пресек изработена од црна стаклена паста декорирана со црвени нишки.
Културно богатство 1976, 49,кат. бр. 88; Талеска, 1986, 217, црт. VII.1; Манева 1992, 201, Т.68.62/17.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 225**
**Гривна**
**Инв. бр.** 60
црква Св. Атанас, Варош.
Дијам. 3,4 см, деб. 0,5 см.
Стаклена паста, лиење.
Тордирана гривна изработена од зелена паста со декорација од бели нишки.
Културно богатство 1976, 47, кат. бр. 85, Талеск, 1986, 217, црт. VII/3; Манева 1992, 201, Т.68.62/15.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 226**
**Гривна**
**Инв. бр.** 911
Маркови Кули.
Деб. 0,8 см.
Стаклена паста.
Фрагмент од тордирана гривна која има кружен пресек, изработена од црна стаклена паста, по површината декорирана со нишки во црвена боја.
Манева 1992, 193, Т.68.58/29.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 227**
**Гривна**
**Инв. бр.** 59
Црква Св.Атанас, Варош.
Соч. дол. 3,0 см, деб. 0,6 см.
Стаклена паста, тордирање.
Тордирана гривна со кружен пресек, изработена од црна стаклена паста.
Културно богатство 1976, 49, кат. бр. 90; Талеска, 1986, 217, црт. VIII/3; Манева 1992, 201, Т.68.62/15.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 228**
**Гривна**
**Инв. бр.** 125
Црква Св. Никола, Варош.
Соч. дол. 3,5 см, деб. 0,6 см.
Стаклена паста, тордирање
Тордирана гривна која има кружен пресек, изработена од сина стаклена паста.
Културно богатство 1976, 47, кат. бр. 86; Манева 1992, 207. Т.68.65/9.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 229**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1197
Маркови Кули.
Деб. 0,7 см.
Стаклена паста, тордирање.
Фрагмент од тордирана гривна која има кружен прсек. Изведена е од стаклена паста во зелена боја.
Манева 1992, 193, 193, Т.68.58/27.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 230**
**Гривна**
**Инв. бр.** 924
Маркови Кули.
Соч. дол. 4,5 см, деб. 0, 5 см.
Стаклена паста.
Фрагмент од тордирана гривна која има кружен пресек. Фрагментот има црна боја со бели линии.
Манева 1992, 195, Т.68.59/10.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 231**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1060
Маркови Кули.
Соч. дол. 6,7 см, деб. 0, 6 см.

Стаклена паста.
Фрагмент од тордирана гривна која има кружен пресек. Основата на гривната е од светло зелена стаклена маса, со нишки од црвена, бела и жолта боја.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 232**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1067
Маркови Кули.
Соч. дол. 3,8 см, шир. 0,6 см.
Стаклена паста.
Фрагмент од тордирана гривна која има кружен пресек. Основата на гривната е од светло зелена боја стаклена паста, а површината е декорирана со нишки во бела боја.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 233**
**Гривна**
**Инв. бр.** 979
Маркови Кули, Главна порта.
Соч. дол. 2,2 см, деб. 0,6 см.
Стаклена паста.
Фрагмент од тордирана стаклена гривна од темно сина паста, декорирана со бели нишки.
Необјавена.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 234**
**Гривна**
**Инв. бр.** 3/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 2.
Дијам. 7,5 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со правоаголно конвексен пресек изработена од паста во темно сина боја.
Кепеска 1995, 15, сл. 2б.3,Т.I.$_{2/3.}$
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 235**
**Гривна**
**Инв. бр.** 74/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 47.
Дијам. 6,5 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна која има правоаголен пресек, со благо вдлабнување по средина. Изработена е од паста со темна мат боја.
Кепеска 1995, 40, сл. 24б.3, Т.VII.$_{47/3}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 236**
**Гривна**
**Инв. бр.** 6/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 2.
Дијам. 5, 7см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со правоаголен пресек и благо вдлабнета канелура подолжно по средината на обрачот. Изработена е од со темна мат боја.
Кепеска 1995, 15, Сл. 2а.6,Т.I.$_{2/6}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 237**
**Гривна**
**Инв. бр.** 4/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 4.
Дијам. 6,2 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со правоаголен пресек. Изработена од темна стаклена паста.
Кепеска 1995, 15, Сл. 2б.4,Т.I.$_{2/4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 238**
**Гривна**
**Инв. бр.** 2/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 2.
Дијам. 5,8 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со правоаголен пресек, изработена од темна мат стаклена паста, декорирана со една подолжна бела нишка.
Кепеска 1995, 15, сл. 2а/2.сл. 37,Т.I.$_{2/2}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 239**
**Гривна**
**Инв. бр.** 681
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 6,5 см, шир. 1,2 см.
Стаклена паста, лиење
Стаклена гривна со правоаголен пресек која по надворешната страна има рамномерно распоредени три канелури. Изработена е од темно – црвена стаклена паста.
Бабиќ 1974, 50, кат. бр. 120; Културно богатство 1976, 47, кат. бр. 77; Бабиќ, 1986, 285, Т.66.$_{9}$;Талеска, 1986, 217, црт. VI/1; Манева 1992, 198, Т.66.$_{61/14}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 240**
**Гривна**
**Инв. бр.** 684
Маркови Кули.
дијам. вн - 6,5 см, шир. 1,0 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со триаголен пресек, изработена од темно кафена паста.
Манева 1992, 193, Т.65.$_{58/25}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 241**
**Гривна**
**Инв. бр.** 127/V

Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 6,5см,дијам. вн. 5,5см, шир. 0,7 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со овален до квадратен пресек изработена од црна монохромна паста.
Кепеска 2008, 109, сл. 49, сл. 176.9, Т.XII.6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 242**
**Гривна**
**Инв. бр.** 1/V
Задна Река - Грмајте, Витолиште, гроб 2.
Дијам. 6,4см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со квадратен пресек, изработена од стакло во светло проѕирна зелена боја.
Кепеска, Прилеп, 15, сл. 2б.1, Т.I.$_{2/1}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 243**
**Гривна**
**Инв. бр.** 124/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 6,6 см,дијам вн. 5,5 см.
Стаклена паста, сликање.
Стаклена гривна со правоаголно конвексен пресек во облика н латинската буква “D” со по две плитки канелури по рабовите. Изработена е од црна, монохромна паста, на површина се забележуваат отисоци од сликана декорација на стилизирани флорални орнаменти и брановидни линии изведени со бела боја.
Кепеска 2008, 108, 109, Сл. 176.12, Т.XII.$_{7}$, Т.XXX.$_{4}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 244**
**Гривна**
**Инв. бр.** 696
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 7 см, шир. 1,7 см.
Стаклена паста, лиење.
Стаклена гривна со правоаголно – конвексен пресек, по рабовите има по една плитко вдлабена канелура. Изработена е од темно – сина паста. По надворешната површина изведена е декорација со светла боја.
Бабиќ 1974, 51, кат. бр. 122, сл. 123; Културно богатство 1976, 47, кат. бр. 79, сл. 81; Бабиќ 1986, 285, Т.66.$_{1}$; Талеска 217, црт. III/3; Манева 1992, Т.70.$_{61/5}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 245**
**Гривна**
**Инв. бр.** 123/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 53.
Дијам. над. 68мм, дијам. вн. 5,9 см, шир. 0,8 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со правоаголно конвексен пресек и со пластични задебелувања по рабовите, изработена од монохромна стаклена паста.
Кепеска 2008, 108, сл. 48, сл. 176.6, Т.XII.$_{5}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 246**
**Гривна**
**Инв. бр.** 685
Маркови Кули.
Дијам. вн. 5,7 см, шир. 0,7 см.
Стаклена паста.
Стаклена гривна со конвексен пресек, изработена од паста во темно кафеава боја.
Манева 1992, 193, Т.65.$_{58.24}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 247**
**Гривна**
**Инв. бр.** 680
Некропола, Поткули, Варош.
Дијам. 5,9 см, шир. 1,0 см.
Стаклена паста, лиење.
Стаклена гривна која има правоаголно – конвексен пресек. На средината од надворешната страна е прилепена нишка од бело стакло.
Бабиќ 1974, 50, кат. бр. 119, сл. 119; Културно богатство 1976, 45, кат. бр. 76; Бабиќ, 1986, 285, Т.66.$_{10}$; Талеска, 1986, 217, црт. V/2; Манева 1992, 198, Т.67.$_{61/13}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 248**
**Прстен**
**Инв. бр.** 452
Варош, гроб 22.
Дијам. 2,1 см, шир. 3,0 см.
Бакар, лиење, режење.
Прстен – алка со затворен обрач на чија површината се издлабени линии така што изгледа како истата да е тордирана.
Манева 1992, 196, Т.75.$_{60/4}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 249**
**Прстен**
**Инв. бр.** 1054
Маркови Кули, Варош.
Дијам. 2,0 см.
Бронза.
Прстен – алка со затворен обрач со не еднаква ширина.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 250**

**Прстен**
**Инв. бр.** 178/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 69.
Дијам. над. 2,2 см, дијам. вн. 2,0 см, шир.0,4 см.
Бронза, ковање.
Прстен – алка со затворен обрач со деформирана кружна форма.
Кепеска 2008, 124, сл. 62, 199.1, Т.XIII.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 251**
**Прстен**
**Инв. бр.** 192/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 89.
Дијам. над. 2,0 см, дијам. вн. 1,8 см, шир. 0,3 см.
Бронза.
Прстен - алка со затвроен обрач.
Кепеска 2008, 148, 149, сл. 221.1, Т.XIII.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 252**
**Прстен-алка**
**Инв. бр.** 150/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 50.
Дијам. над. 2,1см, дијам. вн. 1,7см. деб. 0,2см.
Бронза.
Прстен алка со затворен обрач изработена од тељ со кружен пресек.
Кепеска 2008, 114, сл. 59, 178.3, Т.XIII.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 253**
**Прстен**
**Инв. бр.** 85/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 10.
Dијам. над. 1,0 см, дијам. вн. 1,6 см, деб. 0,1 см.
Бронза, калибрирање.
Прстен – алка со отворен обрач изработен од тељ.
Кепеска 2008, 75, сл. 118.1, Т.XIII.5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 254**
**Прстен**
**Инв. бр.** 248/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 124.
Дијам. над. 2,2см, дијам. вн. 1,9 см, деб. 0,2 см.
Бронза
Прстен – алка со отворен обрач изработена од масивен тељ со кружен пресек.
Кепеска 2008, 178, сл. 90, 269.1, Т.XXI.8.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 255**
**Прстен**
**Инв. бр.** 32/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 25.
Дијам. 2,2 см.
Бронза.
Прстен-алка преклопени краеви, изработен од масивен бронзен тељ.
Кепеска 1995, 26, сл. 11.1, Т.IV.25/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 256**
**Прстен**
**Инв. бр.** 54/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 38
Дијам. 2,0 см
Бронза
Прстен – алка со отворен обрач и префрлени краеви, изработена од раскован тељ.
Кепеска 1995, 32, сл. 38.6, Т .VI.38/6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 257**
**Прстен**
**Инв. бр.** 8/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 2.
Дијам. 1,0 см.
Бронза.
Прстен – алка со отворен обрач изработен од масивен тељ со кружен пресек.
Кепеска 1995, 15, сл. 2а.8, Т.II.2/8.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 258**
**Прстен**
**Инв. бр**. 1228
Дебреште.
Дијам. 2,2 см.
Бронза, лиење, ковање.
Прстен изработен од тенка лентеста алка со отворени краеви.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 259**
**Прстен**
**Инв. бр.** 423
Варош.
Дијам. 1,9 см.
Бронза, лиење, ковање.
Прстен изработен од тенок лентест обрач со отворени краеви.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 260**
**Прстен**
**Инв. бр.** 87/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 13.
Дијам. над. 1,9 см, дијам. вн. 1,8 см, шир. 0,4 см.
Бронза, лиење, ковање.
Прстен - алка со отворени краишта, изработен од тенок лентест обрач, украсен по рабовите со плитки засеци.
Кепеска 2008, 76, 77, сл. 121.1, Т.XIII.8.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 261**
**Прстен**
**Ин. бр.** 437
Некропола, Поткули, Варош, гроб 21.
Дијам. 1,9 см, шир. на глава 1,2 х 1,4 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој се проширува во глава со неправилна елипсовидна форма декорирана со резови.
Бабиќ 1974, 39, кат. бр. 64, сл. 64; Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 36, сл. 36; Манева 1992, 200, Т.91.$_{61/41}$, Т.105.$_{61/41}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 262**
**Фрагмент од прстен**
**Инв. бр.** 229/V
Трпчева црква, с. Дуње, 122.
Шир. на глава 1,1 см. х 1,7 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Лентест прстен со отворен обрач кој се проширува во правоаголна глава украсена со врежан пентраграм, порабен со круг од пунктирани точки. Прстенот е делумно сочуван.
Кепеска,2008, 177, сл. 91, сл. 266.2, Т.XXII.$_{7}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 263**
**Прстен**
**Инв. бр.** 433
Маркови Кули, Варош, гроб 28.
Дија, 2,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со обрач кој се проширува во правоаголна глава. Главата е декорирана со врежани два човечки лика обрабени во шестоаголно поле.
Манева 1992, 189, Т.84.$_{57/21}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 264**
**Прстен**
**Инв. бр.** 101/V
Трпчева црква, с. Дуње, надвор од гробови.
Дијам. 1,9 см, дијам. вн. 1,7 см, шир. 0,6 до 0,9 см.
Бронза, ковање, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој постепено се проширува и формира рамна правоаголна глава. Надворешната површина е декорирана со врежани вегетабилни орнаменти.
Кепеска 2008, 196, Т.XXII.$_{9}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 265**
**Прстен**
**Инв. бр.** 421
Илино, Шаторов Камен.
пречник – 1,8 см., пречник на главата- 1,3 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој нагло преминува во кружна рамна глава во чие поле е изведена врежана декорација веројатно на стилизирана претстава на животно.
Културно богатство 1976, 35, кат. бр. 28, сл. 28; Манева 1992, 211, Т.87.$_{68/7}$, Т.106.$_{68/7}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 266**
**Прстен**
**Инв. бр.** 434
Маркови Кули, Варош, гроб 136.
Дијам. 1,9 см, .дијам. на главата 1,4 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој нагло преминува во кружна глава во која е врежана декорација со претстава на две стилизирани човечки претстави кои имаат крст меѓу нив. (Св. Константин и Елена)
Културно богатство 1976, 35, кат. бр. 26, сл. 26; Манева 1992, 191, Т.84.$_{57/51}$, Т.106.$_{57/51}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 267**
**Прстен**
**Инв. бр.** 425
Маркови Кули , Варош, гроб 21.
Дијам. вн. 1,7 см, дијам. на глава 1,3 см.
Бронза, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој преминуваво кружно оформена рамна глава, која е декорирана со стилизирана човечка фигура која наликува на архангел.
Манева 1992, 189, Т.85.$_{57/19}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 268**
**Прстен**
**Инв. бр.** 426
Маркови Кули, Варош.
Дијам. 1,9 см, Дијам. вн. 1,6 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој се проширува во кружна глава декорирана со врежани попречни линии.
Манева 1992, 193, Т.91.$_{58/36}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 269**
**Прстен**
**Инв. бр.** 435
Некропола, Поткули, Варош, гроб 16.
Дијам. над. 1,8 см, дијам на главата 0,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со нагласена глава која нагло се издвојува од обрачот. Главата има кружна форма, декорирана е со врежана еднолиниска, кружна рамка, а во средишниот дел има композиција од две фронтално поставени фигури кои стојат. Едната фигура е претставена

со крената рака над главата од другата фигура. Се претпоставува дека е сцената Крштевање.
Бабиќ 1974, 39, кат. бр. 63, сл. 63; Културно богатство 1976, 37, 39 кат. бр. 38; Манева 1992, 189, Т.84.57/16, Т.106.57/16.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 270**
**Прстен**
**Инв. бр.** 439
Маркови Кули, Варош, гроб 145.
Дијам. 2,1 см, дијам. на глава 1,3 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој се проширува во кружна глава. На главата е изведена декорација со стилизирана претстава на човек. (архангел)
Манева 1992, 191, Т.85.57/54.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 271**
**Прстен**
**Инв. бр.** 1520
Поткули, Варош, гроб 30.
Дијам. 2,0 см, дијам.на главата 1,5 см.
Бронза, лиење, исчукување.
Лентест прстен со отворен обрач чии краеви се преклопени. Обрачот постепено се проширува во глава со овална форма која е потенцирана со пунктирана кружна рамка. Главата е декорирана со права вертикална линија на едната страна, во средината стоечка фигура и на другата страна има уште една вертикална линија.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 272**
**Прстен**
**Инв. бр.** 428
Некропола, Маркови Кули, гроб 205.
Дијам. 2,0 см, дијам. на главата 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач и преклопени краеви. Обрачот преминува во елипсовидна плочеста глава, на која има врежан рамнокрак крст.
Бабиќ 1974, 36, кат. бр. 51; Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 30; Манева 1992, 191, Т.91.57/61.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 273**
**Прстен**
**Инв. бр.** 429
Варош, гроб 7.
Дијам. 1,7 см, дијам. на глава 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој преминува во елипсовидна глава на која има врежано човечка фигура.
Бабиќ 1974, 38, кат. бр. 62; Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 39; Манева 1992, 197, Т.84.61/2, Т.106.61/2.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 274**
**Прстен**
**Инв. бр./**
Страгата, с. Крушевица, гроб 7.
Дим. 2,0 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полно лиен прстен со рамна проширена глава. На главата во кружено поле има врежана декорација на осум крака ѕвезда.
Миткоски, 2002, 18, Т. V4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 275**
**Прстен**
**Инв. бр.** 443
Некропола, Варош.
Дијам. 1,6 см.
Бронза, лиење.
Лентест прстен со отворен обрач кој преминува во елипсовидна глава.
Манева 1992, 192, Т.57/62.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 276**
**Прстен**
**Инв. бр.** 94/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 18.
Дијам. над. 2,4 см, дијам. вн. 2,0 см, шир. на глава 1,2 x 1,8 см.
Бронза.
Лентест прстен со масивен отворен обрач кој преминува во плочеста глава со елипсовидна форма.
Кепеска 2008, 81, сл. 127.2, Т.XXII.5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 277**
**Прстен**
**Инв. бр.** 141
Црква св. Никола, Варош, гроб 8.
Дијам. 1,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со обрач со триаголен пресек и плочеста елипсовидна глава, на која е изведена декорација од врежани линии.
Манева 1992, 207, сл. 24, Т.90.65/1.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 278**
**Прстен**
**Инв. бр.** 162
Црква Св. Никола, Варош.
Дијам. 1,9 см. пречник на главата 1,1 x 0,9 см.
Бронза, лиење, врежување.

Полнолиен прстен со обрач кој има биконвексен пресек и три задебелуања преку кој преминува во елипсовидна плочеста глава декорирана со врежан мотив на рибина коска.
Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 33; Манева 1992, 207, Т.90.$_{65/10}$, Т.104.$_{65/10}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 279**
**Прстен**
**Инв. бр.** 436
Поткули, Варош, гроб 72.
Дијам. 1,8 см, дијам. на глава 1,1 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен кој има четириаголен пресек на обрачот, кој постепено се проширува и формира глава со елипсовидна форма. На главата има декорација од врежана човечка фигура во орантен став.
Манева 1992, 199, Т.84.$_{61/20}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 280**
**Прстен**
**Инв. бр.** 409
Св. Димитрија, Варош.
Дијам. 1,5 см, дијам. на глава 1,0 см
Сребро, лиење.
Полнолиен прстен со обрач кој преминува во глава со овална форма.
Манева 1992, 203, Т.76.$_{63/9}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 281**
**Прстен**
**Инв. бр.** 146
Црква св. Никола, Варош.
Дијам. 1,9 см, дијам. на главата 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Лентест прстен со обрач со биконвексен пресек кој преминува во зарамнета, кружна глава која е декорирана со врежани, шрафирани полиња, имитирајќи фасетиран камен.
Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 41; Манева 1992, Т.90.$_{65/6}$, Т.105.$_{65/6}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 282**
**Прстен**
**Инв. бр**.408
Црква св. Димитрија, Прилеп.
Дијам. 2,4 см, дијам. на глава 2,0 см.
Бакар, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со обрач кој има правоаголно конвексен пресек. Главата е кружна, плочеста декорирана со шестокрака ѕвезда во медалјон.
Културно богатство 1976, 43, кат. бр. 58, сл. 58; Манева 1992, 204, Т.95.$_{63/22}$, Т.105.$_{63/22}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 283**
**Прстен**
**Инв. бр.** 438
Поткули Варош, гроб 15.
Дијам. 1,8 см, дијам. на глава 1,4 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со правоаголно конвексен пресек кој преминува во елипсовидна плочеста глава на која има врежан орел со раширени крилја.
Бабиќ 1974, 39, кат. бр. 65, сл.65; Културно богатство 1976, стр. 37, кат. бр. 35; Манева 1992, 198, Т.86.$_{61/7}$, Т.106.$_{61/7}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 284**
**Прстен**
**Инв. бр.** 432
Некропола, Маркови Кули.
Дијам. 2,2 см, дијам. на глава 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со обрач со елипсовиден пресек кој нагло преминува во кружна, плочеста глава со врежана декорација во форма на стилизиран двоглав орел.
Бабиќ 1974, 36, кат. бр. 52, сл. 52; Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 29, сл. 29; Манева 1992, 191, Т.86.$_{57/55}$, Т.106.$_{57/55}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 285**
**Прстен**
**Инв. бр.** 142
Црква св. Никола, Варош, гроб 114.
Дијам. 2,0 см, дијам. на глава 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување
Полнолиен прстен со обрачат кој има две овални проширување пред да премине во глава со елипсовидна форма.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 286**
**Прстен**
**Инв. бр.** 404
Св. Димитрија, Варош.
Шир на глава 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Фрагмент од полнолиен прстен, чиј обрач преминува го крупна плочеста глава со квадратна форма. На главата е преставена стилизирана човечка фигура со ореол околу главата. (веројатно се две фигури). На рамењата се наизменично поставени надолжни ребра и канелури.
Манева 1992, 203, Т.84.$_{63/14}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 287**
**Прстен**

**Инв. бр.** 140/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,9см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со обрач кој има правоаголно конвексен пресек и ниска конусна глава на која има мало задебелување на врвот во форма на гранула.
Кепеска 2008, 112, сл. 82, сл. 177.5, Т.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 288**
**Прстен**
**Инв. бр.** 136/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54.
Вис. 2,6 см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување
Полнолиен прстен кој има правоаголно конвексен пресек и благо издигната глава. Надворешната површина е декорирана со коси врежани линии.
Кепеска 2008, 111, сл. 61, сл. 177.7, Т.XIII.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 289**
**Прстен**
**Инв. бр**.230/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 121.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со високо издигната четвртеста глава. Обрачот е со правоаголен пресек кој на рамењата се проширува и преминува во испакнатата глава, која е декорирана со две вкрстени врежани линии.
Кепеска 2008, 174, сл. 85, сл. 265.9, Т.XIX.8, Т.XXXV.5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 290**
**Прстен**
**Инв. бр.** 228/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 122.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 2,1 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со високо издигната четвртеста глава која е истовремено лиена со обрачот.
Кепеска 2008, 177, сл. 266.1, Т.XIX.7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 291**
**Прстен**
**Инв. бр.** 242/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 121.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со издигната глава. Обрачот е со правоаголно конвексен пресек кој во рамењата преминува во масивна, двојно профилирана глава со елипсовидна основа, и горна кружна плочеста површина која е декорирана со мрежест орнамент од врежани линии.
Кепеска 2008, 175, сл. 86, сл. 265.18, Т.XIX.9.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 292**
**Прстен**
**Инв. бр.** 218/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 112.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 1,9 см,шир. на глава 0,4 x 0,7 см.
Бронза, лиење, пунктирање, врежување.
Полнолиен прстен со нагласена, рамно засечена четирилистна глава, односно глава која има форма на крст. Главата е декорирана со втиснати кругови со пунктирани точки во средината.
Кепеска 2008, 167, сл. 93, сл. 255.1, Т.XXII.2, Т.XXXV.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 293**
**Прстен**
**Инв. бр.** 37/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 31.
Дијам. 2,5 см.
Бронза.
Полнолиен прстен со високо издигната рамно засечена глава со четирилистна форма или рамнокрак крст. Декорирана со пунктирани точки во секој од краците.
Кепеска 1995, 31, сл. 36, Т.V.31/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 294**
**Прстен**
**Инв. бр.** 219/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 112.
Вис 2,2 см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, лиење, пунктирање, врежување.
Полнолиен прстен со издигната четирилистна глава, оштетен од долга употреба. Главата е декорирана со пунктирани точки.
Кепеска 2008,167, сл. 255.2, Т.XXII.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 295**
**Прстен**
**Инв. бр.** 146/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 61
Вис. 2,3см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со издигната, рамно засечена глава со неправилна четирилистнаформа, која е декорирана со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 118, 119, сл. 92, сл. 189.1, Т.XXII.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 296**
**Прстен**
**Инв. бр.** 148/V, гроб 62.
Трпчева црква, Мариово.
Вис. 2,1см., алка дијам. над., 2,1см, дијам. вн. 1,9см.
ширина – 0,2 до 0,5 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Тенка алка со правоаголно конвексен пресек. Во рамењата е проширена и преминува во плочеста елипсовидна глава која најверојатно била декорирана со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 120, сл. 90, 191-2, Т.XXII.6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 297**
**Прстен**
**Инв. бр.** 25/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 20.
Дијам. 2,0 см, шир. на глава – 1,5 x 1,0 см.
Бронза, врежување, пунктирање.
Полнолиен прстен со издигната, рамно засечена елипсовидна глава, на која има претстава на крилесто суштество. На долниот дел од обрачот има мало брадавичесто задебелување.
Кепеска 1995, 21, сл. 8.2, Т.IV.20/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 298**
**Прстен**
**Инв. бр.** 51/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 2,3 см.
Бронза, врежување, пунктирање.
Полнолиен масивен прстен со издигната рамно засечена елипсовидна глава на која е изведена претстава на стилизирано крилесто суштество.
Кепеска 1995, 32, сл. 16б.3, Т.VI.38/3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 299**
**Прстен**
**Инв. бр. /**
Страгата, с. Крушевица, гроб 20.
Дим. 2, 2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полно лиен прстен со рамна плочеста глава на која е врежана декорација во вид на осумкрака ѕвезда.
Миткоски, 2002, 18, Т.VIII,3
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 300**
**Прстен**
**Инв. бр.** 31/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 21.
Дијам. 2,4 см, шир. на глава 1,5 x 1,0 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со издигната елипсовидна плочеста глава.
Кепеска 1995, 23 сл. 21, Т.IV.21/3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 301**
**Прстен**
**Инв. бр.** 30/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 21.
Дијам. 2,5 см, шир. на глава 1,6 x 1,2 см.
Бронза, пунктирање, врежување.
Полнолиен прстен со рамна плочеста глава со елипсовидна форма. На главата со пунтирање и врежување е претставена стилизирана човечка фигура во стоечка положба, додека од левата страна од неа има претстава на животинска фигура, односно Аврам и неговата жртва.
Кепеска 1995, 23, сл. 35, Т. IV.21/2.
Dimitrova, Zorova, 2021, 156, fig. 3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 302**
**Прстен**
**Инв. бр.** 42/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 31.
Дијам. 2,3 см.
Бронза.
Полнолиен прстен со издигната купеста глава декорирана со втиснати точки.
Кепеска 1995, 31, сл.13.7, Т.V.31/7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 303**
**Прстен**
**Инв. бр.** 55/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 2,3 см
Бронза.
Полнолиен прстен со ниска купеста глава која е декорирана со четири втиснати кругчиња со точки.
Кепеска 1995, 32, сл.16б.1, Т.VI.38/1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 304**
**Прстен**
**Инв. бр.** 217/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 106.
Вис. 2,5 см, дијам. вн. 2 см.
Бронза, лиење, пунктирање, врежување.
Полнолиен прстен со издигната купеста глава која е плочесто зарамнета и декорирана со врежани кругови во средината со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 163, сл. 248.2, Т.XXI.5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 305**
**Прстен**
**Инв. бр.** 147/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 62.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 1,9 см.

Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со ниска купеста глава, рамно засечена, која има клинестизадебелувања од бочните страни. Главата и рамената се декорирани со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 119, сл. 87, 88, сл. 191.1, Т.XXI.7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 306**
**Прстен**
**Инв. бр.** 83/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 7
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 2,0 см, шир. на глава 1,7 x 0,8см.
Бронза,лиење, пунктирање
Полнолиен прстен со издигната рамна, елипсовидна глава, декорирана со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 72, сл. 104.1, Т.XXII.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 307**
**Прстен**
**Инв. бр.** 41/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 31.
Дијам. 2,2 см
Бронза.
Полнолиен прстен со издигната правоаголна глава.
Кепеска 1995, 31, сл. 13.6, Т.V.31/6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 308**
**Прстен**
**Инв. бр.** 419
Илино, Шаторов Камен.
Висина. 2,1 см, дијам. вн. 1 ,7 см, шир. на глава 0,8 x 1,3 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање
Полнолиенпрстен со благо издигната рамна глава на чија површина има врежана човечка претстава односно ангел.
Манева 1992, 211, Т.85.68/8.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 309**
**Прстен**
**Инв. бр.** 448
Св. Димитрија, Варош, гроб 5.
Дијам. 2,4 см.
Сребрен.
Полнолиен прстен со благо издигната глава со елипсовидна форма.
Манева 1992, 188, Т.76, Т.57/5.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 310**
**Прстен**
**Инв. бр.** 407
Св. Димитрија, Варош.
Вис. 1,9 см, дијам. вн 1,5 см, шир. на глава 1,2 x 0,5 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со благо издигната глава со овална форма.
Манева 1992, 203, Т.94.63/16.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 311**
**Прстен**
**Инв. бр.** 1526
Поткули, Варош, доцен среден век.
Дијам. 2,3 см, шир. на главата 1,4 x 1,2 см.
Бронза, лиење, исчукување.
Полнолиен прстен со благо издигната глава со правоаголен облик и заоблени агли, од обрачот одделена со по една длабока канелура на страните. Има врежана претстава која е непрепознатлива.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 312**
**Прстен**
**Инв. бр.** 422
Варош.
Дијам. 2,1 см.
Бронза.
Полнолиен прстен со благо издигната овална глава.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 313**
**Прстен**
**Инв. бр.** 340
Св. Атанас, Варош.
Дијам. 1,9 см.
Бакар.
Полнолиен прстен со благо нагласена глава која излегува од ширината на обрачот.
Манева 1992, 201, Т.76.62/18.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 314**
**Прстен**
**Инв. бр**. 1099
Маркови Кули, Варош.
Дијам. вн. 1,7 см, шир. на глава 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со благо нагласена елипсовидна форма која излегува од ширината на обрачот. Декорацијата на главата е со врежана животинска претстава на лав.
Манева 1992, 195, Т.87.59/12.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 315**
**Прстен**
**Инв. бр.** 396

Св. Димитрија, Варош.
Вис. 2,2 см, дијам. вн. 1, 7 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиен прстен со благо нагласена елипсовидна плочеста глава, која излегува од ширината на обрачот. На главата е изведена декорација со втиснати кругчиња со точки, распоредени во три полиња. (имитација на поскапи техники).
Манева 1992, 203, Т.89.$_{63/11}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 316**
**Прстен**
**Инв. бр.** 394
Св. Димитрија, Варош.
Дијам. над. 2,1 см, шир. на глава - 1,5 см, дијам. вн. 1,7 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање
Полнолиен прстен со благо издигната кружна глава декорирана со врежан флорален елемент односно стилизиран крин и низа точки околу него.
Манева 1992, 203, Т.88.$_{63/13}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 317**
**Прстен**
**Инв. бр.** 907
Св. Петар, Варош
Дијам. на глава 1,4 см.
Бронза, врежување, пунктирање, втиснување.
Фрагмент од полнолиен прстен од које е сочуван дел од обрачот и главата кој има овална форма, декорирана со точки и две линии кои ги разделуваат точките.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 318**
**Прстен**
**Инв. бр.** 430
Поткули, некропола, Варош, гроб 3.
Дијам. 1,9 см, шир. на глава 1,0 см.
Бронза, врежување.
Лентест прстен со отворен обрач кој преминува во кружно оформена рамна глава на која е изведена декорација од врежан круг со крст.
Манева 1992, 197, Т.91.$_{61/1}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 319**
**Прстен**
**Инв. бр.** 397
Св. Димитрија, Варош.
Дијам. 2,1 см, дијам. на глава 1,1 см.
Бронза.
Полнолиен прстен со нагласена кружна до овална глава која излегува од ширината на обрачот.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 320**
**Прстен**
**Инв. бр.** 1198
Варош, гроб 1.
Вис. 2,0 см, дијам. вн. 1,7 см, дијам. на глава 1,1 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со издината, нагласена, кружна глава на која е врежана декорација која е нејасна.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 321**
**Прстен**
**Инв. бр.** 424
Маркови Кули, Варош, гроб 110.
Вис. 2,1 см, дијам. вн. 1,7 см, дијам. на глава 1, 2 см.
Бронза, врежување.
Полнолиен прстен кој има нагласена кружна глава, која нагло излегува од ширината на обрачот. На главата е изведена декорација со крстолик мотив.
Манева 1992, 191, Т.88.$_{57/47}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 322**
**Прстен**
**Инв. бр.** 158
Црква св. Никола, Варош, гроб 158.
Дијам. 2,0 см, дијам на главата 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со силно нагласена, издигната кружна глава, чија површина е декорирана со мотив на цвет додека на рамењата има врежана спирала.
Културно богатство 1976, стр. 39, кат. бр. 42; Манева 1992, 207, Т.94.$_{65/15}$, Т.106.$_{65/15}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 323**
**Прстен**
**Инв. бр.** 346
Варош, гроб 31.
Вис. 2,3 см, шир. на глава 1,0 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со високо издигната, нагласена глава со елипсовидна форма. Од страната на главата има врежани линии.
Манева 1992, 189, Т.94.$_{57/23}$, Т.106.$_{57/23}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 324**
**Прстен**
**Инв. бр.** 343
Црква св. Атанас, Варош.

Вис. 2,5 с, дијам. 2,0 см, дијам на глава 1,3 см.
Бронза, лиење, врежување, позлата.
Полнолиен прстен со издигната силно нагласена глава со кружна форма. Главата е декорирана со спирали, подредени во два фриза. Рамењата се декорирани со вертикални зарези.
Културно богатство 1976, 41, кат. бр. 52; Манева 1992, 201, Т.93.$_{62/22}$, Т.106.$_{62/22}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 325**
**Прстен**
**Инв. бр.** 417
Црква св. Димитрија, Варош.
Дијам. 2,8 см, дијам. на глава 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со високо издигната кружна глава, на долниот дел од обрачот има брадавичестиздаток, слични задебелувања се појавуваат и на рамената. Главата е декорирана со мотив на спирала, додека рамената со вертикални, коси и хоризонтални зарези.
Културно богатство 1976, 41, кат. бр. 51, сл. 51; Манева 1992, 203, Т.95.$_{63/19}$. Т.106.$_{63/19}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 326**
**Прстен**
**Инв. бр**. 157
Црква, св. Никола, Варош
XII век
Дијам. 1,9 см, дијам. на главата 0,8 см.
Бронза, лиење, врежување
Полнолиен прстен со високо издигната, нагласена глава. На обрачот има три симетрично изведени задебелувања кои преминуваат во висока, истакната, тркалезна глава, имитирајќи фасетиран камен.
Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 32; Манева 1992, 207, Т.94.$_{65/14.}$
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 327**
**Прстен**
**Инв. бр./**
Црква Св. Никола, Манастир.
Вис. 2,2 см.
Полно лиен прстен со издигната елипсовидна глава и брадавичест издадок на долниот дел од обрачот.
Китаноски, 1986, 116, сл.2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 328**
**Прстен**
**Инв. бр**. 154
Црква св. Никола, Варош.
Доцен среден век.
Вис. 2 см, дијам. вн. 1,7 см шир. на главата 1,2 x 0,7 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен масивен прстен со благо издигната глава. На долниот дел од обрачот има брадавичест издаток.
Манева 1992, 208, Т.94.$_{65/16}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 329**
**Прстен**
**Инв. бр.** 155
Црква св. Јован, Варош.
Дијам. 2,0 см, шир. на глава 1,7 x 0,1 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со издигната елипсовидна глава и обрач со триаголен пресек. На површината од главата е изведена врежана претстава со нејасна содржина
Бабиќ 1986, Т.65.1; Манева 1992, 204, Т.94.$_{64/2}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 330**
**Прстен**
**Инв. бр**. 395
Црква Св. Димитрија, Варош.
Вис 2,5 см, дијам. вн. 1,8 см, шир. на глава 1,4 x 1,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со високо издигната елипсовидна глава која од страните има симетрични зарези како имитација на вметнат камен.
Манева 1992, 203, Т.94.$_{63/15}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 331**
**Прстен**
**Инв. бр.** 334
Црква Св. Атанас, Варош, гроб 10.
Дијам. 2,0 см, шир. на глава – 1,5 x 1,0 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со издигната масивна глава со елипсовидна форма која имитира вметнат камен. Површината е декорирана со врежан орнамент. (имитација на арапски запис).
Манева 1992, 200, Т.94.$_{62/5}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 332**
**Прстен**
**Инв. бр.** 153
Црква св. Никола, Варош, гроб 62.
Вис. 1,8 см, шир. на глава 1,8 x 0,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со издигната глава со елипсовидна форма. Површината на главата е декорирана во форма на четири гранчиња од палма поставени во круг.

Културно богатство 1976, 41, кат. бр. 54; Манева 1992, 207, сл. 24, Т.94.65/3, Т.106.65/3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 333**
**Прстен**
**Инв. бр.** 335
Св. Атанас, Варош.
Вис 2,3 см, дијам. вн. 1,8 см, шир. на глава 1,7 x 1,1 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен масивен прстен со издигната, нагласена глава со бадемест облик. Од обрачот, главата е одвоена со две надолжни линии, додека на горната површина е декорирана со врежана линеарна претстава со нејасна содржина. (имитација на турски запис)
Манева 1992, 200, Т.94.62/4.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 334**
**Прстен**
**Инв. бр.**150
Црква св. Никола, Варош, гроб 146.
Дијам. 2,0 см, шир. на глава 1,9 x 1,1 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со нагласена рамна глава која има бадемест облик. На површината од главата со врежување е изведена геометриска претстава.
Културно богатство 1976, 41, кат. бр. 150; Манева 1992, 208, Т.93.64/18, Т.106.64/18.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 335**
**Прстен**
**Инв. бр**. 149
Црква св. Никола, Варош, гроб 146.
Вис. 2,5 см,дијам. 2,0 см,.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со висока, силно нагласена глава со бадеместоблик. На преминот од обрачот кон главата има три врежани канелури.
Културно богатство 1976, 41, кат. бр. 57; Манева 1992, 207, Т.90.65/6; Т.105.65/6.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 336**
**Прстен**
**Инв. бр**. 414
Св. Димитрија, Варош.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,7 см, шир. на глава 1,6 x 0,7 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен масивен прстен со високо издигната, силно нагласена глава со долгнавест шестоаголен до бадемест облик. Површината на главата е декорирана во две надолжни полиња во кои се врежани цикцак линии.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 337**
**Прстен**
**Инв. бр.** 136
црква св. Никола, Варош.
Вис. 1,9 см, дијам. на главата 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување, исчукување, позлата.
Прстен со плочеста кружна глава залемена на тесен лентест обрач. Алката е декорирана со имитација на филигранска жица, а главата со втиснати кручкиња и врежани линии.
Културно богатство 1976, 35, кат. бр. 27; Манева 1992, 207, Т.89.65/12, Т.105.65/12.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 338**
**Прстен**
**Инв. бр**. 889
Варош.
Вис. 2,8 см, дијам. на глава 2 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Прстен со кружна плочеста глава залемена на тесен обрач. Површината на главата е декорирана со 7 радијално распоредени сегменти, околу централен круг.
Манева 1992, 193, Т. 89.58/33.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 339**
**Прстен**
**Инв. бр.** 338
Св. Атанас, Варош, гроб 10.
Вис. 2,0 см, дијам. вн, вн 1.8 см, дијам. на глава 1,6 см.
Бронза, лиење врежување.
Прстен со кружна плочеста глава која е налемена на тесен обрач. Површината на главата слично како кај претходниот прстен, со осум радијално распоредени полиња, организирани околу круг поставен во центарот.
Манева 1992, 200, Т.89.62/3.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 340**
**Прстен**
**Инв. бр.** 133
црква св. Никола, Варош.
Вис. 2,0 см, дијам. на глава 1,8 x 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Прстен со кружна плочеста глава залемена на тенок обрач. На главата, во кружна рамка, втиснати се кручкиња со пунктирање на средина, поставени во три фриза кои преку линии се одвоени меѓусебно.
Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 47; Манева 1992, 207, Т.89.65/13, Т.105.65/13.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 341**
**Прстен**
**Инв. бр.** 427

Маркови Кули.
Вис. 2,3 см, дијам. на главата 1,7 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со кружна плочеста глава залемена на тесен обрач. Површината на главата е декорирана со втиснати крукчиња и врежани линии.
Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 40; Манева 1992, 193, Т.89.$_{58/32}$, Т.105.$_{58/31}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 342**
**Прстен**
**Инв. бр.** 339
Св. Атанас, Варош, гроб 1.
Вис. 1,8 см, дијам. на глава 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Прстен со кружна плочеста глава залемена на тенок обрач. Главата е декорирана со три реда на точки и линии меѓу нив.
Манева 1992, 200, Т.89.$_{61/2}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 343**
**Прстен**
**Инв. бр.** 138
Црква св. Никола, Варош, гроб 7.
Вис. 1, 9 см, дијам. на глава 1,5 x 1, 3 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Прстен со плочеста кружна глава залемена на тесен обрач. Површината на главата е декорирана со девет втиснати крукчиња со пунктирана средина. Едно е поставено во средина а останатите радијално по работ. Разделени се со врежани линии кои формираат четиристрана ѕвезда.
Културно богатство 1976, стр. 39, кат. бр. 48, сл. 48; Манева 1992, 207, Т.89.$_{65/2}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 344**
**Прстен**
**Инв. бр**. 139
Црква св. Никола, Варош.
Вис. 2 см, дијам. вн 1,7 см, дијам. на главата 1,5 см .
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Прстен со кружна плочеста глава залемена на тесен обрач. Површината на главата е декорирана со седум втиснати кругови разделени во три низи, во бочните по два круга и во централната низа три.
Манева 1992, 200, Т.89.$_{62/2}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 345**
**Прстен**
**Инв. бр.** 347
Варош, гроб 37.
Вис. 2,1 см, дијам. на глава x 1,6 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со плочеста кружна глава залемена на тесен обрач. Главата е декорирана со врежана шестострана ѕвезда, а просторот внатре и надвор е исполнет со пунктирани точки и линии.
Манева 1992, 189, Т.95.$_{57/22}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 346**
**Прстен**
**Инв. бр.** 1447
Поткули, Варош, XIV – XV век
Дијам. на главата 1,7 см.
Бронза, врежување, лиење.
Прстен со плочеста глава залемена на тесен обрач. На површината од главата е изведена декорација од шест цик цак линиии врамени со единечни прави линии.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 347**
**Прстен**
**Инв. бр.** 447
Маркови Кули, Варош.
Дијам. на глава 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со кружна плочеста глава залемена на тесен обрач. На главата има врежана претстава на карикиран човечки лик, медуза или поверојатно ружа на ветрови.
Манева 1992, 193, Т.85.$_{58/33}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 348**
**Прстен**
**Инв. бр.**145
Црква св. Никола, Варош, гроб 97.
Вис. 1,8 см, дијам на главата 1,5 x 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со елипсовидна плочеста глава залемена на обрачот. Рабовите на главата се нарецкани, на површината во кружна рамка е изведен геометриски орнамент.
Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 34; Манева 1992, 208, 93.$_{65/19}$, Т.105.$_{65/19}$.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 349**
**Прстен**
**Инв. бр**. 446
Варош.
Вис. 2,1 см, дијам. вн. 1,8 см, шир. на глава 1,4 x 1,9 см.
Бронза, пунктирање, лиење.
Прстен со плочеста елипсовидна глава лиена заедно се тесниот обрач. Главата е декорирана со пунктирани и врежани кругчиња.
Манева 1992, 193, Т.89.$_{58/31}$.

ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 350**
**Прстен**
**Инв. бр.** 164
Црква св. Никола, Варош, гроб 78.
Вис. 2,1 см,дијам. на главата 1, 5см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со плочеста кружна глава, заедно лиена со обрачот, благо издигната над него. Површината на главата е декорирана со мотив на шрафирано поле. На рамената има вертикални зарези.
Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 45, сл. 45; Манева 1992, 207, Т.90.65/5, Т.105.65/5.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 351**
**Прстен**
**Инв. бр.** 271
Св. Атанас, Варош.
Вис. 1,9 см, дијам. на глава 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со кружна плочеста глава, заедно лиена со тесниот обрачот, благо издигната над него. На долниот дел обрачот има брадавичест издаток. На главата се врежани кратки цртички и линии.
Манева 1992, 211, Т.93.67/9.
ЗЗИМ-ПРилеп

**Кат. бр. 352**
**Прстен**
**Инв. бр.** 402
Црква св. Димитрија, Варош.
Вис. 2,0 см, дијам. на глава 0,8 см.
Сребро, лиење, врежување.
Прстен со мала кружна глава залемена на тесниот обрач. Работ на главата од прстенот е декориран со радијално изведени зарези, додека во центарот има монограм на Исус Христос во медалјон.
Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 44; Манева 1992, 203, Т.88.63/12, Т.106.63/12.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 353**
**Прстен**
**Инв. бр**.121
Црква св. Јован, Варош.
вис. 2,5 см, шир. на глава 1,3 x 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со плочеста глава во форма на стилизиран цвет, заедно лиена со обрачот. Главата е исполнета со врежување на коси вкрстени линии и шрафури. Рамената од прстенот исто така се декорирани со зарези.
Културно богатство 1976, 43, кат. бр. 121; Манева 1992, 205, Т.95.64/3, Т.106.64/3.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 354**
**Прстен**
**Инв. бр.** 161
Црква св. Јован, Варош.
Вис. 2,2 см, шир. на глава 1,0 x 0,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со плочеста квадратна глава заедно лиена со обрачот кој благо го надвиснува. Плочестата површина е декорирана со квадратно поле, исполнето со шрафури. На рамената има хоризонтални зарези.
Културно богатство 1976, 39, кат. бр. 46; Бабиќ 1986, Т.65.2; Манева 1992, 205, Т.92.64/4, Т.105.64/4.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 355**
**Прстен**
**Инв. бр.** 405
Црква св. Димитрија, Варош.
Вис. 2,2 см, дијам. на главата 1,0 x 0,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со квадратна плочеста глава залемена на тесен обрач. На главата има декорација изведена со коси и вертикални зарези.
Културно богатство 1976, стр. 39, кат. бр. 43; Манева 1992, 203, Т.90.63/10, Т.105.61/10.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 356**
**Прстен**
**Инв. бр.** 331
Св. Атанас, Варош.
Дијам. 2,4 см,дијам. вн 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Прстен со ромбовидна плочеста глава заедно лиена со обрачот кој има полукружен пресек. Главата е декорирана со пет втиснати точки и четиристрана врежана ѕвезда. Обрачот од надвор има коси зарези со кои се постигнува ефект на тордирање.
Манева 1992, 201, Т.89.62/21.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 357**
**Прстен**
**Инв. бр.** 332
Св. Атанас, Варош.
Вис. 1,9см дијам. на глава 1,1 см.
Бакар, лиење, врежување.
Прстен со ромбовидна плочеста глава заедно лиена со обрачот. Аглите на главата се доста излижани, површината е декорирана со шест втиснати точки и неколку криви линии.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 358**
**Прстен**
**Инв. бр**. 440

Маркови Кули, Варош, гроб 142.
Вис. 2,2 см, дијам. на глава 1,6 см.
Бронза, лиење.
Прстен со шестострана рамна глава, која е заедно лиена со обрачот. Претставата со која што е декорирана главата е оштетена.
Манева 1992, Т.95.57/53.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 359**
**Прстен**
**Инв. бр.** 410
Св. Димитрија, Варош
Вис. 2,0 см, дијам. вн. 1,5 см, дијам. на глава 2,0 см.
Бронза, лиење, фасетирање.
Прстен со осмострана глава заедно лиена со обрачот. Главата е поделена во пет полиња, едно кружно во средина и четири со форма на трапезоид околу. Овие полиња веројатно служеле за фасетирање, но украсните камења се отпаднати.
Манева 1992, 204, Т.95.63/23.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 360**
**Прстен**
**Инв. бр.** 450
Варош, гроб 32.
Вис 2,7 см, дијам. над. 2,6 см, шир. на глава 1,7 x 1,4 см.
Сребро, лиење, врежување.
Прстен со глава во вид на превртен, засечен конус, заедно лиен со обрачот. На алката се врежани паралелни подолжни линии, додека на горната површина од главата се втиснати кругчиња.
Манева 1992, 196, Т.92.60/5.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 361**
**Прстен**
**Инв. бр.** 134/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54
Вис. 2,5 см, дијаметар вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со нагласени рамења и издигната конусна глава. На врвот од главата има издигнување кое имитира скапоцен камен. Од бочните страни на главата има по едно клинесто задебелување. Просторот помеѓу главата и рамењата е исполнет со врежани линии кои прават форма на рибина коска.
Кепеска 2008, 112, Сл.83, сл. 177-6, Т.XIX.5, Т.XXXV.6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 362**
**Прстен**
**Инв. бр. 135**/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54.
Вис. 2,5 см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со нагласени рамења и глава која е ниска, конусна и рамно засечена. Рамењата и бочните страни на главата имаат декорација од врежани линии со мотив на рибина коска, додека на горната површина на главата врежани се две вкрстени линии.
Кепеска 2008, 112, Сл. 177.4, Т.XX.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 363**
**Прстен**
**Инв. бр.** 205
Непознато
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување
Полнолиен прстен со нагласени рамења и глава чиј врв е издигнат во форма на квадар. Од страна на главата има клинести издатоци. Просторот под рамењата е декориран со попречно врежани линии.
Културно богатство 1976, 35, кат. бр. 25;
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 364**
**Прстен**
**Инв. бр**. 206
Откупен.
Вис. 2,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со нагласени рамења и глава. На врвот од главата има издаток во форма на квадар додека на бочните страни по едно клинесто задебелување.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 365**
**Прстен**
**Инв. бр.** 173/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 71.
Вис. 2,7 см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со нагласени рамења и глава. На врвот има плочест шестостраниздаток како имитација на украсен камен.
Кепеска 2008, 127, сл. 84, сл. 201.7, Т.XIX.6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 366**
**Прстен**
**Инв. бр.** 206/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 93.
Вис. 2,2 см, дијаметар вн. 1,7 см.
Сребро, лиење.
Полнолиен прстен со нагласени рамења и ниска пирамидална глава која на врвот е рамна.
Кепеска 2008, 153, сл. 226.4, Т.XIX.4.

ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 367**
**Прстен**
**Инв. бр.** 99/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 21.
вис. 2,2 см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и конусна глава. На рамењата изведена е декорација со врежани линии.
Кепеска 2008, 83, сл. 81, сл. 133.1, Т.XXI.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 368**
**Прстен**
**Инв. бр.** 105/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 26
Вис. 2,3 см, дијам вн. 1,9 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и глава. Рамењата се во вид на подолжни ребрести задебелувања.
Кепеска 2008, 87, 88, сл. 141.2, Т.XXI.6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 369**
**Прстен**
**Инв. бр**. 117/V
Трпчева црква, с. Дуње.
Вис. 2,4см, дијам. вн. 1,7 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и глава. Рамењата се во вид на подолжни ребра поставени на обрачот, додека главата во вид на пресечена купа, која од бочните страни има клинести задебелувања. Главата и рамењата се декорирани со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 196, Т.XX.5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 370**
**Прстен**
**Инв. бр**.216/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 106.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 1,7 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и глава. Главата на прстенот е издигната и рамно засечена, на бочните страни има по едно клинест издаток, додека површината и е декорирана со пунктирани точки. Рамењата се изведени со по едно подолжно ребресто задебелување.
Кепеска 2008, 163, сл. 248.1, Т.XX.6.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 371**
**Прстен**
**Инв. бр.** 110/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 40.
Вис. 2,3см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и издигната глава. Рамењата се подолжни ребрести задебелувања на обрачот. Главата е издигната и рамно пресечена, чија површина е декорирана со пунктирање.
Кепеска 2008, 96, сл. 155.3, Т.XX.8.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 372**
**Прстен**
**Инв. бр.** 107/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 36.
Вис. 2,2 см, дијаметар вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и издигната глава. Рамењата се во вид на ребрести задебелувања на обрачот, додека главата е издигната и засечена, чија горна површина е декорирана со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 94, сл. 151.1, Т.XX.2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 373**
**Прстен**
**Инв. бр.** 84/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 8.
Вис. 2,5 см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза. лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и издигната глава. Рамењата се во вид на ребрести задебелувања на обрачот, додека главата е ниска рамно засечена и декорирана со втиснати кругови кои се пунктирани во средината.
Кепеска 2008, сл. 73, сл. 116.1, Т.XX.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 374**
**Прстен**
**Инв. бр.** 202
Непознато.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,7 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и издигната глава. Главата е засечена и декорирана со четири втиснати и пунктирани крукчиња, организирани во форма на крст.
Културно богатство 1976, 35, кат. бр. 24; Манева 1992, 214, Т.77.п/1, Т.105.п/1.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 375**
**Прстен**
**Инв. бр.** 108/ V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 40.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 2см.
Бронза, лиење, пунктирање.

Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и издигната глава. Рамењата се во вид на задебелувања на обрачот, главата е ниска и рамно засечена.
Кепеска 2008, 96, сл. 155.4, Т.XX.3.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 376**
**Прстен**
**Инв. бр.** 221/V
Трпчева црква, Мариово.
Вис. 2,2 мм, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и глава. Главата е ниска, плочеста, декорирана со пунктирани точки.
Кепеска 2008, 154, сл 228.1, Т.XX.7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 377**
**Прстен**
**Инв. бр.** 249/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 126.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Полнолиен прстен со слабо нагласени рамења и глава. Од нагласените ребрести задебелувања на рамената преминува во плочеста четвртеста глава. Површината на главата е декорирана со четири пунктирани точки, а од бочните страни со по едно брадавичести задебелувања.
Кепеска 2008, 180, сл. 88, сл. 273.1, Т.XX.9.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 378**
**Прстен**
**Инв. бр.** 56/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Дијам. 2,5 см, шир. на. глава 1,6 x 1,1 см.
Бронза, лиење, пунктирање.
Прстен со слабо нагласени рамења и рамно засечена глава која е декорирана со втиснати точки.
Кепеска 1995, 32, сл. 16б.5, Т.VI.38/2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 379**
**Прстен**
**Инв. бр.** 165
Црква св. Никола, Варош.
Вис. 1,5 см.
Бронза, лиење,пунктирање.
Прстен со слабо нагласени рамења и ниска рамна глава. Бочно од главата има тенки ребрести издатоци. Рамењата не се воедначени.
Манева 1992, 207, Т.97.65/4.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 380**
**Прстен**
**Инв. бр.** 401
Црква, Св. Димитрија, Варош, гроб 45.
Дијам. 2 см.
Бронза, лиење, пунктирање, фасетирање.
Прстен со нагласена расчленета глава и рамења. Тенкиот обрач на прстенот преминува во тркалезна глава со фасетиран белузлав камен. На секоја страна од рамењата се изведени по три рељефни полусфери со пунктирани крукчиња во средина.
Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 37; Манева 1992, 202, 203, Т.83.63/4.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 381**
**Прстен**
**Инв. бр.** 53/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Вис. 2,3 см.
Бронза, лиење.
Прстен со тричлена разделба на главата. Обрачот е со лачен пресек кој преминува во глава со ромбоиден облик. Од двете страни на главата по три псевдо гранули, додека централната рамна површина е декорирана си втиснати точки.
Кепеска 1995, 32, сл.16б.4, Т.VI.38/5.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 382**
**Прстен**
**Инв. бр.** 40/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 31.
Вис. 2,2 см.
Бронза, лиење.
Прстен со тричлена разделба на главата. Обрачот со лачен пресек преминува воглава со ромбоиден облик, декорирана со втиснати точки и со по едно четири-зрнесто задебелување од страните.
Кепеска 1995, 31, сл.13.5, Т.V.31/5
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 383**
**Прстен**
**Инв. бр.** 9/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 2.
Вис. 2,1 см.
Бронза, лиење.
Прстен со тричлена разделба на главата. Алката има кружен пресек кој преминува во глава ромбоиден облик, декорирана со втиснати точки и зрнести задебелувања од страните.
Кепеска 1995, 15, сл. 32, Т.II.2/9.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 384**
**Прстен**
**Инв. бр.** 39/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 31.
Вис. 2,3 см.

Бронза, лиење.
Прстен со тричлена разделба на главата. Алката има лачен пресек кој преминува во глава со ромбоиден облик која е декорирана со втиснати точки и со по едно четири-зрнесто задебелување на страните.
Кепеска 1995, 31, сл. 31, Т.V.31/4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 385**
**Прстен**
**Инв. бр.** 52/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 38.
Вис. 2,2 см.
Бронза, лиење, втиснување.
Прстен со тричлена разделба на главата. Алката има лачен пресек и преминува во глава ромбоиден облик која има декорација од втиснати точки и со по едно четири-зрнесто задебелување од страните.
Кепеска 1995, 32, сл. 16б.4, Т.VI.38/4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 386**
**Прстен**
**Инв. бр.** 247/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 124.
Вис 2,4 см, дијам. вн. 1,8см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Алка со кружен пресек кој во рамената се проширува во масивна глава со тричлена разделба. Главата е со ромбоиден плочест облик декорирана со пунктирани точки.Од бочните страни е фланкирана со четири-зрнести задебелувања.
Кепеска 2008, 178, сл. 94, сл. 269.2, Т.XXI.8.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 387**
**Прстен**
**Инв. бр.** 166
црква св. Никола, Варош.
Вис. 2,0 см, дијам. на глава 1,5 см.
Бронза, лиење, врежување.
Прстен со издигната плочеста глава и нагласени рамења. Главата од обрачот е одделена преку низок врат, на површината е порабена со врежана кружна рамка во која е вметнат орнамент со форма на крст.
Културно богатство 1976, 41, кат. бр. 50, сл. 50; Манева 1992, Т.92.65/17.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 388**
**Прстен**
**Инв. бр.** 348
Варош.
Дијам. на глава 1,4 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со високо издигната глава. Обрачот е масивен со врежани плитки резови и благо нагласени рамења. Главата е во вид на превртен засечен конус со површина во форма на цвет и двојно врежан „S“ мотив, а полето околу исполнето со коси и плитки шрафури.
Манева 1992, 190, Т.92.57/27.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 389**
**Прстен**
**Инв. бр.** 201
Откупен.
Вис. 2,4 см.
Железо.
Масивен прстен, со глава во вид на превртен, засечен конус и благо нагласени рамења.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 390**
**Прстен**
**Инв. бр.** 147
Црква св. Никола, Варош, гроб 9.
Вис. 2,2 см, дијам. на глава 1,4 x 1,2 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со високо издигната глава која со обрачот е сврзана преку висок цилиндричен врат. Главата има кружна до елипсест облик на која е врежан стилизиран цвет, додека на рамењата мотив од рибина коска.
Културно богатство 1976, 43, Манева 1992, 205, Т.92.64/5, Т.105.64/5.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 391**
**Прстен**
**Инв. бр.** 398
Св. Димитрија, Варош.
Вис. 2,9, дијам. на глава 1,3 x 1,1 см.
Бронза, лиење.
Полнолиен прстен со високо издигната глава која со обрачот е споена преку висок цилиндричен врат.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 392**
**Прстен**
**Инв. бр.** 389
Св. Димитрија, Варош.
Вис. 3 см.
бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со ниско спуштени рамења нагласени со три задебелувања и високо издигната глава во вид на превртен конус, споена за обрачот преку долг врат. Декорацијата на вратот и алката е изведена од врежани коси и прави линии, а на главата има врежан крст.

Манева 1992, 203, 92.63/20.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 393**
**Прстен**
**Инв. бр.** 413
Св. Димитрија, Варош.
Вис. 2,8 см, шир. на глава 1,1 см.
Бронза, лиење, врежување.
Полнолиен прстен со високо издигната глава во вид на превртена пирамида. Од двете страни на обрачот, покрај главата има по три зарези. Главата е декорирана со линии и нејасна претстава.
Необјавен.
ЈНУ ИСК- Прилеп

**Кат. бр. 394**
**Прстен**
**Инв. бр.** 112/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 40
Вис. 2,5см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, лиење, врежување, пунктирање.
Полнолиен прстен со благо нагласени рамења и висока глава, во која е изведено елипсовидно лежиште за камен. Во лежиштето е вметната гема, веројатно античка. На бочните страни има по едмно клинесто задебелување.
Кепеска 2008, 96, сл. 89, сл. 155.2, Т.XXI.9, Т.XXXIV.1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 395**
**Прстен**
**Инв. бр.** 38/V
Задна Река – Грмајте, Витолиште, гроб 3.
Вис. 2,7 см, дијам. над. 2,3 см.
Вронза, лиење.
Полнолиен прстен со нагласени рамења и висока глава во која има лежиште за камен. Рамењата се во вид на подолжни ребра. На бочните страни на главата има по едно клинест задебелување. Каменот е отпаднат од лежиштето.
Кепеска 1995, 29, сл. 34, Т.V.31/1.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 396**
**Прстен**
**Инв. бр.** 196/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 88
Вис. 2,8 см, дијам. вн. 1,9 см.
Сребро, стаклена паста, лемење, филигран, гранулација.
Прстен со висока правоаголна круна со заоблени агли. Горниот дел и основата се порабени со тенка филигранска жица. Во круната има вметнато сферично зрно од темно сина паста. Обрачот е широк изработен од тенок лим, порабен по надолжните страни со филигранска жица со кружен пресек. Меѓу нив има налемен густ преплет од тенка и тордирана филигранска жица. Рамењата и основата на главата се богато декорирани со крупни гранули.
Кепеска 2008, 147, сл. 75, сл. 221.4, Т.XIV.3, Т.XXXIII.2.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 397**
**Прстен**
**Инв. бр.** 251/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 142.
Вис. 2,5 см, дијам. вн. 1,8 см.
Сребро, стаклена паста, лемење, филигран, гранулација.
Прстен со висока кружна круна, налемена на обрачот. Во круната е вметната сферична темно сина стаклена паста, бочните страни се декорирани со филигранска жица извиена во полукругови во кои се сместени мали гроздови од ситни гранули. На рамењата има декорација од три крупни гранули.
Кепеска 2008, 195, сл. 77, сл. 295.1, Т.XIV.8.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 398**
**Прстен**
**Инв. бр.** 644
Некропола, Поткули, Варош.
Вис. 2,6 см, дијам. на алката 2,0 см.
Сребро, стаклена паста, лиење, фасетирање.
Прстен со висока цилиндрична круна во која е вметнат украс од црна стаклена паста. Круната е залемена врз сплеснат обрач од широка лента која има правоаголно конвексен пресек, декорирана со три пластични ребра. Круната е декорирана по рабовите со низа на псевдо гранули.
Културно богатство 1976, 37, кат. бр. 31, сл. 31; Манева 1992, 198, Т.83.61/9.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 399**
**Прстен**
**Инв. бр.** 195/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 88.
Вис. 2,3 см, 2,1см, дијам. вн.1,8 см.
сребро, стаклена паста, лемење, филигран, гранулација.
Алка изработена од тенок лим која е порабена од двете страни по должината со тенка филигранска жица. Краевите имаат налемена кружна плочка од тенок лим, врз која има ниска забеста круна со сферична паста во мрка боја. Кружната и плочеста подлога се богато порабени со два реда на покрупни и поситни гранули. На рамењата има декорација од три крупни гранули, но е сочувана само на едното рамо.

Кепеска 2008, 147, сл. 221.3, Т.XIV.$_{2}$, Т.XXXIII.$_{1}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 400**
**Прстен**
**Инв. бр. 153**/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 55.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,9 см.
Сребро, стаклена паста, лемење, филигран, фасетирање.
Прстен со ниска цилиндрична кружна круна залемена на обрач со правоаголно конвексен пресек чии краеви се широко расковани. Основата на круната и горниот раб се порабени со тордиран филиграски тел, а во круната е вметната темно сина стаклена паста. Рамењата се декорирани со по три крупни гранули.
Кепеска 2008, 114, сл. 178.4, Т.XIV.$_{1}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 401**
**Прстен**
**Инв. бр.** 243/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 121.
Вис 2,2 см, дијам. вн. 2,0 см.
Сребро, стаклена паста, лемење, филигран, гранулација.
Прстен со ниска кружна круна, налемена врз обрач со правоаголно конвексен пресек. Во круната е вметната сферична стаклена паста, со темно сина боја. Основата на круната е порабена со тордирана филигранска жица додека рамењата се украсени со по три крупни гранули.
Кепеска 2008, 176, сл. 76, сл. 265.12, Т.XIV.$_{4}$, Т.XXXIII.$_{6}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 402**
**Прстен**
**Инв. бр.** 174/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 71.
Вис. 2,3 см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, стаклена паста.
Прстен со ниска кружна круна залемена на широк лентест обрач. Во круната има вметнато сферично обликувана стаклена паста во зелена боја.
Кепеска 2008, 127, сл. 201.5. Т.XIX.$_{3}$, Т.XXXIV.$_{2}$
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 403**
**Прстен**
**Инв. бр.** 172/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 71.
Вис. 2,5см., дијам. вн. 1,9см.
Бронза, стаклена паста, ковање, лемење.
Прстен со ниска кружна глава залемена на обрач од тенка лента на која се изведени две плитки канелури. Во круната е вметнато зрно од зелена стаклена паста.
Кепеска 2008, 126, 127, сл. 201-6, Т.XIX.$_{2}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 404**
**Прстен**
**Инв. бр.** 137/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54.
вис. 2,4см, дијам. вн. 1,9 см.
Бронза, стаклена паста, ковање, лемење, филигран, фасетирање.
Прстен со ниска кружна круна, која во основата е порабена со тенок филигрански тељ. Залемена е на широк лентест обрач кој на краевите е раскован. Во круната има вметнато зрно од стаклена паста во зелена боја.
Кепеска 2008, 111, сл. 177.1, Т.XVIII.7.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 405**
**Прстен**
**Инв. бр.** 139/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 54.
Вис. 2,2 см, дијам вн. 1,8.
Бронза, стаклена паста, ковање, лемење, фасетирање.
Прстен со ниска кружна круна залемена на лентест обрач со расковани краеви. Круната во основата е порабена со тенка жица и има зрно од стаклена зелена паста.
Кепеска 2008, 112, сл. 177.3, Т.XVIII.$_{8}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 406**
**Прстен**
**Инв. бр.** 211/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 85.
Вис 2,3 см, дијам. вн. 1,7 см.
Бронза, стаклена паста, лемење.
Прстен со ниска цилиндрична круна, која во основата е обрабена со жица. Круната е залемена врз лентест обрач со расковани краеви. Во неа е вметнато зрно од проѕирна бела стаклена паста.
Кепеска 2008, 142, 143, сл. 218.3, Т.XVIII.$_{9}$.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. 407.**
**Прстен**
**Инв. бр. /**
Страгата, с. Крушевица, гроб 7.
Вис. 2,2 см.
Бронза, стаклена паста, ковање.
Прстен со ниска кружна круна, налемена на обрачот. Во круната е вметната сферична стаклена паста. Околу круната има обрач од тенка жица.
Миткоски, 2002, 18, Т. V.$_{4}$
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 408**
**Прстен**
**Инв. бр.** 255/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 140.
Вис. 2,4 см, дијам. вн. 1,6 см.
Сребро, стаклена паста, лемење, филигран, гранулација.
Прстен со ниска цилиндрична круна залемена на обрач со правоаголно конвексен пресек, порабена со тенка тордирана филигранска жица. Во круната е вметната сферична стаклена паста во сина боја. Основата и е порабена со низа од ситни гранули, над која симетрично се распоредени гроздести орнаменти од гранули.
Кепеска 2008, 193, 194к сл. 291.1, T.XIV.5, T.XXXIII.3.
**ЗЗИМ-Прилеп**

**Кат. бр. 409**
**Прстен**
**Инв. бр.** 244/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 121.
Вис. 2, 9 см, дијам. вн. 2,0 см.
Бронза, стаклена паста, лемење, филигран.
Прстен со висока цилиндрична глава во која е сместен украс од прозрачно бела стаклена паста. Круната е залемена врз обрач изработен од четири меѓу себе споени филигрански жици. Надворешната страна на круната е декорирана со низа на полукругови изведени од филигранска жица.
Кепеска 2008, 175, 176, сл. 265.17, T.XVIII.4.
ЗЗИМ-Прилеп

**Кат. бр. 410**
**Прстен**
**Инв. бр**. 253/V
Трпчева црква, с. Дуње, гроб 140.
Вис. 2,6см, дијам. вн. 1,8 см.
Бронза, стаклена паста, лемење, филигран.
